**ОКТА АД – Скопје**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува на 31 декември 2025 година**
**со Извештај на независниот ревизор**

**Содржина**

| | Страна |
|---|---|
| Годишен Извештај | 1-7 |
| Извештај на независниот ревизор | 1-8 |
| Финансиски извештаи | |
| - Извештај за сеопфатна добивка | 1 |
| - Извештај за финансиската состојба | 2 |
| - Извештај за промени во главнината | 4 |
| - Извештај за парични текови | 5 |
| - Белешки кон финансиските извештаи | 6 - 70 |
| Годишна сметка и објаснувачки белешки | |

**Годишен извештај на ОКТА АД - Скопје за годината што завршува на 31 декември 2025 година**

## Преглед на глобалниот пазар на деривати

Во 2025 година, глобалниот пазар на деривати функционираше во опкружување исполнето со геополитички неизвесности и еволуирачки енергетски политики, што резултираше во повремени осцилации на меѓународните цени. Иако сѐ уште постоеја ризици на страната на понудата - генерално поради регионалните конфликти и променливите трговски патишта - зголеменото производство на главните извозници помогна да се ограничи зголемувањето на цените во споредба со 2024 година. Истовремено, економските услови на големите пазари беа нерамномерни, при што намалената индустриска активност го ограничи растот на побарувачката и придонесе за стабилизација на цените во втората половина од годината.

Во Југоисточна Европа, геополитичките случувања и регулаторните промени продолжија да влијаат врз пазарните услови. Во Северна Македонија, воведувањето на новиот Закон за енергетика во средината на 2025 година и тековните регулаторни прилагодувања влијаеја врз динамиката на цените и конкуренцијата. По благиот пад во 2024 година, локалниот пазар покажа знаци на закрепнување во текот на 2025 година бидејќи бизнисите се прилагодија на промените во побарувачката низ малопродажните, индустриските и извозните канали.

Во овие услови, ОКТА успешно се справи со регионалните флуктуации во снабдувањето и силните притисоци од конкуренцијата како на домашниот така и на извозниот пазар. Компанијата ја задржа својата утврдена водечка позиција во големопродажбата, додека структурата на малопродажниот пазар остана во голема мера непроменета, каде ОКТА, Макпетрол и Лукоил одржуваат стабилни пазарни удели. Регулаторните ценовни правила и неделните прилагодувања продолжија да ја обликуваат локалната динамика на горивата. Генерално, 2025 беше година во која ОКТА се фокусираше на дисциплинирано комерцијално извршување, разумно управување со маржите и насочени стратешки иницијативи за зајакнување на својата позиција на променливиот домашен и регионален пазар.

## Вкупни остварувања на компанијата

ЕБИТДА достигна **652 милиони денари**, надминувајќи ги оние **501 милион денари** прокнижени претходната година. Ваквиот резултат беше поткрепен со **помалиот негативен ефект од вреднувањето на залихите** од **119 милиони денари**, во споредба со **145-те милиони денари** во 2024 година, како и **поголемата продажба кон Државните резерви** и **зголемените приходи од тргување со електрична енергија**. Прилагодената **ЕБИТДА се зголеми на 771 милион денари**, надминувајќи ги **646-те милиони денари** остварени претходната година.

И покрај континуираната нестабилност на глобалните енергетски пазари во текот на 2025 година, **ОКТА остана клучен снабдувач со деривати** во Северна Македонија и поширокиот регион. Компанијата одржуваше **ригорозни стандарди за здравје и безбедност**, обезбедуваше **непречени услуги** на клиентите и дополнително ја зајакна својата посветеност кон заедницата преку таргетирани општествени иницијативи. Истовремено, ОКТА **продолжи да се стреми кон стратешка диверзификација**, унапредувајќи ги инвестициите во **проекти за обновлива енергија** што ја прошируваат базата на приходи на компанијата и ја поддржуваат транзицијата кон еден поодржлив енергетски екосистем.

**Силните финансиски и оперативни резултати** остварени оваа година ја нагласуваат **отпорноста на деловниот модел на ОКТА** и ја потврдуваат ефикасноста на стратегијата што компанијата конзистентно ја спроведува во последите години. Дури и во средина исполнета со зголемена конкуренција и очекувања, ОКТА ја задржа својата **лидерска позиција,** завршувајќи ја 2025 година со **пазарен удел од 67% во Северна Македонија** и **29% во Косово**. Ваквите резултати ја докажуваат способноста на компанијата да се справи со неизвесностите, а воедно и да им обезбеди вредност на клиентите, партнерите и акционерите.

**Главни проекти во 2025 година беа:**

• **12-мегаватна фотоволтаична централа, во** целосна функција; Проширување на **Балансната група** со нови клиенти.
• Започнување на подготовки за инсталација на **батерии за складирање на електрична енергија од 6 мегавати**.
• Продолжување на проектот за **продуктоводот** со тестирање на оперативната подготвеност на истиот.
• Евалуација на **стратешки можности за развој на малопродажбата.**
• Завршена реконструкција на **110-киловолтната трафостаница.**
• Имплементирани **проекти за заштеда на енергија** во сите оперативни активности.
• Надградби на **складирањето на деривати**, кои ги подобрија безбедноста и сигурноста.
• Активности за модернизација на **лабораторијата**.
• Оптимизација на **управувањето со готовина и благајната**.
• Надградби на **инсталацијата за натовар и растовар**.
• Подобрувања на **САП системот за управување со информации**.
• Понатамошна **оптимизација на трошоците** преку автоматизација.
• **Организациско преструктуирање** за подобрување на ефикасноста.
• Зајакнати мерки за **заштита на животната средина.**

Целта на ОКТА е одговорно да им испорачува висококвалитетни производи на клиентите на пазарите каде што работи, обезбедувајќи придобивки како за заедниците, така и за засегнатите страни.

Работење со интегритет, етички, безбедно и транспарентно, е главен приоритет на компанијата. Општествената одговорност е интегрирана во самото деловно работење на компанијата и се фокусира на четири клучни аспекти: вработените и заедниците, здравјето и безбедноста, животната средина и вредностите и управувањето.

ОКТА е посветена на внимателно и одговорно вршење на својата дејност, обезбедување на долгорочен раст, почитување на сите релевантни закони и регулативи, ограничување на влијанието врз животната средина и поддршка на националните развојни цели, притоа придонесувајќи за доброто на локалните заедници.

**Нашите вработени**

ОКТА е посветена на создавање безбедна и одржлива работна средина. Таа е работодавач кој обезбедува еднакви можности, ги промовира различностите и еднаквоста а односот кон сите вработени се базира на почит и праведност. Компанијата има технички, финансиски, комерцијален и административен тим, како и тим за односи со инвеститори. Нашите вработени имаат широк спектар на вештини, искуства и експертизи кои придонесуваат во спроведувањето на стратегијата. Негуваме култура која поддржува мултифункционално работење и поттикнува конструктивна дебата. Нашиот начин на работа овозможува агилни и вмрежени одговори на

засиленото темпо на промени преку балансирање на потребите за стабилност, брзина и флексибилност. Нашите вработени се од клучно значење за одржувањето на конзистентна безбедносна култура – сите ги отелотворуваат нашите лидерски принципи за безбедност – го креваат гласот и ги охрабруваати другите да посочат кога нешто не е како што треба.

**Инвестиции во заедницата и општеството**

Во текот на 2025 година, ОКТА значително ја зајакна својата посветеност на општествената одговорност, проширувајќи го своето позитивно влијание кон целата заедница. Преку продлабочување на партнерствата, проширување на програмите за поддршка и проактивно исполнување на општествените потреби, компанијата покажа дека одговорните и одржливи деловни практики остануваат клучен столб на нејзината долгорочна визија и идентитет.

Во текот на годината, ОКТА имплементираше широк спектар на значајни иницијативи за КОО, вклучувајќи:

• Донација на фотоволтаични централи на:
– ООУ *„Лазо Ангеловски“*, Скопје
– ОУРЦ *„Кочо Рацин“*, Битола
– ДСУРЦ *„Искра“*, Штип
– ДСУРЦ *„Св. Наум Охридски“*, Скопје
– Центарот за обуки на Министерството за внатрешни работи, Скопје

• Донација на фотоволтаични системи и батерии за четири куќи во СОС Детското село, Скопје.
• Финансиска поддршка на Здружението на граѓани за поддршка на лицата со ретка болест Вилсон за хуманитарната трка *„Подај рака 2025“*.
• Стипендии за постдипломци на техничките факултети на *Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“* и меѓународни Универзитети.
• Донација на клупи и столчиња за подрачното училиште *„Браќа “Миладиновци“* во Текија.
• Донација на 6.000 литри масло за греење на Младинската куќа во Радишани, дел од СОС Детското село.
• Обезбедување на пакети со храна за ранливите граѓани преку Црвениот крст на Град Скопје.
• Донација на две H1 возила на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Северна Македонија.
• Донација на противпожарни метли на Противпожарниот сојуз *„Илинден“*.
• Донација на термален дрон на ЈП *„Национални шуми“* за рано откривање на пожари.
• Поддршка за животната средина преку тимбилдинг активност за пошумување во областа Јасен - Козјак.
• Поддршка за културни и дипломатски настани организирани од Грчката амбасада, вклучувајќи го приемот по повод Денот на независноста и настапот на Солунскиот хор.
• Спонзорство на студентската конференција СКЕЕОР на Факултетот за електротехника и информациски технологии.
• Спонзорство на новиот филм на Милчо Манчевски *„Збогум, Копакабано“*.
• Поддршка за големи културни фестивали, како *„Охридско лето“*, *„Скопски џез фестивал“* и *„Оффест“*.
• Организирање на три годишни крводарителски акции во просториите на ОКТА, со масовно учество на вработените.

**Здравје и безбедност**

ОКТА се фокусира на тоа сите вработени да имаат одговорност, информации и ресурси за да можат да го приоретизираат здравјето и безбедноста и да ги имплементираат најдобрите

практики за да се минимизираат можностите за било какви инциденти. Сите видови на работни активности во ОКТА мора да бидат безбедни, без разлика дали задачите се итни, сложени или рутински. Нашата Политика за здравје и безбедност нè обврзува да ги заштитиме здравјето и безбедноста на нашите вработени, да обезбедиме работно место без дискриминација каде што се ценат различностите, се консултираме со вработените и вложуваме во нив.

**Животна средина**

ОКТА посветува големо внимание на ограничувањето на влијанието што нејзините активности го имаат врз животната средина. Компанијата ги исполнува сите регулаторни барања за животната средина во земјата, за да биде сигурна дека целокупната нејзина активност се одвива безбедно. Дополнително, финансиски придонесува кон поддржување на активностите на Министерството за животна средина и просторно планирање насочени кон поттикнување, зачувување, одржливо користење, заштита и унапредување на животната средина, како и кон подготовката, спроведувањето и развојот на програми и проекти за заштита и унапредување на истата.

**Вредности/Управување**

ОКТА е посветена на одговорно и етичко работење низ сите свои деловни активности и не толерира мито или корупција. Компанијата има воспоставено соодветни процеси за спречување и пријавување на такви активности. Од вработените се очекува да се придржуваат до високи етички стандарди.

**Работење на компанијата и пазарно опкружување**

Годишните резултати покажуваат дека ОКТА продолжува да се придржува до својата дисциплинирана финансиска стратегија. Компанијата инвестира дисциплинирано, продолжува да работи успешно додека се трансформира, останува фокусирана на обезбедување на дериватите кои ѝ се потребни на земјата денес, додека во исто време се подготвува за инвестиции кои имаат за цел забрзување на енергетската транзиција.

**Клучни финансиски остварувања во 2025 година**

- **ЕБИТДА достигна 652 милиони денари**, што е зголемување во споредба со остварените **501 милион денари** во истиот период претходната година. Растот ги одразува **поголемите количини на домашниот пазар**, **помалиот негативен ефект од вреднувањето на залихите** (119 милиони денари наспроти 145 милиони денари во 2024 година), **поголемата продажба кон Државните резерви** и **зголемената продажба на електрична енергија**.
- **Приходите од продажба изнесуваа 38.492 милиони денари**, наспроти **44.263 милиони денари** претходната година. Падот првенствено беше предизвикан од **пониските меѓународни цени на горивата** и **намалениот обем на извоз**.
- **Бруто добивката се зголеми на 1.324 милиони денари,** надминувајќи ги **1.169-те милиони денари** од претходниот период. Ваквото зголемување беше поткрепено од **поголемата активност на домашниот пазар, зголемената продажба кон Државните резерви** и **зголеменото тргување со електрична енергија**.
- **Добивката пред оданочување се зголеми значително на 667 милиони денари**, во споредба со **238-те милиони денари** прокнижени претходната година. Ваквиот резултат го одразува враќањето **на Данокот на солидарност од 50 милиони денари** платен во 2023 година, како и **оптимизациите за управување со готовина**, вклучувајќи тука и инвестиции во **орочени депозити со висока камата** и **ефикасност на банкарските провизии**.
- Во согласност со своите стратешки приоритети и посветеноста на иднина со пониски емисии на стакленички гасови, **ОКТА инвестираше 63 милиони денари во проекти за обновлива**

**енергија** во текот на годината, поддржувајќи го долгорочното создавање на вредност и еколошките цели.

**Општа долгорочна перспектива на компанијата**

Долгорочната амбиција на ОКТА е да ја зајакне својата лидерска позиција на пазарот преку постојано испорачување на висококвалитетни производи и услуги, со истовремено унапредување на стратешката трансформација. Клучен приоритет е целосното искористување на **продуктоводот Солун-Скопје и инфраструктурата за складирање** на компанијата, со што би се обезбедила долгорочна безбедност на снабдувањето и регионална конкурентност.

Паралелно, ОКТА **ги проценува стратешките можности на малопродажниот пазар,** истражувајќи опции што би можеле да ја зајакнат пазарната позиционираност на компанијата и ангажманот на клиентите на долг рок.

Е**нергетската транзиција** останува во фокусот на стратегијата на ОКТА. Компанијата има за цел да ја максимизира вредноста на нејзиниот инсталиран **фотоволтаичен капацитет од 12 мегавати** и претстојниот **систем за батериско складирање,** додека дополнително се проширува во **сегментот на обновливи извори на енергија** преку дополнителни инвестиции во фотоволтаични системи и складирање.

ОКТА исто така ќе продолжи да спроведува **таргетирани надградби на инфраструктурата** за да ја подобри оперативната ефикасност и да обезбеди одржливи логистички предности. Подеднакво важно е што компанијата останува посветена на **привлекување, развивање и задржување на висококвалификувани кадри,** знаејќи дека нејзините вработени се неопходни за остварување на идниот раст и постигнувањето на стратешките цели.

**Приоритетите на ОКТА за 2026 година се:**

- Обезбедување на **стабилно и непречено снабдување** на пазарот со висококвалитетни деривати.
- **Проценка на стратешките можности на малопродажниот пазар** за зајакнување на долгорочното позиционирање.
- **Користење на продуктоводот Солун-Скопје како дополнителна транспортна рута** за подобрување на флексибилноста и ефикасноста.
- Одржување на **силно присуство на домашниот и извозниот пазар** во висококонкурентна средина.
- Зајакнување на соработката со **клучни клиенти**.
- Обезбедување на достапност и оптимизација на **резервоарските капацитети**.
- Континуирани **надградби на инфраструктурата** и таргетирани **подобрувања на здравјето и безбедноста.**
- Максимизирање на вредноста на **12-мегаватната фотоволтаична централа** преку договори за купување на електрична енергија и тргување на берзата за електрична енергија; комплетирање на **6-мегаватниот систем за батериско складирање**; и постепено воведување на **брзи полначи** на брендирани и јавни локации.
- Обезбедување можности за континуирана **обука** и развој на вработените.
- Развивање на стратегија за поедноставена соработка со **образовните институции.**
- Да биде еден од **најдобрите работодавци** на домашниот пазар, фокусиран на привлекување и развој на врвни таленти.
- Понатамошна **оптимизација на организациската структура** за подобрување на ефикасноста и агилноста.

- Зајакнување на **планот за сукцесија** за сите клучни позиции.
- Одржување на влијателна **стратегија за општествена одговорност на компанијата** со акцент на иницијативите за зелена енергија.
- Унапредување на **нови технологии и автоматизација**, искористување на можностите на Хеленик Енерџи за зголемување на ефикасноста.
- Максимизирање на **синергиите** како дел од водечка регионална енергетска група.
- Зголемување на **повратот на вложениот капитал** преку дисциплинирано управување со средствата и финансиите.

Раководството на ОКТА постојано ја следи моменталната нестабилна локална, регионална и европска средина и, преку проактивно планирање, ја придвижува компанијата напред преку максимизирање на различните можности кои се појавуваат со цел натамошно подобрување на деловните резултати и ефикасноста.

Во текот на 2025 година, ОКТА:

• **Инвестираше вкупно 241 милиони денари,** распределени на следниов начин:
– 127 милиони денари во инсталации и инфраструктура
– 63 милиони денари во проекти за обновлива енергија
– 8 милиони денари во иницијативи за безбедност и усогласеност
– 13 милиони денари во подобрување на лабораторијата
– 9 милиони денари во надградби на ИТ и ЕРП системот
– 21 милион денари во одржување на мрежата
• Компанијата **изврши трансакции со поврзани лица,** како што е наведено во **Белешка 29** од Финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2025 година.
• ОКТА **не изврши никакви трансакции со заинтересирани лица** во текот на годината.
• Компанијата **немаше долгорочен долг** и затоа не применуваше политика што го поврзува долгорочниот долг со акционерскиот капитал.
• ОКТА **ги ажурираше своите сметководствени политики** за да го вклучи релевантното усвојување на **МСФИ 16**.
• Компанијата **не усвои формална политика за дивиденда.** Распределбата на дивидендата се утврдува годишно на ад-хок основа од страна на Генералното собрание на акционери, по предлог на Управниот одбор, и само по затворањето на крајот од годината и прегледот на финансиската состојба на компанијата.
• На **29 мај 2025 година,** Генералното собрание одобри **распределба на дивиденда од 182.813.760 денари,** што е еднакво на **240,00 денари по акција.**
• ОКТА **се придржуваше кон својата политика за управување со ризици** како што е наведено во **Белешка 3** од Финансиските извештаи и не наиде на никакви позначајни проблеми поврзани со ризици.
• Надоместоците исплатени на управните тела вклучуваа:
– **12,9 милиони денари** бруто плата на членот на Извршниот одбор
– **2,0 милиони денари** дополнителни придонеси
– **5,2 милиони денари** вкупни надоместоци на неизвршните членови на одборот
• Компанијата ја назначи фирмата **„Ернст и Јанг Овластени ревизори“ ДООЕЛ – Скопје** за овластен ревизор на годишните сметки и финансиските извештаи за 2025 година. ЕЈ **не беше ангажирана,** директно или преку подружници, за обезбедување на други услуги на компанијата во текот на годината.

Во текот на годината беа одржани 6 (шест) редовни состаноци на Управниот одбор на ОКТА, а во 5 (пет) наврати Управниот одбор донесуваше одлуки по писмен пат, без одржување на состанок. Детален список на членовите на Управниот одбор на ОКТА и присуството на редовните состаноци што се одржаа во текот на годината е даден во продолжение:

| Членови на Надзорниот одбор | Присуство на состаноци |
|---|---|
| Вук Радовиќ, Претседател и неизвршен член на УО | Присутен на 6 од 6 редовни состаноци во 2025 |
| Василиос Багиокос, Заменик претседател и неизвршен и независен член на УО | Присутен на 6 од 6 редовни состаноци во 2025 |
| Димитриос Пасхос, Извршен член на УО и Главен извршен директор | Присутен на 6 од 6 редовни состаноци во 2025 |
| Дионисиос Роутсис, неизвршен член на УО | Присутен на 6 од 6 редовни состаноци во 2025 |
| Андреас Триантопоулос, неизвршен член на УО | Присутен на 6 од 6 редовни состаноци во 2025 |
| Панос Схиатис, неизвршен член на УО | Присутен на 5 од 6 редовни состаноци во 2025 |
| Тхеодора Петроула, неизвршен и независен член на УО | Присутна на 6 од 6 редовни состаноци во 2025 |

Димитриос Пасхос

Главен извршен директор

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво

Ernst & Young Certified Auditors Ltd - Skopje
Zeleznicka Street No.41/1, Business
Enterprise Centre, 5th Floor
1000 Skopje,
Republic of North Macedonia

Tel: (+389 2) 311 33 10
www.ey.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## До акционерите на ОКТА АД Скопје

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

### Мислење со резерва

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на ОКТА АД Скопје (Друштвото), коишто ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025, како и извештајот на сеопфатна добивка, извештајот за промените во капиталот и извештајот за паричните текови за годината што завршува на тој датум, заедно со белешките кон финансиски извештаи, вклучувајќи ги и информациите за материјалните сметководствени политики.

Според наше мислење, освен за можните ефекти од прашањето опишано во делот „Основа за мислење со резерва" од нашиот извештај, придружните финансиски извештаи вистинито и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Друштвото на ден 31 декември 2025 година, како и неговото финансиско работење и паричните текови за годината што завршува на тој датум, во согласност со применливите сметководствени стандарди во Република Северна Македонија.

### Основа за мислење со резерва

Според одредбите на Договорот за купопродажба и концеција од 8 мај 1999 година склучен помеѓу ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А (матичната компанија на ОКТА Рафинерија на нафта АД Скопје) и Владата на Република Северна Македонија, Друштвото има евидентирано побарувања за периодот од 2000 до 2004 година во износ од 769.497 илјади денари на 31 декември 2025 година (31 декември 2024 година: 769.497 илјади денари) кои се однесуваат на периодот пред превземањето. Ние не добивме доволно соодветни ревизорски докази врз основ на кои би можеле да оцениме дали Друштвото ќе биде во можност да ги наплати овие побарувања. Исто така Друштвото на 31 декември 2025 година има евидентирано обврски кон добавувачи кои се однесуваат на периодот пред превземањето во износ од 168.147 илјади денари (31 декември 2024: 188.921 илјади денари) кои немаат движење од 2005 година, освен за курсните разлики. Ние не добивме доволно соодветни ревизорски докази врз основ на кои би можеле да оцениме дали Друштвото сеуште има обврска да го подмири овој износ. Како резултат на тоа, ние не бевме во можност да утврдиме дали одредени корекции на дадените износи со 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година биле потребни. Нашето ревизорското мислење на финансиските извештаи кои се однесуваат на годината што завршува на 31 декември 2024 беше мислење со резерва за истото прашање.

Ние извршивме ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Нашите одговорности согласно овие стандарди се дополнително опишани во делот „Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиски извештаи“ од овој извештај. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители на Меѓународниот одбор за стандарди на етика за сметководители (вклучувајќи ги Меѓународните стандарди за независност) (IESBA Кодексот), прифатен во Република Северна Македонија и објавен во „Службен весник“ бр. 273 од 30 декември 2024 година, како што се применливи за ревизии на финансиски извештаи на субјекти од јавен интерес, заедно со етичките барања кои се релевантни за ревизии на финансиските извештаи на субјекти од јавен интерес во РС Македонија. Исто така, ние ги исполнивме и нашите други етички обврски во согласност со овие барања и со IESBA Кодексот прифатен во Република Северна Македонија и објавен во „Службен весник“ бр. 273 од 30 декември 2024 година.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги обезбедивме се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење со резерва.

**Клучни ревизорски прашања**

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои, според нашата професионална проценка, беа од најголемо значење во нашата ревизија на финансиските извештаи за тековниот период. Овие прашања беа разгледувани во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи како целина и при формирањето на нашето мислење за нив, и не изразуваме посебно мислење за овие прашања. За секое прашање подолу, нашиот опис за тоа како ревизијата го адресирала прашањето е даден во тој контекст. Покрај прашањето опишано во делот „Основа за мислење со резерва“, ние ги утврдивме прашањата опишани во табелата подолу како клучни ревизорски прашања што треба да бидат комуницирани во овој извештај.

Ние ги исполнивме одговорностите опишани во делот „Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи“, во нашиот извештај, вклучително и во однос на овие прашања. Соодветно на тоа, нашата ревизија опфати изведување постапки дизајнирани да одговорат на нашата проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи. Резултатите од нашите ревизорски постапки, вклучувајќи ги постапките преземени за адресирање на прашањата подолу, претставуваат основа за нашето ревизорско мислење за придружните финансиски извештаи.

<table>
<tr><th>Клучни ревизорски прашања</th><th>Како нашата ревизија го адресираше клучното прашање</th></tr>
<tr><td colspan="2">Приходи од договори со купувачи<br><br>Обелоденувањата на Друштвото поврзани со признавањето на приходите се прикажани во белешките 2.2 (б) Приходи од договори со купувачи, 2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки и 4.1 Приходи од договори со купувачи во финансиските извештаи.</td></tr>
<tr><td>Во финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2025 година, Друштвото пријави приходи од договори со купувачи во износ од 38.492.218 илјади денари.<br><br>Со оглед на природата на своите операции, приходот е клучен индикатор за перформанси за друштвото и дополнително претпоставено е подложен на измами. Соодветно, посветивме значително внимание на нашите ревизорски процедури поврзани со признавањето на приходите, и конкретно на појавата и признавањето на приходите во соодветниот сметководствен период.<br><br>Со оглед на горенаведените размислувања, утврдивме дека приходите од договори со купувачи претставуваат клучно ревизорско прашање.</td><td>Во оваа област, нашите ревизорски процедури вклучуваа, меѓу другото:<ul><li>Ние стекнавме разбирање за процесот на признавање на приходите, ја идентификувавме и ја тестиравме ефикасноста на дизајнот на поврзаните контролни процедури спроведени од страна на раководството;</li><li>Ние ја оценивме соодветноста на сметководствените политики за признавање на приходи на друштвото во согласност со барањата на МСФИ 15, кои друштвото ги усвои од 1 јануари 2025 година.</li><li>Вклучивме наши внатрешни специјалисти за финансиско сметководствено советување за да ни помогнат во оценувањето на целосноста на проценката на влијанието врз друштвото од првото усвојување на МСФИ 15, преку стекнување разбирање и извршување анализа на сите значајни договори за приходи на друштвото во согласност со барањата на МСФИ 15;</li><li>Тестиравме примерок на кредитни белешки издадени на купувачи поврзани со попусти за обем за</li></ul></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | целосност, преку споредба со примарни сметководствени документи, како што се договори, и извршивме пресметки за проверки;<br>• Извршивме процедури за временски пресек (cut-off) користејќи намалени прагови<br>• Користејќи ги целосните податоци од главната книга, извршивме анализа на корелација помеѓу приходите, побарувања од купувачи и готовината и ги истраживме сите значајни трансакции кои не ги исполнија нашите очекувања.<br>• Извршивме тестови на детали за појавување и мерење на приходите признати во текот на годината преку следење примерок на трансакции до примарни документи (вклучувајќи документи за испорака и банкарски изводи).<br>• Ние ја оценивме соодветноста на обелоденувањата поврзани со признавањето на приходите во финансиските извештаи на друштвото. |

**Други информации освен финансиските извештаи и ревизорскиот извештај за нив**

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации кои што ги добивме пред датумот на нашиот ревизорски извештај ги опфаќаат годишниот извештај за работење, вклучувајќи ја и годишната сметка, подготвени од раководството во согласност со барањата од член 384 од Законот за трговските друштва, но не ги вклучува финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај за нив.

Нашето мислење за финансиските извештаи не ги опфаќа другите информации, и ние не изразуваме никаква форма на уверување за нив, освен и во обемот што е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и, при тоа, да разгледаме дали тие се материјално неусогласени со финансиските извештаи или со нашето знаење стекнато во ревизијата или пак на кој било друг начин изгледаат материјално погрешно прикажани. Ако, врз основа на работата што ја извршивме, заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување во тие други информации, должни сме да го пријавиме тој факт.

Како што е опишано во делот „Основа за мислење со резерва" погоре, не бевме во можност да обезбедиме доволни и соодветни ревизорски докази во врска со тоа дали Друштвото ќе биде во можност да ги наплати побарувањата во износ од 769.497 илјади денари и дали друштвото сѐ уште е обврзано да ги исплати обврски кон добавувачи во износ од 168.147 илјади МКД. Соодветно на тоа, не бевме во можност да заклучиме дали другите информации се материјално погрешно прикажани во однос на ова прашање.

**Одговорности на раководството и на оние задолжени за управување со финансиски извештаи**

Раководството е одговорно за подготовката и презентирањето на финансиските извештаи кои вистинито и објективно ја прикажуваат состојбата, во согласност со сметководствените стандарди применливи во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола каква што ќе ја утврди како неопходна за да овозможи подготовка на финансиските извештаи без материјални погрешни прикажувања, без разлика дали тие произлегуваат од измама или грешка.

При подготовката на финансиските извештаи, раководството е одговорно за оценување на способноста на Друштвото да продолжи со работење на принципот на континуитет, за обелоденување, кога е применливо, на прашања поврзани со континуитетот на работењето и за користење на принципот на континуитет како основа за сметководство, освен во случај кога раководството има намера да го ликвидира Друштвото или да ги прекине операциите, или пак нема реална алтернатива освен да го стори тоа.

Лицата задолжени за управување се одговорни за надзор над процесот на финансиско известување на Друштвото.

**Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи**

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога такво постои.

Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

EY Building a better working world

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.

- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на нашата ревизија.

Исто така, на оние задолжени за управување им даваме изјава дека ги почитуваме релевантните етички барања поврзани со независноста и ги информираме за сите односи и други прашања што разумно би можеле да влијаат врз нашата независност, како и, каде што е применливо, за преземените активности за елиминирање на закани или применети мерки на заштита.

Од прашањата што ги комуницираме со оние задолжени за управување, ги определуваме оние што биле од најголемо значење во ревизијата на финансиски извештаи за тековниот период и затоа претставуваат клучни ревизорски прашања. Овие прашања ги опишуваме во нашиот ревизорски извештај, освен ако закон или регулатива не забранува нивно јавно обелоденување или кога, во исклучително ретки околности, утврдиме дека одредено прашање не треба да биде комуницирано во нашиот извештај, бидејќи негативните последици од тоа разумно би се очекувало да ги надминат придобивките за јавниот интерес од таквата комуникација.

### Извештај за Други Законски и Регулаторни Барања

Како што е опишано погоре во делот Други Информации освен финансиските извештаи и ревизорскиот извештај за нив, раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготовка на годишниот извештај за работењето за годината што завршува на 31 декември 2025 година во согласност со член 384/240 од Законот за трговските друштва.

Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на конкретниот годишен извештај со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата од член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Според нашето мислење, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото на и за годината што завршува на 31 декември 2025 се, конзистентни во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година, за кои изразивме мислење со резерва во делот „Извештај за ревизијата на финансиските извештаи“ погоре.

Како што е опишано во делот „Основа за мислење со резерва“ погоре, не бевме во можност да обезбедиме доволни и соодветни ревизорски докази во врска со тоа дали Друштвото ќе биде во можност да ги наплати побарувањата во износ од 769.497 илјади денари и дали друштвото сѐ уште е обврзано да ги исплати обврски кон добавувачи во износ од 168.147 илјади МКД. Соодветно на тоа, не бевме во можност да заклучиме дали другите информации се материјално погрешно прикажани во однос на ова прашање.

Партнерот одговорен за ревизијата што резултираше со овој независен ревизорски извештај е Владимир Соколовски.

| | |
|---|---|
| Владимир Соколовски | Владимир Соколовски |
| Управител | Овластен ревизор |

Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО, Скопје

Скопје, 2 април 2026 година

## Одбор на директори

Претседател на Одборот на директори, г. Вук Радовиќ,
Зам. Прет. на Одборот на директори, г. Василиос Багиокос,
Извршен член на Одборот на директори, г. Димитриос Пасхос,
Член на Одборот на директори, г. Андреас Триантопоулос,
Член на Одборот на директори, г. Дионисиос Роутсис,
Член на Одборот на директори, г. Панос Схиатис
Член на Одборот на директори, г-а Тхеодора Петроула,

## Седиште

Ул. 1 бр. 25 н.м. Миладиновци, Илинден
1000 – Скопје
Република Северна Македонија

## Регистарски и даночен број

Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС): 4074009
Единствен даночен број: 4030980254845

## Ревизор

Ернс и Јанг овластени ревизори ДОО Скопје
Ул. Железничка бр. 41/1, 5ти спрат,
1000 – Скопје
Република Северна Македонија

(сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку назначено)

| **Извештај за сеопфатна добивка** | **Белешка** | **Година завршена на 31 декември 2025** | **2024** |
|---|---|---|---|
| Приходи од договори со купувачи | 4.1 | 38.492.218 | 44.263.696 |
| Трошоци содржани во продадени производи | 4.2 | (37.168.021) | (43.094.978) |
| **Бруто добивка** | | **1.324.197** | **1.168.718** |
| Трошоци за оператива и логистика | 4.3 | (398.042) | (561.363) |
| Административни трошоци | 4.4 | (235.939) | (221.943) |
| Продажни и дистрибутивни трошоци | 4.5 | (143.797) | (152.527) |
| Други оперативни приходи | 4.6 | 56.637 | 13.026 |
| Други оперативни трошоци | 4.7 | (4.191) | (9.836) |
| **Добивка од редовно работење** | | **598.865** | **236.075** |
| Финансиски приходи | 4.8 | 79.753 | 19.350 |
| Финансиски трошоци | 4.8 | (11.829) | (17.496) |
| Финансиски приходи/(трошоци) - нето | | **67.924** | **1.854** |
| **Добивка пред оданочување** | | **666.789** | **237.929** |
| Данок на добивка | 5 | (93.512) | (20.502) |
| **Добивка за годината** | | **573.277** | **217.427** |
| **Други сеопфатни добивки** | | | |
| *Други сеопфатни добивки кои можат да се класификуваат во добивка или загуба во идните периоди* | | | |
| Промена на објективната вредност на финансиски средства расположливи за продажба | | 3.539 | 6.086 |
| **Други сеопфатни добивки кои можат да се класификуваат во добивка или загуба во идните периоди** | | **3.539** | **6.086** |
| *Други сеопфатни добивки кои нема да се класификуваат во добивка или загуба во идните периоди* | | | |
| Промена на обврските за бенефиции на вработени | | 572 | (1.894) |
| **Други сеопфатни добивки кои нема да се класификуваат во добивка или загуба во идните периоди** | | **572** | **(1.894)** |
| **Останати сеопфатна добивки за годината, нето од даноци** | | **4.111** | **4.192** |
| **Вкупна сеопфатна Добивка за годината, нето од даноци** | | **577.388** | **221.619** |
| **Информации за заработка по акција:** | | | |
| **Основна и разводнета добивка по акција** | 6 | **0,75** | **0,27** |

(сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку назначено)

## Извештај за финансиската состојба

| | Белешка | На 31 декември 2025 | На 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 7 | 34.285 | 29.995 |
| Недвижности. постројки и опрема | 8 | 1.474.602 | 1.332.071 |
| Средства со право на користење | 15 | 22.204 | - |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 9 | 22.977 | 19.438 |
| Останати долгорочни побарувања | 4.6;11 | 24.859 | - |
| Одложени даночни средства | 5 | 16.022 | 24.067 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.594.949** | **1.405.571** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 10 | 629.855 | 917.632 |
| Побарувања од купувачи | 11 | 146.024 | 215.591 |
| Останати побарувања | 11 | 853.722 | 850.443 |
| Побарувања за данок на добивка | | - | 14.700 |
| Пари и парични средства | 12 | 3.659.664 | 3.076.782 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.289.265** | **5.075.148** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **6.884.214** | **6.480.719** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 13 | 2.472.820 | 2.472.820 |
| Сопствени акции | 13 | (502.796) | (502.796) |
| Законски резерви | 13 | 494.718 | 494.718 |
| Ревалоризациони и останати резерви | 13 | 853.711 | 632.173 |
| Задржана добивка | 13 | 1.646.822 | 1.473.786 |
| **Вкупно капитал** | | **4.965.275** | **4.570.701** |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Обврски за бенефиции на вработени | 14 | 13.074 | 13.789 |
| Обврски за лизинг | 15 | 10.197 | - |
| Обврски за минимален глобален данок | 5 | 24.210 | - |
| **Вкупно долгорочни обврски** | | **47.481** | **13.789** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 16 | 766.589 | 938.761 |
| Обврски за лизинг | 15 | 11.243 | - |
| Обврски за данок на добивка | 5 | 41.042 | - |
| Останати тековни обврски вклучувајќи резервирања | 16 | 1.052.584 | 957.468 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.871.458** | **1.896.229** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **6.884.214** | **6.480.719** |

(сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку назначено)

Финансиските извештаи на ОКТА АД - Скопје беа одобрени за издавање на 19 февруари 2026 година од страна на Раководството и беа предмет на одобрување на Одборот на Директори на 24 февруари 2026. Овие финансиски извештаи исто така ќе бидат предмет на одобрување од Собранието на Акционери.
Потписници во името на Раководството на ОКТА АД - Скопје:

| | |
|---|---|
| Димитриос Пасхос | Божидар Павлов |
| Главен извршен директор | Финансиски директор |

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво

## Извештај за промени во главнината

| | **Акционерски капитал** | **Сопствени акции** | **Законски резерви** | **Ревалоризациони и останати резерви** | **Задржана добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2024** | **2.472.820** | **-** | **494.718** | **967.291** | **917.049** | **4.851.878** |
| Нето добивка за 2024 | - | - | - | - | 217.427 | 217.427 |
| Вреднување на средствата наменети за продажба | - | - | - | 6.086 | - | 6.086 |
| Сеопфатена загуба | - | - | - | (1.894) | - | (1.894) |
| **Вкупно Сеопфатна Добивка** | **2.472.820** | **-** | **494.718** | **971.483** | **1.134.476** | **5.073.497** |
| Откуп на сопствени акции | - | (502.796) | - | - | - | (502.796) |
| Реинвестирана добивка | - | - | - | (339.310) | 339.310 | - |
| **Состојба на 31 декември 2024** | **2.472.820** | **(502.796)** | **494.718** | **632.173** | **1.473.786** | **4.570.701** |
| **Состојба на 1 јануари 2025** | 2.472.820 | (502.796) | 494.718 | 632.173 | 1.473.786 | 4.570.701 |
| Нето добивка за 2025 | - | - | - | - | 573.277 | 573.277 |
| Вреднување на средствата наменети за продажба | - | - | - | 3.539 | - | 3.539 |
| Сеопфатен приход | - | - | - | 572 | - | 572 |
| **Вкупно Сеопфатна Добивка** | **2.472.820** | **(502.796)** | **494.718** | **636.284** | **2.047.063** | **5.148.089** |
| Објавена дивиденда | - | - | - | - | (182.814) | (182.814) |
| Реинвестирана добивка | **-** | **-** | **-** | 217.427 | (217.427) | - |
| **Состојба на 31 декември 2025** | **2.472.820** | **(502.796)** | **494.718** | **853.711** | **1.646.822** | **4.965.275** |

(сите износи се во илјади денари, освен доколку не е поинаку назначено)

## Извештај за парични текови

| | Година завршена на 31 декември 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | |
| Добивка пред оданочување | **666.789** | **237.929** |
| *Корекции за:* | | |
| Амортизација | 94.273 | 252.268 |
| Амортизација на средства со право на користење | 11.489 | - |
| Надоместоци за оштетување | - | 669 |
| Исправка на залихите | 14.532 | 12.988 |
| Приходи од камати | (61.494) | (19.350) |
| Трошоци за камати и банкарски провизии | 11.829 | 14.656 |
| **Парични средства добиени од работењето пред промени во работен капитал** | **737.418** | **499.160** |
| | | |
| **Паричен тек од оперативни активности** | | |
| Намалување/(Зголемување) на залихите | 273.245 | (134.147) |
| Намалување/ (Зголемување) на побарувањата | 56.129 | 386.161 |
| Зголемување/(Намалување) на обврските | (45.447) | (98.238) |
| **Парични средства добиени од работењето** | **1.021.345** | **652.936** |
| | | |
| Платени за камати и банкарски провизии | (11.829) | (14.656) |
| Платен данок на добивка | (28.066) | (21.795) |
| **Нето паричен тек од/( користен во) оперативни активности** | **981.450** | **616.485** |
| | | |
| **Паричен тек од инвестициони активности** | | |
| Набавки на недвижности. постројки и опрема | (264.979) | (257.125) |
| Примени дивиденди | 87 | 766 |
| Примени камати | 61.494 | 19.350 |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **(203.398)** | **(237.009)** |
| | | |
| **Паричен тек од финансиски активности** | | |
| Исплатени дивиденди | (182.153) | - |
| Набавка на сопствени акции | - | (502.796) |
| Исплатена главница и камата на обврски за лизинг | (13.017) | - |
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | **(195.170)** | **(502.796)** |
| | | |
| **Нето зголемување на пари и парични средства** | **582.882** | **(123.320)** |
| | | |
| Пари и парични средства на 1 јануари | 3.076.782 | 3.200.102 |
| **Пари и парични средства на 31 декември (Белешка 12)** | **3.659.664** | **3.076.782** |

## 1. Општи информации

ОКТА АД - Скопје (во понатамошниот текст Друштвото) е акционерско друштво основано на 26 март 1980 година. Друштвото е 85,59% во сопственост на ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А., компанија е контролирана од HelleniQ Energy. Мајката компанија е со седиште во Грција.

Главните активности на Друштвото се трговија, увоз, производство и намешување на нафтени деривати. Основни продукти се бензини, дизели, мазут, ТНГ, керозин. ОКТА има водечка позиција во набавка и трговија со нафтени деривати. Друштвото ја користи рафинеријата и инсталациите во Скопје за увоз, складирање и продажба на нафтени деривати.

Почнувајќи од јули 2013 ОКТА котира на Македонската берза за хартии од вредност.

На 31 декември 2025 година, Друштвото има 241 вработени (2024: 260 вработени).

Адресата на Друштвото е следна: Улица 1 број 25
Миладиновци, Илинден
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Финансиските извештаи на ОКТА АД - Скопје беа одобрени за издавање на 19 февруари 2026 година од страна на Раководството и беа предмет на одобрување на Одборот на Директори на 24 февруари 2026. Овие финансиски извештаи исто така ќе бидат предмет на одобрување од Собранието на Акционери.

## 2. Значајни сметководствени политики

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на историски трошок, освен за инвестициските недвижности, кои се мерат по објективна (фер) вредност.

Финансиските извештаи се презентирани во македонски денари, а сите износи се заокружени на најблиска илјада денари (МКД илјади), освен ако не е поинаку наведено.

Основните сметководствени политики применети при изготвувањето на овие финансиски извештаи се изнесени подолу. Овие политики се конзистентно применети во прикажаните години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1 Основи за подготовка

**Изјава за усогласеност**

Овие финансиски извештаи се подготвени, во согласност со Правилникот за сметководство објавен во Службен весник бр. 75/2024 (Правилник), со кој се објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ том 2023) (во понатамошниот текст „сметководствени стандарди применливи во Република Северна Македонија“).

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.1 Основи за подготовка (продолжение)

**Изјава за усогласеност (продолжение)**

Овој Правилник за сметководство ги опфаќа Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди (МСФИ) - МСФИ 1 до МСФИ 41, Комитетот за толкувања на меѓународното финансиско известување (МСФИ) - МСФИ 1 до МСФИ 23 и Толкувањата на Постојаниот комитет за толкувања (СКИ) кои ги опфаќаат СКИ 7 до СКИ 32. Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, СКИФИ и СКИ) се во сила во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 кој е во сила почнувајќи од 1 јануари 2028 година. Со измената на Правилникот објавена во Службен весник бр. 274/2024, МСФИ 9 стапи на сила (во Република Северна Македонија) почнувајќи од 1 јануари 2028 година и според упатствата дадени од Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 и МСФИ 4, како што се објавени во Службен весник бр. 159/2009. Остануваа важечки сметководствени стандарди за финансиски инструменти и договори за осигурување до тој датум.

Друштвото ги применува сите релевантни стандарди и измените и интерпретациите кои се објавени во Службен Весник бр 274/2024. Бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во сила за периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот и објаснето погоре. Следствено, МСФИ 1 не е применлив, а Друштвото ги примени специфичните преодни одредби за сите важечки сметководствени стандарди, како што е објаснето понатаму во текстот.

Финансиските извештаи се подготвени, во согласност со Законот за трговски друштва (објавен во Службен весник бр, 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022 и 272/2024 и 191/2025).

Повеќе информации за природата и ефектите од промените што произлегуваат од усвојувањето на новиот Правилник за сметководство се објавени во Забелешка 2.3.

**Принцип на континуитет**

Глобалниот пазар на нафта и нафтени деривати во изминатите години беше под значително влијание на геополитичките тензии, вклучувајќи го и тековниот конфликт во Источна Европа по руската инвазија врз Украина и кризата на Блискиот Исток. Овие настани придонесоа за зголемување на инфлацијата, прекини во снабдувањето и зголемена нестабилност на цените на енергијата. Како одговор, централните банки ширум светот спроведоа монетарни мерки, вклучително и прилагодување на каматните стапки и интервенции во ликвидноста, за да ја намалат инфлацијата и да ја поддржат економската стабилност. Додека овие фактори го обликуваа поширокото пазарно опкружување, работењето на друштвото остана воглавно незасегнато, покажувајќи отпорност во услови на економска и геополитички нестабилност.

**3. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.1 Основи за подготовка (продолжение)**

**Принцип на континуитет (продолжение)**

Овие финансиски извештаи се подготвени врз основа на принципот на континуирано работење, што претпоставува реализација на средствата и обврските во нормалниот тек на работењето.

Менаџментот на Друштвото направи целокупна проценка на влијанието на моменталната макроекономска средина и настаните врз подготовката и презентирањето на овие финансиски извештаи, и подготви бизнис план за претстојните пет години од датумот на овие финансиски извештаи, земајќи ја предвид проценката на континуираните влијанија врз оперативното работење од економските, пазарните и геополитичките нарушувања (војна Украина-Русија и Блискиот Исток).

Менаџментот заклучи дека не постои материјална неизвесност што може да има значителен сомнеж врз способноста на Друштвото да продолжи со работењето непрекинато и затоа е соодветно да се подготват финансиските извештаи врз основа на принципот на непрекинато работење.

**Конзистентност**

Презентацијата и класификацијата на ставките во финансиските извештаи е задржана од еден период до следниот освен, ако не е очигледно дека промена во природата на работењето на ентитетот, прегледот на финансиските извештаи налага друга презентација или класификација која е по соодветна.

Главните промени во споредбените податоци се однесуваат на прекласификации на приходите од продажба на електрична енергија и поврзаните трошоци за тргувана електрична енергија, кои се резултат на зголеменото работење на друштвото со електрична енергија. Промените во презентацијата не влијаат значително врз содржината на финансиските извештаи. Промените се објаснети и опишани во Забелешка 2.6 Споредбени информации.

**2.2 Преглед на сметководствените политики**

**а) Трансакции во странска валута**

**Функционална и презентациска валута**

Ставките вклучени во финансиските извештаи на Друштвото се мерени користејќи ја валутата на примарното економско окружување во кое Друштвото ги извршува своите операции (функционална валута) која е Македонски денари (МКД).

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

#### а) Трансакции во странска валута (продолжение)

**Трансакции и салда**

Трансакциите во странска валута се префрлени во функционалната валута користејќи ги девизните курсеви на датумот на трансакцијата или вреднувањето во случај кога ставките се повторно мерени. Добивките и загубите од промена на девизни курсеви при срамнување на таквите трансакции и од префрлување на монетарните средства и обврски деноминирани во странски валути по девизните курсеви на крајот на годината се признаени во Извештајот за сеопфатна добивка. Паричните средства и обврски искажани во странска валута на датумот на изготвување на Извештајот за финансиска состојба се претвораат во денари според средниот девизен курс на Народна Банка на Република Северна Македонија важечки на денот на Извештајот за финансиска состојба.

Добивките и загубите од промена на девизните курсеви се презентирани во Извештајот за сеопфатна добивка во линијата Финансиски приходи/ трошоци (нето).

Трансакциите во странски валути на Друштвото претежно се во Евра (ЕУР) и Американски долари (УСД). Девизните курсеви користени при префрлување на салдата на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година се како што следи:

| **Девизен курс:** | **31 декември 2025** | **31 декември 2024** |
|---|---|---|
| | МКД | МКД |
| ЕУР | 61,49 | 61,49 |
| УСД | 52,31 | 58,88 |
| ГБП | 70,59 | 74,13 |

#### б) Приходи од договори со купувачи

Основната дејност на Друштвото е поврзана со продажба на нафтени деривати, производство и тргување со електрична енергија. Приходите од договори со купувачи се признаваат кога контролата врз добрата или услугите ќе се пренесе на купувачот, во износ кој го одразува надоместокот на кој Друштвото очекува да има право во замена за тие добра или услуги. Друштвото генерално заклучува дека настапува како главен носител во договорите за приходи, освен за услугите каде што дејствува како агент, бидејќи вообичаено ја контролира стоката или услугата пред нејзиниот пренос на купувачот.

Обелоденувањата во врска со значајни сметководствени проценки и претпоставки поврзани со приходите од договори со купувачи се прикажани во Белешка 2.4.

**Продажба на добра (нафтени деривативи)**

Приходите од продажба на добра се признаваат во одреден момент, во времето кога контролата врз добрата се пренесува на купувачот, што вообичаено се случува при испорака на добрата. Вообичаениот рок на плаќање изнесува од 0 до 30 дена од датумот на испорака.

**2.Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**б) Приходи од договори со купувачи (продолжение)**

Друштвото оценува дали во договорот постојат и други ветувања кои претставуваат посебни обврски за извршување, на кои треба да им се алоцира дел од цената (на пример, гаранции, програми за лојалност на купувачи). При утврдување на трансакциската цена за продажба на добрата, Друштвото ги разгледува ефектите од варијабилниот надоместок, постоењето на значајна финансиска компонента и надоместок што му се должи на купувачот (доколку постои).

***(i) Варијабилен надоместок***
Доколку надоместокот во договорот вклучува варијабилен износ, Друштвото го проценува износот на надоместокот на кој ќе има право во замена за преносот на стоката на купувачот. Варијабилниот надоместок се проценува на датумот на склучување на договорот и се ограничува сè додека не стане високо веројатно дека нема да дојде до значително поништување на веќе признаените кумулативни приходи, кога неизвесноста поврзана со варијабилниот надоместок последователно ќе се разреши.

Друштвото, исто така, ретроспективно одобрува количински рабати на одредени купувачи откако количината на купени добра во текот на периодот ќе го надмине прагот утврден во договорот. Правото на купувачот на количински рабати претставуваат варијабилен надоместок.

- **Количински рабати**

Друштвото ретроспективно одобрува количински рабати на одредени купувачи откако количината на купени производи во текот на периодот ќе го надмине договорно утврдениот праг. Рабатите се нетираат со износите што ги должи купувачот.

За целите на проценка на надоместокот за очекуваните идни рабати, Друштвото го применува методот на најверојатен износ за договори со еден количински праг, а методот на очекувана вредност за договори со повеќе количински прагови. Изборот на методот кој ја обезбедува најдобрата проценка на варијабилниот надоместок првенствено зависи од бројот на количински прагови содржани во договорот. Потоа, Друштвото ги применува барањата за ограничување на проценките на варијабилниот надоместок и признава обврска за надомест (обврска за рабати) за очекуваните идни рабати.

**Продажба на електрична енергија**
Приходот од продажба на електрична енергија се признава со текот на времето, бидејќи клиентот истовремено ги прима и троши придобивките. Друштвото процени дека има право на надомест од клиентот во износ што директно одговара на вредноста продадена на клиентот до денес и затоа, Друштвото признава приход во износот кој има право да го фактурира.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**б) Приходи од договори со купувачи (продолжение)**

**Договорни салда**

***Договорни средства***

Договорната обврска претставува обврска за пренос на стоки или услуги на клиентот за кои Друштвото има примено надомест (или надоместот е побарувачка) од клиентот. Доколку клиентот го плати надоместот пред Друштвото да ги пренесе стоките или услугите на клиентот, договорна обврска се признава кога е извршена уплатата или кога надоместот станува доспеан за плаќање (кое и да настане прво). Договорните обврски кон клиентите се признаваат како приход кога Друштвото ги исполнува своите обврски согласно договорот.

***Побарувања од купувачи***

Побарување од купувач се признава кога Друштвото има безусловно право на надомест, односно кога единствено е потребно поминување на време за плаќањето да доспее. Обрнете внимание на сметководствените политики за финансиски средства наведени во делот е) Финансиски инструменти и почетно признавање и последователно мерење.

***Договорни обврски***

Договорна обврска претставува обврска на Друштвото да пренесе добра или услуги на купувачите за кои Друштвото има примено надомест, или за кои надоместот доспеал.
Доколку купувачот го изврши плаќањето пред Друштвото да ги пренесе соодветните добра или услуги, договорна обврска се признава при плаќањето или кога плаќањето доспева. Договорните обврски кон купувачите се признаваат како приход кога Друштвото ќе ги исполни обврските од договорот.

**Сметководствена политика за признавање на приход пред 1 јануари 2025 година**

Приходот ја опфаќа објективна вредност на примениот или побаруваниот надомест за продажба на производи, малопродажни стоки и услуги намалени за данок на додадена вредност, акциза, попусти и рабати. Продажбата на добра и малопродажни стоки се признава кога Друштвото ги доставила до купувачот, купувачот има целосна дискреција врз каналот и цената за продажба на добрата и нема неисполнета обврска што би можела да влијае на прифаќањето на добрата од страна на купувачот. Испораката не се случува сѐ додека добрата не се испорачаат на наведената локација, ризиците од застареност и загуба не се префрлени на купувачот и купувачот ги прифатил добрата во согласност со договорот за продажба, или пак Друштвото има објективни докази дека сите критериуми за прифаќање се исполнети.

*Приход од камати*

Приходот од камати се признава со примена на методот на ефективна каматна стапка, што претставува стапка која точно ги дисконтира проценетите идни парични приливи во текот на очекуваниот животен век на финансискиот инструмент или, каде што е применливо, во пократок период, на нето-сметководствената вредност на финансиското средство.
Приходот од камати се вклучува во финансиски приходи во извештајот за сеопфатна добивка.

*Приход од дивиденди*

Приходот од дивиденди се признава кога ќе се утврди правото за нивно примање.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### В) Даноци

Даночниот расход за периодот се состојат од тековен и одложен данок. Данок се признава во Извештајот за сеопфатна добивка, освен до степен кој се однесува на ставки признаени во останата сеопфатна добивка или директно во капиталот. Во овој случај, данокот исто така соодветно признава во останата сеопфатна добивка или директно во капиталот.

**Тековен данок на добивка**

Тековниот данок од добивка е пресметан врз основа на даночните закони усвоени или значајно усвоени во Извештајот за финансиска состојба во земјата каде што друштвото работи и генерира приход. Раководството извршува периодично оценување на состојбите во даночните пријави во однос на ситуациите во кои се применува даночна регулатива и која во истите е предмет на интерпретација. Тоа воспоставува провизии врз основа на износите кои се очекуваат да бидат исплатени на даночните власти.

*Одложен данок на добивка*

Одложениот данок на добивка се признава во билансот на состојба за сите привремени разлики на датумот на известување кои произлегуваат од разликите помеѓу даночните основи на средствата и обврските и нивните сметководствени вредности.
Обврските за одложен данок на добивка се признаваат за сите оданочени привремени разлики, освен:

- до степен до кој обврската за одложен данок на добивка произлегува од првичното признавање на средство или обврска во трансакција што не претставува деловна комбинација и која, во моментот на трансакцијата, не влијае ниту на сметководствената добивка ниту на даночна добивка или загуба; и
- за оданочени времени разлики поврзани со вложувања во подружници, придружни друштва и учества во заеднички вложувања, до степен до кој Друштвото е во можност да го контролира времето на поништување на времената разлика и е веројатно дека таа разлика нема да се поништи во предвидлива иднина.

Средствата за одложен данок на добивка се признаваат за сите одбивни времени разлики, неискористени пренесени даночни кредити и неискористени пренесени даночни загуби, до степен до кој е веројатно дека ќе биде остварена даночна добивка против која одбиените времени разлики, неискористените пренесени даночни кредити и неискористените пренесени даночни загуби можат да се искористат, освен:

- кога средството за одложен данок на добивка произлегува од првичното признавање на средство или обврска во трансакција што не претставува деловна комбинација и која, во моментот на трансакцијата, не влијае ниту на сметководствената добивка ниту на даночна добивка или загуба; и
- за одбивни времени разлики поврзани со вложувања во подружници, придружни друштва и учества во заеднички вложувања, средството за одложен данок на добивка се признава само до степен до кој е веројатно дека привремената разлика ќе се поништи во предвидлива иднина и дека ќе биде достапна даночна добивка против која привремената разлика може да се искористи.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### В) Даноци (продолжение)

Друштвото на секој датум на известување ја преиспитува сметководствената вредност на средствата за одложен данок на добивка и ја намалува до степен до кој повеќе не е веројатно дека ќе биде достапна доволна даночна добивка што ќе овозможи наплата на целиот или дел од средството за одложен данок на добивка. Непризнаените средства за одложен данок на добивка се преиспитуваат на секој датум на известување и се признаваат до степен до кој станало веројатно дека ќе биде достапна идна даночна добивка што ќе овозможи наплата на средството за одложен данок на добивка.

Средствата и обврските за одложен данок на добивка се мерат по даночните стапки кои се очекувани да се применуваат во периодот во кој средството ќе се реализира, односно обврската ќе се подмири, врз основа на даночните стапки (и даночната регулатива) кои се во сила или суштински стапиле во сила на датумот на известување.

Одложениот данок поврзан со ставки признаени надвор од добивката или загубата се признава надвор од добивката или загубата. Во зависност од поврзаната трансакција, одложениот данок се признава или во останатата сеопфатна добивка или директно во капиталот.

Друштвото ги пребива средствата и обврските за одложен данок на добивка само кога има законски извршно право да ги нетира средствата за тековен данок со обврските за тековен данок и кога средствата и обврските за одложен данок на добивка се однесуваат на даноци на добивка кои ги наметнува истата даночна власт врз истото правно лице обврзник на даночната обврска.

*Данок на додадена вредност (ДДВ)*
Приходите, расходите и средствата се признаваат нето од данокот на додадена вредност, освен во случаи кога:

- ДДВ настанат при набавка на средства или услуги не е со право на враќање од даночните органи, при што таквиот ДДВ се признава како дел од набавната вредност на средството или како дел од соодветната расходна ставка, во зависност од случајот; и
- побарувањата и обврските се прикажани со вклучен ДДВ.

Нето-износот на ДДВ за кој постои право на враќање од страна на даночните органи, е вклучен во вредноста на побарувањата или обврските во извештајот за финансиска состојба.

**Глобален минимален данок**

Законот за глобален минимален данок на добивка е објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 3 од 3 јануари 2025 година. Новиот закон има за цел да обезбеди минимално ефективно оданочување од 15% за големи мултинационални и домашни групации, слично на правилата утврдени од ОЕЦД и имплементирани преку Директива во Европската Унија. Глобалниот минимален дополнителен данок се применува од 1 јануари 2024 година. Овој закон ќе влијае на даночната структура на Друштвото и ќе обезбеди усогласеност со глобалните стандарди.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### Г) Бенефиции на вработените

#### Пензиски и останати краткорочни обврски кон вработените

Друштвото во текот на своето нормално работење врши исплати во име на своите вработени за пензиско, здравствено и социјално осигурување како и персонален данок кои се пресметуваат во согласност со важечките законски стапки во годината, на основа на бруто платите. Друштвото овие придонеси ги плаќа во корист на државните и приватните фондови за здравство, пензиско и инвалидско осигурување. Трошоците од овие плаќања се претставени во Извештајот за сеопфатна добивка во истиот период како и поврзаните трошоци за плати.
Друштвото не работи со било какви пензиски шеми или план за бенефиции после пензионирањето и консеквентно, нема обврски во однос на пензиите.

#### Отпремнини за технолошки вишок

Отпремнините за технолошки вишок се исплаќаат кога престанува работниот однос на вработениот пред датумот на неговото нормално пензионирање или доколку вработениот прифати доброволно прекинување на работниот однос во замена за овие бенефиции. Друштвото ги признава отпремнините за технолошки вишок кога пристапува кон прекинување на работниот однос на тековните вработени во согласност со детален, формален план без можност за отповикување на истиот, или во случај кога Друштвото понуди опција на вработените за доброволно прекинување на работниот однос.

#### Отпремнини за пензионирање и јубилејни награди

Во согласност со Законот за работни односи кој се применува во Република Северна Македонија, Друштвото е обврзано да исплати бенефиции за пензионирање во износ од две просечни месечни плати во Република Северна Македонија, на денот на нивното пензионирање, за кои е признаена соодветна обврска во Извештајот за финансиска состојба, мерена според сегашната вредност на две просечни месечни плати на републичко ниво заедно со корекција од актуарската калкулација. Во согласност со Колективниот договор, Друштвото е обврзано да пресметува и плаќа јубилејни награди кои кореспондираат со бројот на години на стаж на вработениот. Обврската по дефинираниот план за бенефити се смета годишно од страна на независни актуари користејќи го метода на кредитирање на проектирана единица.

Актуарското вреднување вклучува правење претпоставки за дисконтната стапка, очекувани стапки на принос на средствата, иден пораст на платата, зголемување на морталитетот и иден пораст на пензиите. Поради долгорочната природа на овие планови, ваквите претпоставки се предмет на значителна неизвесност. Освен тоа, Друштвото нема обврска да обезбедува понатамошни бенефиции на тековните и поранешните вработени.
Трошокот за камата се пресметува со примена на дисконтната стапка на обврската за дефинирани бенефиции. Промените во оваа обврска се признаваат во билансот на успехот за периодот и се прикажани на следниов начин:
Трошоците за услуга, вклучувајќи тековен трошок за услуга, трошок за минат сервис и добивки и загуби кои произлегуваат од прекини на работен однос или нерутински порамнувања согласно планот, се вклучени во ставката „Трошоци за персонал“;
Трошокот за камата е прикажан како „Финансиски трошоци“.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење**

***Финансиски средства***

**Почетно признавање**

Финансиските средства во рамките на МСС 39 - *Финансиски инструменти: Признавање и мерење* се класифицираат како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба, кредити и побарувања, инвестиции што се чуваат до доспевање, финансиски средства расположливи за продажба или како деривати означени како инструменти за хеџирање во ефективна хеџирање, според потребата. Друштвото ја одредува класификацијата на своите финансиски средства при почетното признавање.

Сите финансиски средства првично се признаваат по објективна вредност плус, во случај на инвестиции што не се по објективна вредност преку добивка или загуба, директно припишаните трансакциски трошоци.

Купувањата или продажбите на финансиски средства што бараат испорака на средства во временски рок утврден со регулатива или конвенција на пазарот (редовно тргување) се признаваат на датумот на тргување, т.е. датумот кога Друштвото се обврзува да го купи или продаде средството.

Финансиските средства на Друштвото вклучуваат парични средства и парични еквиваленти, трговски и други побарувања и финансиски средства расположливи за продажба.

**Последователно мерење**

Последователното мерење на финансиските средства зависи од нивната класификација на следниов начин:

*Кредити и побарувања*
Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања кои не се котирани на активенот пазар. По почетното мерење, таквите финансиски средства последователно се мерат по амортизирана вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка (ЕКС), намалена за обезвреднувањето. Амортизираната вредност се пресметува со земање предвид на секој дисконт или премија за стекнување, како и надоместоци или трошоци кои се составен дел од ЕКС. Амортизацијата на ЕКС е вклучена во финансиските приходи во извештајот за сеопфатна добивка. Загубите што произлегуваат од обезвреднувањето се признаваат како други расходи во извештајот за сеопфатна добивка.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

## 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)

*Финансиски средства* **(продолжение)**

*Вложувања расположиви за продажба*
Вложувањата расположиви за продажба вклучуваат котирани хартии од вредност кои не се класифицирани како чувани за продажба или како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба. Финансиските средства расположиви за продажба првично се признаваат по објективна вредност плус трансакциски трошоци. Тие се вклучени во нетековните средства освен ако инвестицијата не достасува или менаџментот има намера да ја отуѓи во рок од 12 месеци од крајот на периодот на известување.
По почетното признавање, инвестициите расположиви за продажба се мерат по објективна вредност, при што нереализираните добивки или загуби се признаваат во друг сеопфатен приход во задржаната добивка сè додека инвестицијата не се отуѓи или обезвредни, па тогаш кумулативната добивка или загуба се признава во добивката или загубата за периодот.
Финансиските средства расположливи за продажба се депризнаваат кога правата за примање парични текови од инвестициите се истечени или се пренесени и Друштвото ги префрлила суштински сите ризици и награди од сопственоста.
Дивидендите од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во Извештајот за сеопфатна добивка како дел од други приходи кога ќе се воспостави правото на Друштвото да прима дивиденда.

**Престанок на признавање на финансиски средства**

Финансиско средство (или, каде што е применливо, дел од финансиско средство или дел од група слични финансиски средства) престанува да се признава во сметководствената евиденција кога се исполнети еден или повеќе од следниве услови:

- Истечени права на Друштвото за примање парични текови од средството; или;
- Друштвото ги има пренесено своите права за примање парични текови од средството, или има преземено обврска да ги исплати примените парични текови во целост и без значително одложување на трета страна, во согласност со т.н. pass-through аранжман, при што: (а) Друштвото ги има пренесено суштински сите ризици и придобивки поврзани со средството; или, или (б) Друштвото ниту ги има пренесено, ниту ги има задржано суштински сите ризици и придобивки од средството, но ја има пренесено контролата врз него.

Доколку Друштвото ги има пренесено правата за примање парични текови или има склучено pass-through аранжман, но при тоа ниту ги има пренесено ниту ги има задржано суштински сите ризици и придобивки, а ја има задржано контролата врз средството, финансиското средство продолжува да се признава во износ кој одговара на степенот на континуираното учество на Друштвото во тоа средство. Во таков случај, истовремено се признава и поврзана финансиска обврска. Пренесеното средство и поврзаната обврска се мерат врз основа која ги одразува задржаните права и преземените обврски на Друштвото.

Континуираното учество кое има форма на гаранција врз пренесеното средство се мери по пониската од набавната книговодствена вредност на средството и максималниот износ на надомест што Друштвото може да биде обврзано да го врати.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствени политики (продолжение)**

**д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)**

***Финансиски средства*** **(продолжение)**

**Обезвреднување на финансиски средства**

Друштвото проценува дали постојат објективни докази дека финансиско средство или група финансиски средства е обезвреднето. Финансиско средство или група финансиски средства се смета за обезвреднето ако постојат објективни докази за обезвреднување како резултат на еден или повеќе настани кои настанале по почетното признавање на средството (настан на настапена загуба) и ако тој настан влијае врз проценетите идни парични текови од средството или на групата средства, а тие текови можат сигурно да се проценат. Доказите за обезвреднување може да вклучуваат индикации дека должниците или група должници имаат значителни финансиски потешкотии, неисполнување или задоцнување на плаќање на камата или главнина, веројатност за стечај или друга финансиска реорганизација, како и видливи податоци кои укажуваат на мерливо намалување на проценетите идни парични текови, како што се промени во задоцнетите плаќања или економски услови кои се поврзани со неисполнување на обврските.

*Финансиски средства пресметувани по амортизирана вредност*

За финансиските средства пресметувани по амортизирана вредност, Друштвото прво проценува индивидуално дали постојат објективни докази за обезвреднување за финансиски средства кои се значајни поединечно, а за финансиски средства кои не се значајни поединечно, проценката се врши колективно. Ако се утврди дека за едно финансиско средство не постојат објективни докази за обезвреднување, тоа се вклучува во група средства со слични кредитни ризици и се оценува колективно. Средствата кои се индивидуално обезвреднети не се вклучуваат во колективната проценка.

Доколку постои објективен доказ за настаната загуба од обезвреднување, износот на загубата се мери како разлика помеѓу книговодствената вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (без да се вклучат идните очекувани кредитни загуби кои сè уште не се случиле). Сегашната вредност на идните парични текови се дисконтира со оригиналната ефективна каматна стапка на средството. Ако заемот има променлива каматна стапка, за пресметување на загубата од обезвреднување се користи тековната ефективна каматна стапка.

Книговодствената вредност на средството се намалува за износот на обезвреднувањето, а загубата се признава во билансот на сеопфатна добивка. Приходот од камата се евидентира како дел од финансиски приходи. Заеми и побарувања, заедно со соодветниот резервен фонд за загуби, се отпишуваат кога нема реални очекувања за идно наплаќање и кога сите обезбедувања се реализирани или префрлени на Друштвото. Ако во идната година износот на проценетата загуба се зголеми или намали поради настан кој се случил по признавањето на обезвреднувањето, претходно признаената загуба се прилагодува преку резервата за загуби. Доколку подоцна се поврати дел од отписот, тој износ се признава во билансот на сеопфатна добивка.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)**

***Финансиски средства*** **(продолжение)**

*Инвестиции расположливи за продажба*
За инвестициите расположливи за продажба, Друштвото на секој датум на известување проценува дали постојат објективни докази дека инвестицијата или групата инвестиции е обезвреднета.
За капиталните инвестиции класифицирани како расположливи за продажба, објективен доказ за обезвреднување вклучува значително или одложено намалување на објективната вредност на инвестицијата под нејзината набавна цена. „Значително намалување“ се проценува во однос на почетната набавна цена на инвестицијата, а „одложено“ во однос на периодот во кој објективната вредност е под набавната цена. Кога постои доказ за обезвреднување, кумулативната загуба – измерена како разлика помеѓу набавната цена и тековната објктивна вредност, намалена за претходно признатата загуба од обезвреднување на таа инвестиција – се префрла од останатата сеопфатна добивка и се признава во билансот на успех за периодот. Загубите од обезвреднување на капиталните инвестиции не се враќаат преку билансот на успех; зголемувањата на нивната објективна вредност се признаваат директно во останатата сеопфатна добивка.

- **Финансиски обврски**

**Почетно признавање и мерење на финансиски обврски**

Финансиските обврски во рамките на МСС 39 се класифицираат како финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, заеми и задолжувања, или деривати назначени како инструменти за ефективно покривање на ризик. Друштвото ја утврдува класификацијата при почетното признавање.
Финансиските обврски се признаваат по нивната објективна вредност, а кај заеми и задолжувања се зголемуваат за директно припишливите трансакциски трошоци.
Главните финансиски обврски на Друштвото вклучуваат обврски кон добавувачи, останати обврски и обврски по наеми.

**Последователно мерење**
Мерењето на финансиските обврски зависи од нивната класификација како што следува:

*Кредити и позајмици*
По почетното признавање, заемите и позајмиците понатаму се мерат по амортизирана вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка (ЕКС). Добивките и загубите поврзани со заемите и позајмиците се признаваат во Извештајот на сеопфатна добивка во периодот кога обврските се подмирени, како и преку процесот на амортизација.“
Амортизираната вредност се пресметува земајќи ги предвид сите попусти или премии при набавката и надоместоците или трошоците што претставуваат составен дел на ефективната каматна стапка (ЕКС). Амортизацијата според ЕКС е вклучена во финансиските трошоци во Извештајот на сеопфатна добивка.“

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)

***Финансиски обврски*** **(продолжение)**

**Депризнавање**

Финансиската обврска се отповикува  кога обврската по основ на таа обврска е подмирена, укината или истекува. Добивките што произлегуваат од отповикувањето на финансиските обврски се признаваат во Извештајот на сеопфатна добивка, во рамки на другите оперативни приходи.

Кога постоечката финансиска обврска се заменува со друга од истиот кредитор под суштински различни услови, или кога условите на постоечката обврска се значително изменети, таквата размена или измена се третира како отповикувањето на постоечката обврска и признавање на нова обврска. Разликата во нивните книговодствени вредности се признава во Извештајот на сеопфатна добивка.

**Нетирање на финансиски инструменти**

Финансиските средства и финансиските обврски се порамнуваат на нето-основа и нето-износот се прикажува во Извештајот на финансиска состојба само доколку постои тековно спроведливо законско право за порамнување на признаените износи и доколку Друштвото има намера да ги порамни на нето-основа или истовремено да ги реализира средствата и да ги подмири обврските.

**Мерење по објективна вредност**

Објективните вредности на финансиските инструменти мерени по амортизирана вредност се обелоденети во Белешка 21.

Објективната вредност е цената која би се добила при продажба на средство или би се платила за пренос на обврска во нормална трансакција помеѓу пазарни учесници на датумот на мерење. Мерењето по објективна вредност се заснова на претпоставката дека трансакцијата за продажба на средството или пренос на обврската се одвива или:

- На главниот пазар за средството или обврската, или
- Во отсуство на главен пазар, на најповолниот пазар за средството или обврската

Главниот или најповолниот пазар мора да биде достапен за Друштвото.

Објективната вредност на средство или обврска се пресметува користејќи ги претпоставките што пазарните учесници би ги користеле при утврдување на цената на средството или обврската, со претпоставка дека пазарните учесници постапуваат во својот економски најдобар интерес.

Мерењето по објективна вредност на нефинансиско средство ги зема предвид способностите на пазарниот учесник да генерира економски придобивки со користење на средството во неговата највисока и најдобра употреба или со продажба на друг пазарен учесник кој би го користел средството во неговата највисока и најдобра употреба.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)**

***Финансиски обврски*** **(продолжение)**

Друштвото користи техники за вреднување кои се соодветни на околностите и за кои се достапни доволни податоци за мерење на објективната вредност, максимизирајќи ја употребата на релевантни видливи податоци и минимизирајќи ја употребата на податоци кои не можат да се следат видливо.

Сите средства и обврски за кои се мери или обелоденува објективната вредност во финансиските извештаи се категоризираат во хиерархијата на објективна вредност, опишана како што следува, врз основа на најниското ниво на влез кој е значаен за мерењето на објективната вредност како целина:

- Ниво 1 — Котирани (неприлагодени) пазарни цени на активни пазари за идентични средства или обврски
- Ниво 2 — Техники за вреднување за кои најниското ниво на влезни параметри кое е значајно за мерењето на објективната вредност е директно или индиректно потврдливо
- Ниво 3 — Техники за вреднување за кои најниското ниво на влезни параметри кое е значајно за мерењето на објективната вредност е непотврдливо

За средства и обврски кои се признаваат во финансиските извештаи на повторлива основа, Друштвото определува дали се случиле трансфери помеѓу нивата во хиерархијата преку повторна оценка на категоризацијата (врз основа на најниското ниво на влез кое е значајно за мерењето на објективната вредност како целина) на крајот на секој извештаен период и одредува дали е потребно да се направат трансфери од едно ниво во друго.

Раководството на Друштвото ги определува политиките и процедурите кои се применуваат за редовни мерења по објективна вредност, како оние за нерегуларни мерења по објективна вредност.

За целите на обелоденување на објективната вредност, Друштвото определува различни класи на средства и обврски во зависност од нивната природа, карактеристики и ризик, како и соодветното ниво на хиерархијата на објективна вредност опишано погоре.

**ѓ) Акционерски капитал**

Обичните акции се класификуваат како капитал. Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на издадените и платените акции. Разликата помеѓу номиналната вредност и цената платена за акциите се евидентира како премија на акции. Додатните трошоци кои директно се припишуваат на издавањето на акции се признаваат како одбивка од капиталот, нето од било какви даночни ефекти.

Сопствените акции се сопствени капитални инструменти на субјектот кои се стекнати и чувани од субјектот, подружница или други членови на консолидираната група. Платениот или примениот надомест за сопствени акции се признава директно во капиталот.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

**Ж) Исплата на парични дивиденди и непарична распределба кон сопствениците на капиталот на матичното друштво**

Друштвото признава обврска за исплата на пари или непарични распределби кон сопствениците на капиталот на матичната компанија кога распределбата е овластена. Соодветниот износ се признава директно во капиталот.

Непаричните распределби се мерат по објективната вредност на средствата кои ќе се распределат, при што повторното мерење на објективната вредност се признава директно во капиталот.

При распределба на непаричните средства, секоја разлика помеѓу сметководствената вредност на обврските и сметководствената вредност на средствата се признава во билансот на успех.

**З) Недвижности, постројки и опрема**

Недвижностите и опремата се евидентираат по набавната вредност намалена за акумулираната добивка и/ или акумулираните загуби од оштетувања, доколку има. Таквата вредност ги вклучува трошоците за замена на дел од средството и опремата кога тие трошоци се направени, доколку се исполнети критериумите за признавање. Исто така, кога се извршува голема проверка, нејзините трошоци се признаваат во сметководствената вредност на средството како замена, ако критериумите за признавање се задоволени. Сите други трошоци за поправки и одржување се признаваат во билансот на успех кога се направени.

Истите до 2003 се ревалоризирани на крајот на годината со примена на официјалните коефициенти на ревалоризација врз основа на општиот индекс на цени на произведените производи. Ваквите коефициенти се применети на набавната вредност или на подоцна проценетата вредност, и на акумулираната амортизација. Нето ефектот на ревалоризацијата е прикажан во ревалоризациони резерви.

Амортизацијата на основните средства се пресметува по пропорционална метода, користејќи стапки не пониски од пропишаните со закон, на начин да се алоцира набавната или ревалоризираната вредност на средствата во текот на нивниот корисен век на траење.

Амортизирањето на недвижностите, постројките и опремата започнува по истекување на месецот во кој тие се ставени во употреба, во годината во која започнало нивното користење.

Подолу се претставени применетите корисни векови на употреба на средствата при пресметка на амортизација:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Згради | 20 - 40 години | 20 - 40 години |
| Компјутери | 4 - 5 години | 4 - 5 години |
| Опрема | до 20 години | до 20 години |
| Останата опрема и возила | до 8 години | до 8 години |

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

## 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### з) Недвижности, постројки и опрема (продолжение)

Едно средство се отпишува при отстранување или кога не се очекуваат идни економски придобивки од неговата употреба или отстранување. Секоја добивка или загуба од отпис на средството (пресметана како разлика помеѓу нето приходите од отстранување и сметководствена вредност на средството) се вклучува во извештајот за сеопфатна добивка во годината кога средството е отпишано.

Остатокот од вредноста на недвижностите, постројките и опремата и нивните проценети корисни векови на употреба, се разгледуваат и по потреба се менуваат на крајот на секој известувачки период.

### ѕ) Лизинг

Друштвото оценува на почетокот на договорот дали договорот е или содржи лизинг. Тоа е, дали договорот пренесува право за контрола на користење на идентификувано средство за одреден период во замена за надомест.

***Друштвото како корисник на лизинг***

Друштвото применува единствен пристап за признавање и мерење на сите лизинзи, освен за краткорочни лизинзи и лизинзи на средства со мала вредност. Друштвото признава обврски за лизинг за исплата на лизинг и средства од право на користење кои го претставуваат правото на користење на основното средство.

*Средства со право на користење*

Друштвото ги признава средствата со право на користење на датумот на започнување на лизингот (т.е., датумот кога основното средство е достапно за користење). Средствата со право на користење се мерат по цена, намалена за акумулирана амортизација и загуби од намалување на вредноста, и прилагодени за секое повторно мерење на обврските од лизинг. Набавната вредност на средствата со право на користење го вклучува износот на признаените обврски од лизинг, првични директни трошоци, и лизинг-плаќања извршени на или пред датумот на започнување. Средствата со право на користење се амортизираат линеарно за пократкиот период меѓу траењето на лизингот и проценетиот корисен век на средствата, како што следува:

• Моторни возила и друга опрема 4-5 години

Средствата со право на користење исто така се предмет на намалување на вредноста. Сметководствената политика за обезвреднување (исправка) е обелоденета во белешка (о) Исправка на вредноста на нефинансиските средства.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**ѕ) Лизинг (продолжение)**

*Обврски од лизинг*

На датумот на започнување на лизингот, Друштвото признава обврски од лизинг мерени по сегашната вредност на лизинг-плаќањата кои ќе се направат во текот на траењето на лизингот. Лизинг-плаќањата вклучуваат фиксни плаќања (вклучително и суштински фиксни плаќања) намалени за било какви добивки од лизинг, променливи лизинг-плаќања зависни од индекс или стапка, и износи очекувани за плаќање по гаранции за остатоци. Лизинг-плаќањата исто така вклучуваат цена за користење на опција за купување за која е разумно сигурно дека ќе се искористи од Друштвото и плаќања за казни при прекинување на лизингот, ако траењето на лизингот ја одразува употребата на опцијата за прекинување.

Променливите лизинг плаќања кои не зависат од индекс или стапка се признаваат како расходи (освен ако се направени за производство на залихи) во периодот кога се појавува настанот или условот што ги предизвикува.

При пресметување на сегашната вредност на лизинг-плаќањата, Друштвото ја користи инкременталната каматна стапка на позајмување на датумот на започнување на лизингот, бидејќи каматната стапка имплицирана во договорот за лизингот не е видно утврдена. По започнувањето, износот на обврските од лизинг се зголемува за да се одрази акумулацијата на каматата и се намалува за направените плаќања на лизингот. Дополнително, сметководствената вредност на обврските од лизинг се мери повторно ако има измена, промена на траењето на лизингот, промена на лизинг плаќањата (на пр., промени на идните плаќања поради промена на индекс или стапка) или промена во оценката на опција за купување на основното средство.

*Краткорочни лизинзи и лизинзи на средства со мала вредност*

Друштвото го применува принципот на ослободување од признавање за краткорочни наеми за краткорочните договори за лизинг (т.е., оние договри со траење до 12 месеци од почетокот и кои не содржат опција за купување). Исто така, го применува ослободувањето за лизинг на средства со мала вредност. Плаќањата за краткорочен лизинг и лизинг на средства со мала вредност се признаваат како расходи линеарно.

***Сметководствена политика за наем пред 1 јануари 2025 - Друштвото како закупец***

Лизингот се класифицира на датумот на почеток како финансиски или оперативен лизинг. Лизинг кој пренесува суштински сите ризици и придобивки од сопственоста кон Друштвото се класифицира како финансиски лизинг.

Финансиските лизинзи се капитализираат на почетокот на лизингот по објективната вредност на средството под лизинг или, ако е помала, по сегашната вредност на минималните лизинг-плаќања. Лизинг-плаќањата се распределуваат помеѓу финансиските трошоци и намалување на обврската од лизинг така што се постигнува константна каматна стапка на преостанатиот износ на обврската. Финансиските трошоци се признаваат како финансиски расходи во билансот на успех.

Средството под лизинг се амортизира преку корисниот век на средството. Сепак, ако нема разумна сигурност дека Друштвото ќе стекне сопственост на крајот на траењето на лизингот, средството се амортизира за пократкиот период меѓу проценетиот корисен век на средството и траењето на лизингот.

Оперативниот лизинг е лизинг кој не е финансиски лизинг. Плаќањата за оперативен лизинг се признаваат како оперативен расход во билансот на успех линеарно за периодот на лизинг.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)**

**и) Трошоци за позајмување**

Трошоците за позајмување кои директно се припишуваат на набавка, изградба или производство на средство кое неопходно зема долг период за да биде подготвено за намена или продажба, се капитализираат како дел од цената на средството. Сите други трошоци за позајмување се признаваат како расход во периодот во кој се јавуваат. Трошоците за позајмување се состојат од камата и други трошоци кои ентитетот ги прави во врска со позајмувањето на средства.

**Ј) Нематеријални средства**

Нематеријалните средства кои се стекнати одделно се признаваат по набавна вредност на датумот на почетно признавање. По почетното признавање, нематеријалните средства се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и акумулирани загуби од исправка на вредноста.

Корисниот век на нематеријалните средства е утврден како конечен, како што следува:

Софтвер и останати права 5 години

Нематеријалните средства со конечен корисен век се амортизираат во текот на нивниот проценет корисен економски век и се тестираат за оштетување на вредноста секогаш кога постои индикација дека нематеријалното средство може да биде оштетено. Периодот на амортизација и методот на амортизација за нематеријалните средства со конечен корисен век се проценуваат најмалку на крајот на секој известувачки период. Промените во очекуваниот корисен век или во очекуваниот модел на идните економски придобивки вградени во средството се сметаат за промени во сметководствените проценки и се применуваат перспективно. Трошокот за амортизација на нематеријалните средства со конечен корисен век се признава во извештајот за сеопфатна добивка во категоријата на расходи што е во согласност со функцијата на нематеријалните средства. Секоја добивка или загуба која произлегува од отпис/престанок на признавање на нематеријално средство (пресметана како разлика помеѓу нето-приходот од продажба и сметководствена вредност на средството) с е признава во извештајот за сеопфатна добивка.

**К) Залихи**

Залихите се искажуваат по набавната вредност или по нето реализационата вредност во зависност од тоа која е пониска. Набавната вредност се состои од трошоци за набавка, трошоци за конверзија и други трошоци за доведување на залихите до сегашна состојба и локација. Цената на чинење на суровата нафта, останатите суровини и материјали, резервни делови и ситен инвентар, производството во тек, готовите производи и трговска стока се пресметува врз база на методот на просечни цени.

Трошоците за набавка на залихите се состојат од набавната цена, увозните давачки и другите даноци (освен оние кои претпријатието може последователно да ги поврати од даночните власти) и други трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето на залихите (како на пример трошоците за превоз). Трговските попусти, рабатите и другите слични ставки се одземаат при утврдување на трошоците за набавка.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)**

**К) Залихи (продолжува)**

Трошоците за конверзија на залихите ги вклучуваат трошоците кои непосредно се однесуваат на единиците на производство (пр. директниот труд) и системска алокација на фиксните и варијабилните општи трошоци на производство. Алокацијата на фиксните општи трошоци на производство на трошоците на конверзија е засновано на нормалното искористување на производните капацитети. Неалоцираните фиксни општи трошоци на производство се признаваат како трошок во периодот во кој се направени. Варијабилните општи трошоци на производство се алоцираат на секоја единица на производство врз основа на фактичкото користење на производните капацитети.

Нето реализационата вредност е проценетата продажна цена во редовниот тек на работење намалена за проценетите трошоци потребни да се изврши продажбата.

**Л) Исправка на вредноста на нефинансиски средства**

Друштвото на крајот на секој известувачки период проценува дали постојат индикации дека одредено средство може да биде оштетено. Доколку постојат такви индикации, или кога е потребно годишно тестирање за оштетување, Друштвото ја утврдува повратната вредност на средството. Надоместувачката вредност на средството претставува повисока вредност помеѓу објективната вредност намалена за трошоците на отуѓување и вредноста во употреба, утврдена за поединечно средство или за единица што генерира парични текови (ЕГПТ), доколку средството не генерира парични приливи кои во најголем дел се независни од приливите од други средства или групи на средства. Кога сметководствената вредност на средството или на ЕГПТ ја надминува неговата повратна вредност, средството се смета за оштетено и неговата сметководствена вредност се намалува до повратната вредност.

При утврдување на вредноста во употреба, проценетите идни парични текови се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за конкретното средство. При утврдување на објективната вредност намалена за трошоците на отуѓување се земаат предвид неодамнешни пазарни трансакции. Доколку не можат да се идентификуваат вакви трансакции, се применува соодветен модел за вреднување. Овие пресметки се потврдуваат со употреба на пазарни мултипликатори, котирани цени на акции за јавно тргувани друштва или други достапни индикатори за објективна вредност.
Друштвото ги базира пресметките за оштетување на најновите буџети и проекции, кои се подготвуваат одделно за секоја единица што генерира парични текови на која се распределени поединечните средства. Овие буџети и проекции најчесто опфаќаат период од пет години. За периодите по петтата година се применува долгорочна стапка на раст со цел проектирање на идните парични текови.

Загубите од оштетување на вредноста се признаваат во билансот на успех и останата сеопфатна добивка, во рамките на расходните категории кои се во согласност со функцијата на оштетеното средство.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)**

**Л) Исправка на вредноста на нефинансиски средства (продолжува)**

На крајот на секој известувачки период се врши проценка дали постојат индикации дека претходно признатите загуби од оштетување на вредноста повеќе не постојат или се намалени. Доколку постојат такви индикации, Групацијата ја утврдува повратната вредност на средството или на единицата што генерира парични текови (ЕГПТ). Претходно признаена загуба од оштетување на вредноста се укинува (реверзира) само доколку настанала промена во претпоставките што биле користени при утврдување на повратната вредност на средството од моментот на последното признавање на загубата од оштетување. Реверзирањето на загубата од оштетување е ограничено така што сметководствената вредност на средството не може да ја надмине неговата повратна вредност, ниту сметководствената вредност која би била утврдена, нето од амортизација, доколку во претходните периоди не била признаена загуба од оштетување на вредноста. Секоја корекција на загуба од исправка на вредноста се признава во извештајот за сеопфатна добивка.

**Љ) Пари и парични средства**

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од средства на трансакциска сметка, девизни средства, готовина во благајна и депозити во банки со право на отповикување.

Паричните средства и краткорочните депозити во извештајот за финансиска состојба се состојат од готовина во банки и во благајна и краткорочни високоликвидни депозити со рок на достасување од дванаесет месеци или помалку, кои се чуваат со цел исполнување на краткорочни парични обврски и се лесно конвертирани во познат износ на готовина и подлежат на незначителен ризик од промени во вредноста.

За целите на извештајот за паричните текови, паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од готовина и краткорочни депозити чувани по барање кај банки, како што е дефинирано погоре.

**п) Резервации**

*Општо*

Резервациите се признаваат кога Друштвото има постојна обврска (правна или конструктивна) како резултат на настан од минатото, кога е веројатно дека ќе биде потребен одлив на ресурси што содржат економски користи за подмирување на обврската и кога може сигурно да се процени износот на обврската. Кога Друштвото очекува делумна или целосна надомест (рефундација) на резервираниот износ, на пример врз основа на договор за осигурување, надоместокот се признава како посебно средство, но само кога наплатата е речиси сигурна. Расходот поврзан со резервирањето се прикажува во извештајот за сеопфатна добивка, нето од признаениот надомест.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)**

**п) Резервации (продолжува)**

Доколку ефектот од временската вредност на парите е значителен, резервирањата се дисконтираат со примена на тековна дисконтна стапка пред оданочување, која по потреба ги одразува ризиците специфични за обврската. Кога се применува дисконтирање, зголемувањето на резервирањето кое произлегува од протокот на времето се признава како финансиски трошок.

За потенцијалните обврски не се врши резервирање. Потенцијална обврска е можна обврска која произлегува од минат настан и чиешто постоење ќе биде потврдено само со случување или не - случување на еден или повеќе неизвесни идни настани кои не се во целост под контрола на Друштвото, или сегашна обврска која произлегува од минат настан но не е признаена, бидејќи не е веројатно дека ќе има одлив на ресурси кои вклучуваат економски користи за исплата на таа обврска или не може да се направи веродостојна проценка на износот на обврската.

**Р) Заработка по акција**

Основната заработка по акција се смета со делење на профитот на сопствениците на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции издадени во текот на годината.

**С) Оперативни сегменти**

Оперативните сегменти се компоненти кои се ангажираат во деловното работење кои можат да заработат приходи и кои предизвикуваат трошоци, кои оперативни резултати се редовно следени од страна на раководството и за кои финансиски информации се достапни. Раководството е лице или група на лица кои алоцираат ресурси и кои ги проценуваат перформансите на Друштвото.

Функциите на раководството се извршуваат од страна на Бордот на директори на Друштвото. Интерното известување во рамките на Друштвото кое се презентира на Раководството е на ниво на Друштвото како еден оперативен сегмент. Одлуките донесени од страна на Раководството се базирани на примени извештаи презентирани како еден оперативен сегмент.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања**

**Нови и изменети стандарди и толкувања**

Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ стандарди, вклучувајќи го и МСФИ 1) првично беа објавени во Службен весник во 1997 година, а оттогаш следеа неколку ажурирања. Последното ажурирање беше на 3 април 2024 година, кога Министерството за финансии усвои нов Правилник за сметководство.

Правилникот за сметководство беше објавен во („Службен весник на РСМ“ бр. 75/2024), со последователни измени („Службен весник на РСМ“ бр. 274/2024) (во понатамошниот текст: „Правилникот“), со кој се воведуваат ажурираните верзии на Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), МСФИ толкувања (КТМФИ) и Постојани толкувања (ПКТ), како и нови МСФИ и КТМФИ кои не беа опфатени со досега важечкиот Правилник за сметководство. Новиот Правилник стапува на сила од 1 јануари 2025 година, со исклучок на МСФИ 9 – Финансиски инструменти и МСФИ 17 – Договори за осигурување, кои ќе се применуваат од 1 јануари 2028 година.

- **МСФИ 9** *Финансиски инструменти: Класификација и мерење*
- **МСФИ 10** *Консолидирани финансиски извештаи*
- **МСФИ 11** *Заеднички аранжмани*
- **МСФИ 12** *Обелоденување на учества во други субјекти*
- **МСФИ 13** *Мерење на објективна вредност*
- **МСФИ 14** *Регулирани временски разграничувања*
- **МСФИ 15** *Приходи од договори со купувачи*
- **МСФИ 16** *Лизинг*
- **МСФИ 17** *Договори за осигурување*
- **МСФИ 1** *Прва примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување – Подружтво како прв пат применувач (измени)*
- **МСФИ 2** *Плаќања врз основа на акции (измени): Класификација и мерење на трансакции со плаќања врз основа на акции*
- **МСФИ 3** *Деловни комбинации (измени): Дефиниција на деловен потфат*
- **МСФИ 4** *Договори за осигурување (измени): Примена на МСФИ 9 – Финансиски инструменти заедно со МСФИ 4*
- **Измени на МСС 1** *Презентација на финансиски извештаи*
    - *и МСС 8 – Сметководствени политики, промени во сметководствените проценки и грешки: Дефиниција на „значајност“*
    - *МСФИ практика изјава 2 – Обелоденување на сметководствени политики*
- **Измени на МСС 8 – Сметководствени политики, промени во сметководствените проценки и грешки: Дефиниција на сметководствени проценки**
- **Измени на МСС 12 – Данок на добивка:**
    - *Одложен данок поврзан со средства и обврски кои произлегуваат од една трансакција*
    - *Признавање на одложени даночни средства за нереализирани загуби*
- **Измени на МСС 16 – Недвижности, постројки и опрема и МСС 38 – Нематеријални средства:** *Појаснување на прифатливи методи за амортизација*
    - *Приходи пред наменета употреба*

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)**

**Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)**

- **МСС 19 –** Користи за вработените (измени): Измени, скратување или порамнување на планови
- **МСС 28 –** Инвестиции во придружени друштва (измени): Долгорочни интереси во придружени друштва и заеднички вложувања
- **Измени на МСС 37 –** Резервации: Неповолни договори – трошоци за исполнување на договор
- **МСС 40 –** Инвестициски недвижности (измени): Пренос на инвестициски недвижности
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 14 –** Предплати поврзани со минимални барања за финансирање (измени)
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 19** *Гаснење на финансиски обврски со сопственички инструменти*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 20** *Трошоци за откривка во производствената фаза на површински коп*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 21** *Надоместоци*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 22** *Трансакции во странски валути и авансни надоместоци*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 23** *Неизвесност во врска со третмани на данок на добивка*
- *Концептуална рамка за финансиско известување (изменета)*

Друштвото остварува најзначајно влијание врз финансиските извештаи како резултат на примената на МСФИ 16 – Лизинг. Природата и ефектот на промените кои произлегуваат од примената на овие нови сметководствени стандарди се опишани подолу.

Примената на останатите сметководствени стандарди според МСФИ, како и нивните измени и појаснувања, нема материјално влијание врз финансиските извештаи на Друштвото. Друштвото нема применето стандарди, појаснувања или измени кои се објавени, но сè уште не стапиле во сила.

Примената на другите сметководствени стандарди, измени и појаснувања според МСФИ нема материјално влијание врз финансиските извештаи на Друштвото. Друштвото не усвоило стандарди, појаснувања или измени кои се објавени, но сè уште не стапиле во сила.

Сметководствените принципи и пресметки што се користат при подготовката на финансиските извештаи се конзистентни со оние што се применети при подготовката на финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2024 година и се применувани конзистентно во сите периоди презентирани во овој извештај, освен за следните МСФИ, кои се усвоени од Друштвото од 1 јануари 2025 година.

Друштвото за прв пат го примени МСФИ 16 (Лизинг) и подолу ги објави, како што се бара со МСФИ, природата и ефектот од овие промени.

**МСФИ 16 Лизинг**

МСФИ 16 го заменува МСС 17 Лизинг, КТМФИ 4 Утврдување дали ангажманот содржи лизинг, Толкувања на ПКТ 15 Оперативни лизинзи — стимули и Толкувања на ПКТ 27 Оценување на суштината на трансакции во кои правната форма е лизинг.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)**

**Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)**

**МСФИ 16 Лизинг (продолжува)**

МСФИ 16 ги утврдува принципите за признавање, мерење, претставување и обелоденување на лизинзите и бара од корисниците на лизинг да ги евидентираат сите договори за лизинг со униформен билансен пристап, сличен на третманот на финансиски лизинг според МСС 17.

Друштвото го усвои МСФИ 16 како промена на сметководствената политика согласно преодните одредби на стандардот. Соодветно, избра примена на модифицираниот ретроспективен метод со датум на иницијална примена 1 јануари 2025 година. Со овој метод, стандардот се применува ретроспективно, а кумулативниот ефект од усвојувањето се признава на датумот на иницијална примена. Друштвото го искористи преодното практично олеснување да не проценува дали договор е, или содржи, лизинг на 1 јануари 2025 година, туку стандардот го примени само на договори претходно идентификувани како лизинзг според МСС 17 и КТМФИ 4 на датумот на иницијална примена. Понатаму, Друштвото одлучи да ги користи исклучоците од признавање предложени од стандардот за договори за лизинг кои, на датумот на започнување, имаат рок на закуп од 12 месеци или помалку и не содржат опција за купување („краткорочни закупи“) и договори за лизинг за кои основното средство е со ниска вредност („средства со ниска вредност“). Конечно, Друштвото одлучи да примени единствена дисконтна стапка на портфолио на закупи со релативно слични карактеристики (како што се закупи со сличен преостанат рок на закуп за слична класа на основни средства во слична економска средина).

Ефектот од усвојувањето на МСФИ 16 (зголемување/(намалување)) е како што следи:

| | **Белешка** | **1 јануари 2025** |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| Средства со право на користење | 15 | 32.652 |
| **Обврски** | | |
| Обврски по лизинг | 15 | 32.652 |
| **Нето ефект врз капиталот** | | |
| Задржана добивка | | - |

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)**

**Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)**

**МСФИ 16 Лизинг (продолжува)**

Друштвото има договори за лизинг за моторни возила. Пред усвојувањето на МСФИ 16, Друштвото ги класифицираше сите свои договори за лизинг (како закупец) на датумот на започнување како оперативен лизинг. Изнајмените возила не беа капитализирани, а плаќањата за лизинг беа признавани како расход за наем во добивката или загубата по праволиниска основа во текот на времетраењето на лизингот. Секоја однапред платена наемнина и предвиден трошок за наем беа признавани под Побарувања од купувачи и останати побарувања или Обврски кон добавувачи и други обврски, соодветно.

***Лизиг предходно класифициран како финансиски лизинг***

Друштвото немаше финансиски лизинг во 2024 година, како и на 1 јануари 2025 година.

***Лизинг претходно евидентиран како оперативен лизинг***

Друштвото призна средства со право на користење и обврски по лизинг за лизингот претходно класифициран како оперативен лизинг, освен за краткорочниот лизинг и лизинг на средства со мала вредност. Средствата од право на користење беа признаени врз основа на сметководствен износ како да бил стандардот секогаш применуван, со искористување на инкременталната стапка на задолжување на датумот на иницијална примена. Обврските по лизинг беа признаени врз основа на сегашната вредност на преостанатите плаќања по лизинг, дисконтирани со инкременталната стапка на задолжување на датумот на иницијална примена.

Друштвото, исто така, ги примени достапните практични методи, и тоа:

- Користеше единствена дисконтна стапка за портфолио лизинзи со разумно слични карактеристики
- Се потпре на проценката за неповолни договори непосредно пред датумот на иницијална примена
- Ги примени исклучоците за краткорочниот лизинг на договори со рок на лизинг што завршува во рок од 12 месеци од датумот на иницијална примена
- Ги исклучи почетните директни трошоци од мерењето на средствата од право на користење на датумот на иницијална примена
- Користеше проценка при определување на условите на лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)**

**Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)**

**МСФИ 16 Лизинг (продолжува)**

За годината што заврши на 31 декември 2025 година, ефектот од примената на МСФИ 16 во извештајот за сеопфатна добивка е:

| | **Белешка** | **За годината која заврши на 31 декември 2025** |
|---|---|---|
| Амортизација на средства со право на користење | 4.3, 4.4, 4.5 | 11.489 |
| Трошок за камата на обврски за лизинг | 4.8 | 764 |
| **Вкупно трошоци за наем во согласност со МСФИ 16** | | **12.253** |

Обврските по лизинг на 1 јануари 2025 година може да се усогласат со обврските по оперативен лизинг на 31 декември 2025 година, како што следи:

| | *MKD'000* |
|---|---|
| Превземени обврски по оперативен лизинг на 31 декември 2024 | **36.583** |
| Пондерирана просечна инкрементална стапка на позајмување на 1 јануари 2025 | 2.74% |
| Дисконтирани превземени обврски за лизинг на 1 јануари 2025 | **35.582** |
| Намалени за: | |
| Обврски по краткорочни наеми | 2.930 |
| Обврски по наеми на 1 јануари 2025 | 32.652 |

**2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки**

Подготовката на финансиските извештаи на Друштвото бара раководството да донесува проценки, расудувања и претпоставки кои влијаат на износите на известени средства и обврски, како и на обелоденувањето на потенцијалните обврски на датумот на известување, како и на приходите и расходите за периодот на известување. Несигурноста во врска со овие претпоставки и проценки може да резултира со исходи кои ќе бараат материјално прилагодување на сметководствен износ на засегнатите средства или обврски во идни периоди.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки (продолжува)**

**Расудувања**

Во процесот на примената на сметководствените политики на Друштвото, раководството ги направи следниве расудувања, кои имаат најзначајно влијание врз износите признаени во финансиските извештаи:

***Определување на условите на лизинг кај договори со опции за продолжување и раскинување – Друштвото како корисник на лизинг***

Друштвото го определува рокот на лизинг како: нераскинлив услов, или како збир на нераскинливиот рок на лизинг, зголемен за периодите опфатени како можност за продолжување ако е разумно сигурно дека овој услов ќе се искористи, или периодите опфатени со опција за раскинување ако е разумно сигурно дека овој услов ќе се искористи. Друштвото применува расудување за да оцени дали е разумно сигурно да ја искористи опцијата за продолжување или раскинување, земајќи ги предвид сите релевантни фактори што создаваат економски поттик. По датумот на започнување, условите на лизинг се преиспитуваат дали ќе настане значаен настан или промена на околности под контрола на Друштвото што влијае на можноста да се искористи опцијата да се обнови или прекини договорот (како промена на стратегијата).

***Приходи од договори со купувачи***

Друштвото ги применило следните расудувања кои значајно влијаат на утврдувањето на износот и времето на признавање на приходите од договори со купувачи:

- **Одредување на метод за проценка на варијабилниот надомест и проценка на ограничувањето**

Договорите за продажба на стоки вклучуваат количински рабати што доведуваат до варијабилен надомест. При проценка на варијабилниот надомест, Друштвото е должно да го користи или методот на очекувана вредност или методот на најверојатен износ врз основа на тоа кој метод подобро го предвидува износот на надоместокот на кој ќе има право.

Друштвото утврди дека методот на очекувана вредност е соодветен метод за употреба при проценка на варијабилниот надомест за продажба на стоки со количински рабат, бидејќи договорите со клиентите имаат повеќе од еден количински праг.

Пред да вклучи каков било износ на варијабилен надомест во цената на трансакцијата, Друштвото разгледува дали износот на варијабилниот надомест е ограничен. Друштвото утврди дека проценките на варијабилниот надомест не се ограничени врз основа на нејзиното историско искуство, деловната прогноза и моменталните економски услови. Покрај тоа, неизвесноста за варијабилниот надомест ќе се реши во краток временски период.

Друштвото ја ажурира својата проценка на количинските рабати квартално. Проценките за количинските рабати се чувствителни на промените во околностите и минатото искуство на Друштвото во врска со правата за попуст може да не биде репрезентативно за реалните приноси на клиентите и правата за попуст во иднина.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки (продолжува)**

**Расудувања (продолжува)**

**Проценки и претпоставки**

***Обврска за надомест за пензија***
Обврската за надомест за пензија се пресметува со примена на актуарска проценка. Оваа проценка бара утврдување претпоставки во однос на дисконтната стапка, идните зголемувања на плати, флуктуацијата на персоналот и стапките на смртност. Поради долгорочната природа на овие обврски, овие претпоставки се предмет на значителна неизвесност. На 31 декември 2025 година, обврската на Друштвото за пензиски надоместоци изнесува 13.074 илјади МКД (2024: 13.789 илјади МКД). Дополнителни информации во врска со оваа обврска се дадени во белешка14.

***Корисен век на недвижности. постројки и опрема и нематеријалните средствата***
Корисниот век на средствата се утврдува врз основа на минато искуство со слични средства, како и идниот технолошки развој и промени на економските и индустриските фактори. Покрај тоа, како основен водич се користат сметководствените политики за амортизациони стапки пропишани од страна на даночната регулатива. Соодветноста на проценетиот корисен век се оценува годишно, или кога постојат индикации за значителни промени на проценките.

Поради значителното учество на средствата кои се амортизираат во вкупните средства, влијанието на евентуални промени во овие претпоставки може да биде материјално за финансиската позиција и резултатот од активностите. Доколку трошокот за депрецијација се намали/ зголеми за 10% ова ќе резултира со промена во годишниот трошок за амортизација во износ од приближни МКД 9.427 илјади (2021: МКД 25.263 илјади).
Користените стапки на амортизација се најдобрата проценка за корисниот век на средствата на Друштвото.
Информациите за корисниот век на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства се прикажани во Белешка 2.2.

***Потенцијално оштетување на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства***
Друштвото (со поддршка на неговиот краен сопственик) ја проценува потребата од оштетување на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства секогаш кога постои причина дека сметководствената вредност може значително да ја надминува надоместливата вредност и кога оштетувањето е предвидено. Надоместливата вредност се утврдува со помош на пресметки, при што се користат широк обем на проценки и фактори кои влијаат врз неа.
Покрај тоа, Друштвото ги зема во предвид идните приходи и трошоци, технолошката застареност, прекин на активностите и други промени на факторите кои можат да доведат до оштетување. Доколку се идентификува оштетување, исто така се утврдува разликата меѓу објективната вредност и трошоците за продажба, со цел да се пресмета точниот износ на оштетување. Бидејќи оваа пресметка е субјективна, износот на потенцијалното оштетување може значително да се разликува од резултатите од овие калкулации. Во тековната година не се идентификувани показатели на оштетување и соодветно на тоа не е направен тест за оштетување.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки (продолжува)**

**Расудувања (продолжува)**

**Проценки и претпоставки (продолжува)**

***Исправка на вредноста на побарувањата од купувачите и останати побарувања***
Калкулацијата за исправка на спорни побарувања се пресметува врз основа на проценетите загуби од неспособноста на купувачите да ги исплатат бараните износи. За оние купувачи кои се во банкрот или ликвидација, оштетувањето се пресметува индивидуално, додека за останатите купувачи се пресметува врз база на портфолиото, земајќи ја во предвид старосната структура на побарувањата и минатите отписи, кредитната способност на купувачите и промените во условите за плаќање. Овие фактори се оценуваат периодично и се прават промени доколку е потребно, Проценките вклучуваат предвидувања за идните активности на купувачот и идните наплати на побарувањата. Доколку финансиската состојба на купувачите се влоши, отписите на тековните побарувања ќе бидат повисоки од предвидените и може да го надминат нивото на загуба што веќе е признаено.

***Резервации***
Резервациите генерално се субјективни, посебно во случај на судски спорови. Друштвото ја проценува можноста за негативен настан, како резултат на минати настани и доколку таа изнесува над педесет проценти. Друштвото во целост ја прикажува обврската. Друштвото вообичаено извршува разумна проценка, но поради високото ниво на несигурност, во некои случаи евалуацијата можно е да се разликува од крајниот ефект на судскиот спор.

***Данок на солидарност***
На 25 септември 2023 година стапи на сила Законот за данок на солидарност и истиот е применлив само за 2023 година. Основата за пресметка се резултати од изминати години. Согласно одредбите од законот, утврден е дополнителен данок. Даночната стапка е 30%. Данокот на солидарност е еднократна јавна давачка за 2023 година, меѓутоа не се пресметува и плаќа врз основа на реалниот резултат за 2023 година, туку на номинална сума поврзана со резултатот – даночна основа за годината завршена на 31 декември 2022 година и по одредени корекции. Раководството смета дека данокот на солидарност не ја задоволува дефиницијата за барањата на МСС 12 – Данок на добивка и затоа е прикажан како Други оперативни трошоци во Билансот на успех во Годишната сметка и Финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2023 година. Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 5 февруари 2025 година, донесе Одлука според која се поништува Законот за данок на солидарност. За враќање на платениот данок, Министерството за финансии предложи решение на Друштвото, износот да се врати на две рати почнувајќи од март 2026 година и поради ова Друштвото го призна износот како друг приход во текот на 2025 година.

***Глобален минимален данок на доход – Столб II***

Северна Македонија усвои нов закон за минимален глобален данок од 15%.
Новиот закон има за цел да обезбеди минимално ефективно оданочување од 15% за големи мултинационални и домашни групи, слично на правилата утврдени од ОЕЦД и имплементирани преку Директива во Европската Унија (видете ја Забелешката 5 за повеќе детали).

## 2. Сметководствени политики (продолжува)

### 2.5. Стандарди издадени, но сè уште не се во сила и не се рано усвоени

#### 2.5.1. Стандарди објавени во Правилникот за Сметководство, но сè уште не се во сила

**МСФИ 9 Финансиски инструменти: Класификација и мерење**

Стандардот е во сила за периодите на известување што започнуваат на или по 1 јануари 2028 година. Стандардот го заменува МСС 39 Финансиски инструменти: Признавање и мерење. МСФИ 9 ги обединува сите три аспекти за сметководство на финансиски инструменти: класификација и мерење, обезвреднување и сметководство за хеџирање. Освен за сметководството за хеџирање, потребна е ретроспективна примена на стандардот, но обезбедувањето споредбени информации не е задолжително. За сметководството за хеџирање, барањата генерално се применуваат проспективно, со некои ограничени исклучоци.
Друштвото планира да го усвои новиот стандард на потребниот датум на стапување во сила и нема да ги преформулира споредбените информации.
Друштвото започна со проценка на влијанието на сите три аспекти на МСФИ 9. Оваа проценка се базира на моментално достапни информации и може да биде предмет на промени што произлегуваат од дополнителни разумни и поткрепливи информации што ќе бидат достапни за Друштвото во 2028 година, кога Друштвото ќе го усвои МСФИ 9.

Друштвото не очекува значително влијание врз нејзиниот извештај за финансиска состојба и капиталот како резултат на првичната примена на МСФИ 9.

**МСФИ 17: Договори за осигурување**

Стандардот е во сила за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2028 година, со дозволена и претходна примена доколку се применети и МСФИ 15 Приходи од договори со купувачи и МСФИ 9 Финансиски инструменти. Стандардот не е применлив за Друштвото.

#### 2.5.2. Стандарди кои не се усвоени во новиот Правилник за сметководство и сè уште не се ефективни

IASB ги издаде следниве МСФИ сметководствени стандарди и измени на МСФИ сметководствените стандарди, кои сè уште не се усвоени во новиот Правилник за сметководство:

**МСС 12 Данок на добивка: Меѓународна даночна реформа – Модел правила за Вториот столб (Pillar Two) - (Измени)**

Измените стапуваат на сила веднаш по издавањето, но одредени барања за објавување стапуваат на сила подоцна. Организацијата за економска соработка и развој (OECD) објави модел правила за Вториот столб во декември 2021 година за да се осигура дека големите мултинационални компании ќе бидат подложни на минимална даночна стапка од 15%. На 23 мај 2023 година, IASB издаде Меѓународна даночна реформа - Модел правила за Вториот столб - Измени на МСС 12. Измените воведуваат задолжителна привремена исклучителност во сметководството за одложени даноци кои произлегуваат од територијалната имплементација на модел правилата за Вториот столб и барања за објавување за засегнатите ентитети за потенцијалната изложеност на даноци од Вториот столб. Измените бараат, за

**2.Сметководствени политики (продолжува)**

**2.5. Стандарди издадени, но сѐ уште не се во сила и не се рано усвоени (продолжува)**

**2.5.2. Стандарди кои не се усвоени во новиот Правилник за сметководство и сѐ уште не се ефективни (продолжува)**

**МСС 12 Данок на добивка: Меѓународна даночна реформа – Модел правила за Вториот столб (Pillar Two) - (Измени) (продолжува)**

периоди во кои законодавството за Вториот столб е (суштински) донесено, но сѐ уште не е ефективно, објавување на познати или разумно проценливи информации кои помагаат на корисниците на финансиските извештаи да ја разберат изложеноста на ентитетот која произлегува од даноците од Вториот столб. За да се усогласат со овие барања, ентитетот е должен да објави квалитативни и квантитативни информации за својата изложеност на даноци од Вториот столб на крајот од извештајниот период. Објавувањето на тековниот даночен трошок поврзан со даноците од Вториот столб и објавувањата во врска со периодите пред законодавството да стане ефективно се бараат за годишни извештаи кои започнуваат на или по 1 јануари 2023 година, но не се бараат за ниеден меѓу период кој завршува на или пред 31 декември 2023 година. Друштвото ќе го анализира и оцени влијанието на измената врз нејзината финансиска позиција или успешност.

**МСС 1 Презентирање на финансиски извештаи: Класификација на обврски на тековни или нетековни (Измени)**
Измените стапуваат на сила за годишни извештаи кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година и се применуваат ретроактивно. Целта на измените е да се разјаснат принципите во МСС 1 за класификацијата на обврските како тековни или нетековни. Измените го разјаснуваат значењето на правото на одложување на исплатата, барањето за постоење на ова право на крајот од извештајниот период, дека намерите на раководството не влијаат на класификацијата на тековни или нетековни обврски, дека опциите третата страна кои би можеле да резултираат со исплата преку пренос на сопствени инструменти на ентитетот не влијаат на класификацијата на тековни или нетековни обврски. Исто така, измените специфицираат дека само обврските со кои ентитетот мора да се усогласи на или пред датумот на извештајот ќе влијаат на класификацијата на обврските. Дополнителни објавувања се исто така потребни за нетековни обврски кои произлегуваат од договори за заеми кои подлежат на обврски кои треба да се исполнат во рок од дванаесет месеци по извештајниот период. Друштвото ќе го анализира и оцени влијанието на измената врз нејзината финансиска позиција или успешност.

**МСФИ 16 Лизинг: Обврска за лизинг при продажба и повратен лизинг (Измени)**
Измените стапуваат во сила за годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година. Друштвото ќе го анализира и процени влијанието на измената врз нејзината финансиска состојба или перформанси.

**МСС 7 Извештај за паричните текови и МСФИ 7 Обелоденувања на финансиски инструменти - Финансиски договори со добавувачи (Измени)**

Измените стапуваат во сила за годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2024 година. Друштвото ќе го анализира и процени влијанието на измената врз нејзината финансиска состојба или перформанси.

**2.Сметководствени политики (продолжува)**

**2.5.Стандарди издадени, но сè уште не се во сила и не се рано усвоени (продолжува)**

**2.5.2.Стандарди кои не се усвоени во новиот Правилник за сметководство и сè уште не се ефективни (продолжува)**

**МСС 21 Ефектите од промените во девизните курсеви: Недостаток на можност за размена (Измени)**

Измените стапуваат во сила за годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, со дозволена претходна примена. Друштвото ќе го анализира и процени влијанието на измената врз нејзината финансиска состојба или перформанси.

**МСФИ 9 Финансиски инструменти и МСФИ 7 Финансиски инструменти: Обелоденувања - Класификација и мерење на финансиски инструменти (Измени)**
Измените стапуваат во сила за годишни периоди на известување што започнуваат на или по 1 јануари 2026 година. Друштвото ќе го анализира и процени влијанието на измената врз нејзината финансиска состојба или перформанси.

**МСФИ 9 Финансиски инструменти и МСФИ 7 Финансиски инструменти: Обелоденувања - Договори што се однесуваат на електрична енергија зависна од природата (Измени)**
Измените стапуваат во сила за годишни периоди на известување што започнуваат на или по 1 јануари 2026 година, со дозволена и претходна примена. Друштвото ќе го анализира и процени влијанието на измената врз нејзината финансиска состојба или перформанси.

**МСФИ 18 Презентација и објавување во финансиските извештаи**
Овие категории се дополнети со барањата за презентирање на подзбирови и збирови за 'оперативна добивка или загуба', 'добивка или загуба пред финансирање и даноци на добивка' и 'добивка или загуба'. Тој исто така бара објавување на мерки за перформанси дефинирани од раководството и вклучува нови барања за агрегирање и дезагрегирање на финансиските информации врз основа на идентификуваните 'улоги' на основните финансиски извештаи и белешките. Покрај тоа, постојат последователни измени на други сметководствени стандарди. МСФИ 18 стапува на сила за периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2027 година, со дозволено рано усвојување. Ретроспективната примена е задолжителна и за годишните и за периодичните финансиски извештаи.  Раководството ќе ги анализира барањата на овој ново издаден стандард и ќе го оцени неговото влијание.

**МСФИ 19 Подружници без јавна одговорност: Објавувања**
МСФИ 19 им дозволува на подружниците без јавна одговорност да користат намалени барања за објавување ако нивното матично друштво (или крајно или интермедијарна) подготвува јавно достапни консолидирани финансиски извештаи во согласност со МСФИ сметководствените стандарди. МСФИ 19 стапува на сила за периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2027 година, со дозволено рано усвојување. Стандардот не е применлив за Друштвото.

**2.Сметководствени политики (продолжува)**

**2.5.Стандарди издадени, но сѐ уште не се во сила и не се рано усвоени (продолжува)**

**2.5.2.Стандарди кои не се усвоени во новиот Правилник за сметководство и сѐ уште не се ефективни (продолжува)**

**Годишни подобрувања на МСФИ сметководствени стандарди – Дел 11**
Процесот на годишни подобрувања на IASB се занимава со измени кои не се итни, но се неопходни, разјаснувања и измени на МСФИ. Во јули 2024 година, IASB издаде Годишни подобрувања на МСФИ сметководствени стандарди — Дел 11. Ентитетот треба да ги применува тие измени за годишните извештајни периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2026 година. Годишните подобрувања на МСФИ сметководствени стандарди - Дел 11, вклучуваат измени на МСФИ 1, МСФИ 7, МСФИ 9, МСФИ 10 и МСС 7. Овие измени имаат за цел да ги разјаснат формулациите, да ги исправат малите непредвидени последици, пропусти или конфликти помеѓу барањата во стандардите. Во периодите на известување кои следат, Раководството ќе ги оцени барањата на измените и ќе го процени нивното влијание.

**Измена во МСФИ 10 Консолидирани финансиски извештаи и МСС 28 Инвестиции во придружени субјекти и заеднички потфати: Продажба или придонес на средства помеѓу инвеститор и неговата подружница или заедничко вложување**
Измените се однесуваат на признатa неконсистентност помеѓу барањата во МСФИ 10 и оние во МСС 28, во однос на продажбата или придонесот на средства помеѓу инвеститор и неговата подружница или заедничко вложување. Главната последица на измените е тоа што целосната добивка или загуба се признава кога трансакцијата вклучува деловна трансакција (без разлика дали е сместен во подружница или не). Делумна добивка или загуба се признава кога трансакцијата вклучува средства кои не се од деловна трансакција, дури и ако овие средства се сместени во подружница. Во декември 2015 година, IASB го одложи датумот на стапување на сила на оваа измена неопределено, во чекање на резултатот од неговиот истражувачки проект за методот на капитално сметководство. Стандардот не е применлив за Друштвото.

**2.Сметководствени политики (продолжува)**

**2.6 Споредбени информации**

Со цел да се обезбедат порелевантни информации на читателите на Финансиските извештаи, во текот на 2025 година, Друштвото направи промена во презентацијата и класификацијата на останатите оперативните трошоци и приходи во Извештајот за сеопфатна добивка. За да се одржи конзистентноста со презентацијата за тековната година, одредени ставки се прилагодени за споредбени цели. Промените во презентацијата не влијаат значително врз содржината на финансиските извештаи. Промените во презентациите се прикажани на следниов начин:

| | **2024 по промена** | **Опис на промената** | **2024 пред промена** |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 44.263.696 | Прекласификација од други оперативни приходи | 44.247.443 |
| Трошоци содржани во продадени производи | (43.094.978) | Прекласификација од други оперативни трошоци | (43.089.739) |
| **Бруто маржа** | **1.168.718** | | **1.157.704** |
| Трошоци за оператива и логистика | (561.363) | | (561.363) |
| Административни трошоци | (221.943) | | (221.943) |
| Продажни и дистрибутивни трошоци | (152.527) | | (152.527) |
| Други оперативни приходи | 13.026 | Прекласификација во Приходи од продажба | 29.279 |
| Други оперативни трошоци | (9.836) | Прекласификација во Трошоци содржани во продадени производи | (15.075) |
| **Добивка од работењето** | **236.075** | | **236.075** |

## 3. Управување со финансиските ризици

### 3.1 Фактори на финансиски ризик

Друштвото не користи хеџирано сметководство за прикажување на финансиските инструменти, при што добивката и загубата се прикажува во Извештајот за сеопфатна добивка. Друштвото е изложено на ризик од движење на девизните курсеви и пазарните цени кои што влијаат врз средствата и обврските. Целта на управувањето со финансиските ризици е да се ограничи влијанието на овие пазарни ризици преку оперативни и финансиски активности.

**Пазарен ризик**

Пазарниот ризик се дефинира како „ризик од флуктуација на пазарната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти како резултат на промена на пазарните цени,, и вклучува каматен ризик, валутен ризик и други ценовни ризици. Најголемиот дел од приходите на Друштвото се остварени во македонски денари (МКД), а преостанатиот дел во ЕУР и мал дел во УСД.

Најголемиот дел од трошоците на Друштвото се остварени во ЕУР, делумно во УСД и преостанатиот дел во МКД.  Како резултат на тоа, целта на Друштвото е да го минимизира нивото на финансискиот ризик во МКД услови. За презентација на пазарните ризици според МСФИ 7, потребни се сензитивни анализи за прикажување на ефектите од хипотетички промени на релевантните ризични варијабли на добивката или загубата или акционерскиот капитал. Периодичните ефекти се детерминирани од поврзаноста на хипотетичките промени на релевантните ризични варијабли со билансот на финансиските инструменти на денот на Извештајот за финансиска состојба. Салдото на денот на Извештајот за финансиска состојба ја прикажува цела година.

Тековните глобални артикли се во постојано флуктуирање на пазарот што резултираше, меѓу другото, во нестабилност на цената на суровата нафта. Целосниот степен на влијанието на овој развој на пазарот покажа дека е невозможно да се предвиди или целосно да се заштити од таквиот ефект на пазарот.

Раководството верува дека ги презема сите неопходни мерки за поддршка на одржливост и раст на бизнисот на Друштвото во сегашните околности. Сепак, идните флуктуации на пазарот не може да се предвиди со точност и прецизност.

**Валутен ризик**

Функционалната валута на Друштвото е Македонскиот денар (МКД). Изложеноста на валутен ризик на Друштвото е поврзано со поседување на странски валути и оперативни активности преку приходи од и исплати кон меѓународни друштва, како и капитални трошоци врз основа на договор со добавувачи во странска валута.

Друштвото управува со валутниот ризик преку намалување на бројот на договори со странски компании во УСД, и воведување договори во ЕУР. Друштвото поседува мали парични резерви во УСД валута. Друштвото користи парични депозити во МКД или депозити во МКД со девизна клаузула во евра.

## 3. Управување со финансиските ризици (продолжение)

### 3.1. Фактори на финансиски ризик (продолжение)

**Валутен ризик (продолжение)**

Сепак, набавната цена на нафтените деривати на кои се набавуваат од поврзани субјекти на Друштвото е деноминирана во ЕУР, освен еден производ кој е деноминиран во УСД, но сите деривати се поврзани со цената на нафтата и нафтените деривати на светскиот пазар, кои исто така се деноминирана во УСД. Следствено, постои инхерентен деловен ризик поврзан со овие трансакции.

Изложеноста на Друштвото на валутен ризик е како што следи:

| **2025** | **МКД** | **ЕУР** | **УСД** |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| Парични средства | 3.585.428 | 32.153 | 42.083 |
| Побарувања од купувачи и останати тековни финансиски средства | 899.618 | 82.537 | 17.591 |
| **Вкупно средства** | **4.485.046** | **114.690** | **59.674** |
| **Обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 382.333 | 211.363 | 172.893 |
| Останати тековни обврски | 1.063.827 | - | - |
| **Вкупно обврски** | **1.446.160** | **211.363** | **172.893** |
| **Нето изложеност** | **3.038.886** | **(96.673)** | **(113.219)** |

| **2024** | **МКД** | **ЕУР** | **УСД** |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| Парични средства | 2.945.984 | 98.831 | 31.967 |
| Побарувања од купувачи и останати тековни финансиски средства | 902.049 | 79.388 | 99.297 |
| **Вкупно средства** | **3.848.033** | **178.219** | **131.264** |
| **Обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 449.631 | 273.174 | 215.956 |
| Останати тековни обврски | 957.468 | - | - |
| **Вкупно обврски** | **1.407.099** | **273.174** | **215.956** |
| **Нето изложеност** | **2.440.934** | **(94.955)** | **(84.692)** |

Друштвото остварило повеќе набавки УСД отколку реализираните продажби во УСД. На 31 декември 2025, доколку вредноста на УСД е за 1% (2024: 1%) поголема или помала во однос на МКД, добивката по оданочување ќе изнесува МКД 1.132 илјади (2024: МКД 847 илјади) поголема или помала, соодветно. Друштвото остварило повеќе набавки ЕУР отколку реализираните продажби во ЕУР. На 31 декември 2025, доколку вредноста на ЕУР е за 1% (2024: 1%) поголема или помала во однос на МКД, добивката по оданочување ќе изнесува МКД 967 илјади (2024: МКД 950 илјади) поголема или помала, соодветно.

## 3. Управување со финансиските ризици (продолжение)

### 3.1. Фактори на финансиски ризик (продолжение)

**Каматен ризик**

Каматниот ризик претставува ризик од флуктуација на пазарната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти поради движење на пазарните каматни стапки. Промената на каматните стапки и каматните маржи може да влијае врз финансиските трошоци и финансиските инвестиции.

Промената на пазарните каматните стапки влијае врз приходот од камати на банкарски депозити. На 31 декември 2025 Друштвото има краткорочни депозити во износ од МКД 2.832.938 илјади (2024: МКД 1.850.741илјади). Доколку каматната стапка е за 1% (2024: 1%) поголема или помала во однос на договорената каматна стапка, добивката по оданочување ќе изнесува МКД 28.329 илјади (2024: МКД 18.507 илјади) поголема или помала, соодветно.

**Ценовен ризик**

Друштвото има изложеност на цените на стоките на ниво на цените на нафтени деривати. Тоа влијае на вредноста на залихите и продажните маржи, кои пак влијаат на идните парични текови на друштвото. Во случај на ценовен ризик, нивото на изложеност се определува со износот на залихите по цена на секој датум на балансот на состојба. Политиката на друштвото е да ги прикаже своите залихи по вредност пониска од историската набавна вредност и нето-реализирана вредност, а на резултатот влијае намалувањето на сметководствената вредност на залихите.

Обемот на изложеноста директно се однесува на нивото на залихите и стапката на намалување на цената. Изложеноста на продажната маржа се однесува на апсолутното ниво на маржа генерирана од работењето на рафинериите, главно поттикната од регулираните цени за домашниот пазар од страна на владините органи и Platts цените за странскиот пазар. Друштвото управува со ризикот на изложеност на маржа со оптимизација на увозот, со цел да има поволно ниво на залихи за да ја контролира продажната маржа.

**Кредитен ризик**

Кредитниот ризик се дефинира како ризик од неисполнување на обврската од едната страна предизвикувајќи загуба за другата страна. Друштвото е изложено на кредитен ризик преку оперативните активности и одредени финансиски активности. Процесот на управување на кредитниот ризик од оперативните активности вклучува превентивни мерки како што се проверка на кредибилитетот и превентивни забрани, корективни мерки во текот на законските односи како на пример, активности за опоменување и исклучување, соработка со агенции за наплата и наплата по законски односи како што се процеси на утужување, судски постапки, вклучување на извршната постапка и факторинг. Задоцнетите плаќања се следат преку постапка на проследување на долгот врз основа на видот на корисникот, кредитната класа и износот на долгот. Кредитниот ризик се контролира преку проверка на кредибилитетот - што утврдува дека корисникот нема долг и кредитната вредност на корисникот и преку превентивни забрани – што го утврдува кредитниот лимит врз основа на претходните трансакции.

## 3. Управување со финансиските ризици (продолжение)

### 3.1. Фактори на финансиски ризик (продолжение)

**Кредитен ризик (продолжение)**

Процедурите на Друштвото обезбедуваат на перманентна основа продажбата да се извршува на корисници со соодветна кредитна историја и да не се надминува лимитот за изложување на кредитен ризик.

Друштвото има банкарски гаранции, хипотеки и меници, како и останати средства за обезбедување со купувачите со цел да ја осигура нивната наплата. Друштвото не гарантира за обврските на други страни. Максималната изложеност на кредитниот ризик е претставена преку вредноста на финансиските средства во Извештајот за финансиска состојба.

Друштвото смета дека максималната изложеност е претставена преку износот на побарувањата намалени за исправката на вредност и износот на банкарските депозити, на датумот на Извештајот за финансиска состојба. Раководството соработува со најеминентните банки кои се во домашна или странска сопственост на домашниот пазар.

Изложеноста на Друштвото на кредитниот ризик на 31 декември 2025 и 31 декември 2024 година е прикажана во следната табела:

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Пари и парични средства | 3.659.664 | 3.076.777 |
| Побарувања од купувачи | 146.024 | 215.591 |
| Останати побарувања | 853.722 | 850.443 |
| | **4.659.410** | **4.142.811** |

Во категоријата пари и парични средства прикажани во табелата, не се вклучени парите во благајна бидејќи не постои кредитен ризик за оваа категорија.

Побарувањата се прикажани како што следи:

| | **31 декември 2025** | | **31 декември 2024** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Побарувања од купувачи во земјата** | **Побарувања од купувачи во странство** | **Побарувања од купувачи во земјата** | **Побарувања од купувачи во странство** |
| Недоспеани и побарувања за кои не е направена исправка | 38.639 | 100.129 | 34.761 | 180.278 |
| Доспеани побарувања за кои не е направена исправка | 7.256 | - | 552 | - |
| Побарувања за кои е направена исправка | 46.621 | 18.073 | 46.620 | 20.284 |
| **Бруто** | **92.516** | **118.202** | **81.933** | **200.562** |
| Намалено за: Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања | (46.621) | (18.073) | (46.620) | (20.284) |
| **Нето** | **45.895** | **100.129** | **35.313** | **180.278** |

## 3. Управување со финансиските ризици (продолжение)

### 3.1. Фактори на финансиски ризик (продолжение)

**Кредитен ризик (продолжение)**

Побарувањата од купувачите во износ од МКД 7,256 илјади (2024: 552илјади) се побарувања кои се доспеани, а за кои не е направена исправка. Истите во најголем дел се однесуваат на побарувања со застареност не повеќе од 30 дена, за кои нема случај на неплаќање во претходните периоди и се обезбедени со колатерал. Повеќе детали се презентирани во Белешка 11.

**Ризик на ликвидност**

Ризик на ликвидност претставува ризикот од неспособност на Друштвото да ги исплати своите обврски навремено. Политиката на Друштвото е да одржува соодветен износ на пари и парични средства со цел да ги подмири обврските во иднина. Секој вишок на парични средства најчесто се депонира во комерцијалните банки. Процесот на управување со ризикот на ликвидност вклучува проекција на паричните текови според девизни валути и утврдување на потребниот износ на ликвидни средства, земајќи ги во предвид бизнис планот, наплатата на побарувањата и одливот на парични средства. Редовни проекции на паричните текови се подготвуваат и надополнуваат од страна на оддел за плаќања.

Финансиските обврски на Друштвото, подделни по категории според нивната доспеаност, прикажана според преостанатиот период сметано од денот на Извештајот за финансиска состојба до денот на нивната доспеаност според договор, се прикажани во следнава табела. Презентираните износи претставуваат недисконтирани парични текови според договор.

| | **Помалку од 3 месеци** | **Помеѓу 3 месеци 1 година** | **Над 1 година** |
|---|---|---|---|
| **На 31 декември 2025** | | | |
| Обврски кон добавувачи* | 601.359 | - | - |
| Останати тековни обврски | 1.052.584 | - | - |
| Обврски за наеми | 3.240 | 8.003 | - |
| | **1.657.183** | **8.003** | **-** |
| **На 31 декември 2024** | | | |
| Обврски кон добавувачи* | 752.750 | - | - |
| Останати тековни обврски | 957.468 | - | - |
| | **1.710.218** | **-** | **-** |

Анализата на доспеаноста се однесува само на финансиските инструменти и затоа законските обврски се исклучени од оваа анализа.
* Исклучени обврски кон странски и домашни добавувачи пред превземањето

## 3. Управување со финансиските ризици (продолжение)

### 3.2 Управување со ризикот на капитал

Целта на Друштвото при управување на капиталот е да ја зачува способноста да продолжи со своите активности во континуитет и со тоа да овозможи добивка за акционерите и бенефиции за останатите заинтересирани страни, како и да одржува оптимална структура на капиталот со цел да го намали трошокот на капитал. Раководството направи проценка на принципот на континуитет и врз основа на сегашната ликвидносна позиција на Друштвото и направените планови нема неизвесност која влијае на принципот на континуитет.

## 4. Приходи и трошоци

### 4.1 Приходи од договори со купувачи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Продажби на домашен пазар | 27.709.808 | 30.492.198 |
| Продажби на странски пазар | 10.697.057 | 13.755.245 |
| Продажба на електрична енергија | 85.353 | 16.253 |
| | **38.492.218** | **44.263.696** |

**Договорни состојби**

| | 31 декември 2025 |
|---|---|
| | *MKD'000* |
| Побарувања од купувачи (Белешка 11) | 121.651 |
| Побарувања од поврзани субјекти (Белешка 19) | 24.373 |
| Обврски по договори (Белешка 16) | 755.698 |

Побарувањата од купувачите не носат камата и генерално се со рок на отплата од 0 до 30 дена.

Договорните обврски вклучуваат краткорочни аванси добиени од клиенти за испорака на нафтени деривати, кои се објавени во Белешка 16.

### 4.2 Трошоци содржани во продадени производи

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Набавна вредност на трговски стоки | 37.066.507 | 43.038.613 |
| Набавна вредност на тргувана електрична енергија | 39.442 | 5.239 |
| Исправка на вредност на залиха | 14.532 | 12.320 |
| Трошоци на манипулација, кало и растур | 47.540 | 38.806 |
| | **37.168.021** | **43.094.978** |

## 4. Приходи и трошоци (продолжува)

### 4.3 Трошоци за оператива и логистика

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Амортизација | 68.062 | 221.973 |
| Трошоци за бруто плати и други бенефиции | 177.416 | 184.713 |
| Електрична енергија | 14.857 | 19.044 |
| Останати фиксни трошоци | 18.802 | 12.525 |
| Трошоци за осигурување | 32.813 | 33.920 |
| Трошоци за одржување | 25.405 | 25.718 |
| Трошоци за превоз и храна на вработените | 22.118 | 22.865 |
| Сопствена потрошувачка на горива | 2.416 | 2.683 |
| Разни трошоци | 30.025 | 33.009 |
| Трошоци за отпремнина | 388 | 4.186 |
| Трошоци за телекомуникации | 414 | 374 |
| Трошоци за канцелариска опрема | 300 | 353 |
| Амортизација на средства со право на користење | 5.026 | - |
| | **398.042** | **561.363** |

Останати фиксни трошоци вклучуваат трошоци за комунални услуги, транспорт на вработени и употреба на сопствени производи.

### 4.4 Административни трошоци

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Трошоци за бруто плати и други бенефиции | 81.378 | 79.991 |
| Разни трошоци | 61.551 | 67.359 |
| Амортизација | 15.408 | 17.029 |
| Останати фиксни трошоци | 31.051 | 26.533 |
| Трошоци за односи со јавноста и рекламирање | 19.334 | 7.280 |
| Трошоци за закупнина | 3.641 | 7.574 |
| Трошоци за превоз и храна на вработените | 6.948 | 6.821 |
| Трошоци за осигурување | 7.857 | 3.821 |
| Трошоци за одржување | 657 | 1.569 |
| Службени патувања | 1.488 | 1.050 |
| Трошоци за отпремнина | 412 | 1.636 |
| Трошоци за телекомуникации | 1.224 | 1.010 |
| Трошоци за канцелариска опрема | 183 | 270 |
| Амортизација на средства со право на користење | 4.807 | - |
| | **235.939** | **221.943** |

Разните трошоци вклучуваат трошоци за членарини, менаџерски трошоци, останати непроизводствени трошоци и трошоци за ревизија во износ 4.533 илјади денари (2024: 3.954 илјади денари). Останати фиксни трошоци вклучуваат трошоци за комунални услуги и употреба на сопствени производи.

Салдото на трошоци за закупнина за тековната година вклучува само краткорочни закупи, поради примената на МСФИ 16, од 1 јануари 2025 година.

## 4. Приходи и трошоци (продолжува)

### 4.5 Продажни и дистрибутивни трошоци

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Трошоци за бруто плати и други бенефиции | 39.994 | 41.135 |
| Разни трошоци | 34.577 | 27.987 |
| Амортизација | 10.803 | 13.266 |
| Трошоци за одржување | 1.804 | 862 |
| Останати варијабилни трошоци | 4.696 | 6.892 |
| Трошоци за превоз и храна на вработените | 3.929 | 3.970 |
| Трошоци за превоз на производи | 3.272 | 10.583 |
| Останати фиксни трошоци | 17.967 | 27.651 |
| Трошоци за закупнина | 1.157 | 2.222 |
| Трошоци за односи со јавноста и рекламирање | 17.518 | 14.382 |
| Трошоци за отпремнина | 807 | 510 |
| Членарини и претплати | 8 | 8 |
| Трошоци за осигурување | 5.113 | 2.502 |
| Трошоци за канцелариска опрема | 290 | 353 |
| Трошоци за телекомуникации | 206 | 204 |
| Амортизација на средства со право на користење | 1.656 | - |
| | **143.797** | **152.527** |

Разните трошоци претежно се однесуваат на трошоци за контрола на квалитетот на нафтените деривати при извоз.

Салдото на трошоците за наем за тековната година вклучува само краткорочни наеми, поради примената на МСФИ 16, почнувајќи од 1 јануари 2025 година

### 4.6 Други оперативни приходи

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Дополнително утврдени приходи | 5.839 | 11.652 |
| Приходи од данок на солидарност | 49.718 | - |
| Наплатени отпишани побарувања | 211 | 608 |
| Приходи од дивиденди | 869 | 766 |
| | **56.637** | **13.026** |

На 25 септември 2023 година стапи на сила Законот за данок на солидарност. Во согласност со барањата на законот, утврден е дополнителен данок од МКД 49.718 илјади. Друштвото го призна данокот како еднократен трошок за 2024 година и го плати во законски предвидената временска рамка. Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 5 февруари 2025 година, постапувајќи по повеќе иницијативи за оценување на уставноста на Законот за данок на солидарност, донесе Решение според кое Законот се поништува. За враќање на данокот на солидарност, Министерството за финансии и предложи на Друштвото има данокот на солидарност да биде вратен во две рати и тоа првата во март 2026 (белешка 11) и втората во март 2027.

## 4.Приходи и трошоци (продолжува)

### 4.7 Други оперативни трошоци

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Резервации за судски спорови | 1.205 | 7.489 |
| Исправка на вредноста на залихата | 236 | 668 |
| Исправка на вредноста на спорни и сомнителни побарувања | - | 669 |
| Трошоци за отстранување на отпад | 2.750 | 1.010 |
| | **4.191** | **9.836** |

### 4.8 Финансиски приходи и трошоци

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Позитивни курсни разлики – нето | 18.259 | - |
| Приходи од камати | 61.494 | 19.350 |
| **Финансиски приходи** | **79.753** | **19.350** |
| | | |
| Негативни курсни разлики – нето | - | (2.840) |
| Трошоци за камати | (131) | (47) |
| Трошоци за камати по обврски за лизинг | (764) | |
| Трошоци за банкарски провизии | (10.934) | (14.609) |
| **Финансиски трошоци** | **(11.829)** | **(17.496)** |
| **Финансиски приходи/(трошоци) – нето** | **67.924** | **1.854** |

## 5 Трошок за данок на добивка

Признаено во Извештајот за сеопфатна добивка:

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Добивка/(загуба) пред оданочување | 666.789 | 237.929 |
| Трошок за данок од 10 % | 66.789 | 23.793 |
| Корекции: | | |
| Неоданочен одбиток според локални прописи | 7.134 | 8.103 |
| Примени дивиденди | (87) | (77) |
| Реинвестирана добивка | (4.534) | (19.168) |
| **Трошок за данок** | **69.302** | **12.651** |
| **Ефективна даночна стапка пред дополнителен минимален глобален данок** | **10,39%** | **5,32%** |
| **Квалификуван дополнителен минимален глобален данок** | **24.210** | **7.851** |
| **Ефективна даночна стапка по дополнителен минимален глобален данок** | **14,02%** | **8,62%** |

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| *Тековни даночни расходи* | | |
| Тековна година | *(61.257)* | (21.795) |
| *Трошок за одложен данок* | | |
| (Намалување)/ Зголемување на одложени даночни средства | (8.045) | *9.144* |
| Квалификуван дополнителен минимален глобален данок | *(24.210)* | *(7.851)* |
| **Вкупен данок од добивка во Извештајот за сеопфатна добивка** | ***(93.512)*** | **(20.502)** |

Од 1 август 2014 година стапи на сила нов Закон на добивка, со примена од 1 јануари 2014 година за нето приход за 2014 година. Согласно одредбите на овој Закон (и измените од 2015 до 2024 година), даночната основица е добивката генерирана во текот на фискалната година зголемена за даночно непризнаените трошоци и намалена за приходите од данок (дивидендите што се веќе оданочени по исплатувачот), оданочена по даночна стапка од 10%.

Даночните органи имаат право во секое време да ги проверат документите и извештаите во рок од 5 до 10 години од датумот на поднесениот даночен извештај и може да утврдат дополнителни даночни обврски и казни. Раководството на Друштвото не очекува последици што може да резултираат со потенцијална материјална обврска по овој основ.

## 5. Трошок за данок на добивка (продолжение)

### Глобален минимален данок - Столб II

Северна Македонија усвои нов закон за минимален глобален данок од 15%.

На 27 декември 2024 година, Министерството за финансии го предложи Закон за минимален глобален данок на добивка, кој беше усвоен на истиот датум од страна на Собранието и стапи во сила на денот на неговото објавување на Службен државен весник на Северна Македонија на 3 јануари 2025 година. Новиот закон воведува правило на Квалификуван Домашен Дополнителен Данок од 15% за големи и мултинационални компании врз основа на меѓународно прифатените правила на ОЕЦД и имплементација на Директивата во Европската Унија.

Законот се однесува на составни субјекти на мултинационални групи или големи домашни групи со годишни консолидирани приходи од 750 милиони евра или повеќе во најмалку две од четирите фискални години што претходат на тестираната фискална година.

Националниот дополнителен данок се применува од 1 јануари 2024 година, освен за субјектите кои се исклучени врз основа на правилото за иницијална фаза на активност, за кои дополнителниот данок ќе се применува од 1 јануари 2025 година. Првата обврска за известување и плаќање на дополнителниот ќе биде во рок од 18 месеци за транзициskiот период по завршувањето на соодветниот даночен период. Последователните обврски за известување ќе го следат стандардниот период од 15 месеци по завршувањето на соодветниот даночен период.

Дополнително, новиот закон содржи одредби за усвојување на Правилник до крајот на 2025 година. Новите даночни правила и овозможуваат на македонската влада да го наплати минималниот данок до 15%, кој инаку би бил наплатен во даночниот буџет на државата на матичната компанија. Сепак, може да биде потребно правилата дополнително да се приспособат за примена во Северна Македонија за да се намали неизвесноста во однос на примената на исклучоците и формите на даночни олеснувања кои моментално ја намалуваат ефективната даночна стапка на македонските даночни обврзници кои ги исполнуваат условите. Понатамошно појаснување е неопходно во однос на применета на транзициските правила за безбедно пристаниште (safe harbour rules ) во Северна Македонија, кои генерално овозможуваат поедноставување и исклучување за одредени категории на составни субјекти во првите неколку години од нивното усвојување.

Соодветната законска рамка е применлива за ОКТА, која е членка на мултинационална групација што ги исполнува критериумите за Столб II, при што ги спроведе неопходните пресметковни анализи и износот го презентира во трошоците за данок на добивка за 2025 и 2024 година.

## 5. Трошок за данок на добивка (продолжение)

### Одложени даночни средства

Признаените одложени даночни средства се припишуваат на разлика во стапките на амортизација. Друштвото не препознало никаква одложена даночна обврска.

Движење на времени разлики во текот на годината

| Во илјади денари | Баланс на 1 Јануари 2025 | Искористено одложено даночно средство | Признаена во приход | Баланс на 31 Декември 2025 |
|---|---|---|---|---|
| Амортизација на средства | 24.067 | 8.045 | - | 16.022 |
| | **24.067** | **8.045** | **-** | **16.022** |

Времените разлики се однесуваат на пренесените даночни загуби и разликата помеѓу користените групациски стапки на амортизација и официјалните стапки објавени од Управата за Јавни Приходи.

## 6. Заработка по акција

Основната заработка по акција се смета со делење на профитот на сопствениците на обични акции со просечен број на обични акции издадени во текот на годината:

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Добивка за годината | 573.277 | 217.427 |
| **Добивка за сопствениците на обични акции** | **573.277** | **217.427** |
| Просечен број на издадени обични акции: | 761.724 | 808.094 |
| | 0,75 | 0,27 |

Просечен број на обични акции на Друштвото во 2025 е 761.724 (2024: 808.094). Во текот на 2024 година, ОКТА купи сопствени акции (види Белешка 13 - Акции).

## 7. Нематеријални средства

| | *Софтвер и останати права* | |
|---|---|---|
| | **2025** | **2024** |
| **Набавна вредност** | | |
| Состојба на 1 Јануари | 130.776 | 122.280 |
| Зголемување | 12.838 | 8.496 |
| Софтвер во подготовка | 702 | - |
| **Состојба на 31 Декември** | **144.316** | **130.776** |
| **Исправка на вредноста** | | |
| Состојба на 1 Јануари | 100.781 | 92.772 |
| Амортизација | 9.250 | 8.009 |
| **Состојба на 31 Декември** | **110.031** | **100.781** |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември*** | ***34.285*** | ***29.995*** |

*Обезвреднување на нематеријални средства*

Друштвото изврши преглед на оштетувањето на нематеријалните средства на 31 декември 2025 година. Не се идентификувани индикатори дека сметководствената вредност на средствата го надминува нивниот надоместлив износ и како резултат на тоа, во финансиските извештаи не е признаена загуба од оштетување.

## 8. Недвижности, постројки и опрема

| | Земјиште | Згради | Машини и опрема | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2025** | | | | | |
| Набавна вредност | 247.319 | 3.326.496 | 6.741.693 | 305.024 | 10.620.532 |
| Акумулирана амортизација | - | (3.079.969) | (6.208.492) | - | (9.288.461) |
| **Нето книговодствена вредност** | **247.319** | **246.527** | **533.201** | **305.024** | **1.332.071** |
| **Година завршена на 31 декември 2025** | | | | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | **247.319** | **246.527** | **533.201** | **305.024** | **1.332.071** |
| Зголемувања | - | | | 227.554 | 227.554 |
| Намалувања | - | (12.875) | (38.292) | - | (51.167) |
| Пренос од инвестиции од тек | - | 10.547 | 198.820 | (209.367) | - |
| Намалувања на амортизација | - | 12.875 | 38.292 | - | 51.167 |
| Амортизација | - | (17.880) | (67.143) | - | (85.023) |
| **Крајна нето книговодствена вредност** | **247.319** | **239.194** | **664.878** | **323.211** | **1.474.602** |
| **На 31 декември 2025** | | | | | |
| Набавна вредност | 247.319 | 3.324.168 | 6.902.220 | 323.211 | 10.796.918 |
| Акумулирана амортизација | - | (3.084.974) | (6.237.342) | - | (9.322.316) |
| **Нето книговодствена вредност** | **247.319** | **239.194** | **664.878** | **323.211** | **1.474.602** |
| **Година завршена на 31 декември 2024** | | | | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | 247.319 | 233.747 | 507.201 | 348.788 | 1.337.055 |
| Зголемувања | - | - | - | 239.273 | 239.273 |
| Пренос од инвестиции од тек | - | 32.930 | 250.107 | (283.037) | - |
| Амортизација | - | (20.150) | (224.107) | - | (244.257) |
| **Крајна нето книговодствена вредност** | **247.319** | **246.527** | **533.201** | **305.024** | **1.332.071** |
| **На 31 декември 2024** | | | | | |
| Набавна вредност | 247.319 | 3.326.496 | 6.741.693 | 305.024 | 10.620.532 |
| Акумулирана амортизација | - | (3.079.969) | (6.208.492) | - | (9.288.461) |
| **Нето книговодствена вредност** | **247.319** | **246.527** | **533.201** | **305.024** | **1.332.071** |

Од вкупните трошоци за амортизација (на материјалните и нематеријалните средства), во трошоци за оператива и логистика вклучени се МКД 68.062 илјади (2024: МКД 221.973 илјади), во административни трошоци се вклучени МКД 15.408 илјади (2024: МКД 17.029 илјади) и во продажни и дистрибутивни трошоци се вклучени МКД 10.802 илјади (2024: МКД 13.266 илјади).

*Обезвреднување на недвижности, постројки и опрема*

Друштвото изврши преглед на оштетувањето на материјалните средства на 31 декември 2025 година. Не се идентификувани индикатори дека сметководствената вредност на средствата го надминува нивниот надоместлив износ.

## 9. Финансиски средства расположливи за продажба

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| На 1 јануари | 19.438 | 13.352 |
| Зголемувања | - | - |
| Отуѓување | - | - |
| Нето добивки пренесени во ревалоризациони резерви | 3.539 | 6.086 |
| **На 31 декември** | **22.977** | **19.438** |

Финансиските средства расположливи за продажба се деноминирани во македонски денари и го вклучуваат следново:

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Вложувања во компании | 22.977 | 19.438 |
| | **22.977** | **19.438** |

Признавањето на загуба поради оштетување во добивката или загубата за периодот на финансиските средства расположливи за продажба се определува според тоа дали намалувањето на цената е значајно или продолжено. Зголемувањето на цената на вложувањата влијае на капиталот (преку друг сеопфатен приход) и нема влијание врз тековната добивка или загуба. Во текот на тековниот и претходните периоди на известување, не се признати загуби поради оштетување на средствата расположливи за продажба.

Следната табела ја прикажува хиерархијата на мерење на објективна вредност на финансиските средства расположливи за продажба на Друштвото.

| | | **Вреднување со користење на** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Дата на вреднување** | **Вкупно** | **Котирана цена (Ниво 1)** | **Значајни податоци за опсервација (Ниво 2)** | **Незабележливи податоци (Ниво 3)** |
| | | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* |
| **Средства вреднувани по објективна вредност:** | | | | | |
| Котирани акции | 31.12.2025 | | 22.977 | - | - |
| Некотирачки акции | 31.12.2025 | | - | - | -- |

| | | **Вреднување со користење на** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Дата на вреднување** | **Вкупно** | **Котирана цена (Ниво 1)** | **Значајни податоци за опсервација (Ниво 2)** | **Незабележливи податоци (Ниво 3)** |
| | | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* |
| **Средства вреднувани по објективна вредност:** | | | | | |
| Котирани акции | 31.12.2024 | | 19.438 | - | - |
| Некотирачки акции | 31.12.2024 | | - | - | -- |

## 10. Залихи

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Трговска стока | 613.179 | 901.791 |
| Резервни делови и ситен инвентар | 16.676 | 15.841 |
| **Вкупно залихи** | **629.855** | **917.632** |

Во текот на 2025 година се признаени расходи за залихи евидентирани по нето-остварлива вредност во износ од 14.532 илјади МКД (2024: МКД 12.320 илјади). Овој износ е признаен во трошоци содржани во продадени производи.

## 11. Побарувања од купувачите и други побарувања

Нето книговодствената вредност на побарувањата од купувачите е следната:

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 92.516 | 81.933 |
| Купувачи од странство | 118.202 | 200.562 |
| **Побарувања од купувачи – бруто** | **210.718** | **282.495** |
| Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања | (64.694) | (66.904) |
| **Вкупно побарувања од купувачи** | **146.024** | **215.591** |

## 11.Побарувања од купувачите и останати побарувања (продолжение)

Нето книговодствената вредност на побарувањата од купувачите и останатите побарувања е следната:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 92.387 | 81.918 |
| Купувачи од странство | 93.958 | 200.562 |
| Купувачи поврзани субјекти во земјата (Белешка 19) | 129 | 15 |
| Купувачи поврзани субјекти во странство (Белешка 19) | 24.244 | - |
| Намалено за: Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања | (64.694) | (66.904) |
| **Побарувања од купувачите - нето** | **146.024** | **215.591** |
| Побарувања од “Escrow“ сметка | 769.497 | 769.497 |
| Претплатени трошоци | 51.398 | 77.236 |
| Авансни плаќања | 2.673 | 3.710 |
| Побарувања од државата (белешка 4.6) | 24.859 | - |
| Побарувања за данок на добивка | - | 14.700 |
| Останати побарувања | 5.295 | - |
| **Останати побарувања** | **853.722** | **865.143** |
| | **999.746** | **1.080.734** |

Побарувањата од поврзани субјекти претставуваат побарувања од Подружница Вардакс (2024: Подружница Вардакс - Белешка 19).

Според одредбите од Договорот за купопродажба и концесија од 8 мај 1999 склучен помеѓу ЕЛ.П.ЕТ. Балканики С.А. (матичната компанија) и Владата на Република Северна Македонија, Друштвото има евидентирано побарувања за периодот од 2000 до 2004 година, во износ од приближно МКД 769.497 илјади кои се настанати пред преземањето на Друштвото од страна на ЕЛ.П.ЕТ. Балканики С.А.

Старосната анализа на побарувања од купувачите е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Недоспеани | 138.768 | 215.039 |
| до 30 дена | 4.721 | 277 |
| од 30 до 90 дена | 1.806 | 239 |
| од 90 дена до 1 година | 729 | 36 |
| Над 1 година | 64.694 | 66.904 |
| **Вкупно бруто побарувања од купувачи** | **210.718** | **282.495** |

Движењата на провизијата за исправка на вредноста на побарувањата од купувачи е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| На 1 јануари | 66.904 | 66.427 |
| Провизија за исправка на вредност на побарувањата | - | - |
| Наплатени провизирани побарувања | - | - |
| Ослободување на провизија | - | - |
| Трансфери | (2.210) | 477 |
| **На 31 декември** | **64.694** | **66.904** |

## 11.Побарувања од купувачите и останати побарувања (продолжение)

Исправката на вредност генерално се отпишува кога не постојат предвидувања за надомест на побарувањето.
Старосната структура на побарувањата кои имаат исправка на вредноста е како што следи:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Над 1 година | 64.694 | 66.904 |
| Над 180 дена | - | - |
| | **64.694** | **66.904** |

Нето книговодствените вредности на побарувањата од купувачите се деноминирани во следниве валути:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| МКД | 45.896 | 36.906 |
| ЕУР | 82.537 | 79.388 |
| УСД | 17.591 | 99.297 |
| | **146.024** | **215.591** |

Нето книговодствените вредности на останатите побарувања се деноминирани во следниве валути:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| МКД | 853.722 | 865.143 |
| | **853.722** | **865.143** |

Пазарната вредност на побарувањата од купувачите и останатите побарување на денот на Извештајот за финансиска состојба е иста со нивната нето книговодствена вредност.

## 12. Пари и парични средства

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Денарски жиро - сметки | 753.545 | 1.096.826 |
| Девизни жиро - сметки | 74.236 | 130.798 |
| Благајна | - | 5 |
| Останати парични средства | 2.832.937 | 1.850.741 |
| Исправка на вредноста на паричните средства | (1.054) | (1.588) |
| | **3.659.664** | **3.076.782** |

Депозитите со рок на достасување над три месеци може да се повлечат во секое време без казнени пенали, и како резултат на тоа, се сметаат за парични средства и парични еквиваленти.
Нето книговодствената вредности на парите и паричните средства се деноминирани во следните валути:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| МКД | 3.585.428 | 2.945.984 |
| ЕУР | 32.153 | 98.831 |
| УСД | 42.083 | 31.967 |
| | **3.659.664** | **3.076.782** |

## 13. Капитал и резерви

### Акции

Вкупниот број на обични акции изнесува 846.360 обични акции со номинална вредност од ЕУР 51,12 по акција (2021: 846.360 со номинална вредност од ЕУР 51,12 по акција). Сите издадени акции се целосно платени. Во текот на 2024 година, ОКТА купи 84.636 сопствени акции.

Заклучно со 31 декември 2025 структурата на акционерите е како следи:

| | **Број на обични акции** | **Вкупен број на акции** | **% од вкупниот акционерски капитал** |
|---|---|---|---|
| ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А. | 724.360 | 724.360 | 85,59 % |
| ОКТА АД Скопје | 84.636 | 84.636 | 10,00% |
| Други 1) | 37.364 | 37.364 | 4,41 % |
| | **846.360** | **846.360** | **100 %** |

1) Акционери кои индивидуално се сопственици на помалку од 0,4% од акционерскиот капитал.

Заклучно со 31 декември 2024 структурата на акционерите е како следи:

| | **Број на обични акции** | **Вкупен број на акции** | **% од вкупниот акционерски капитал** |
|---|---|---|---|
| ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А. | 724.360 | 724.360 | 85,59 % |
| ОКТА АД Скопје | 84.636 | 84.636 | 10,00% |
| Други 1) | 37.364 | 37.364 | 4,41 % |
| | **846.360** | **846.360** | **100 %** |

1) Акционери кои индивидуално се сопственици на помалку од 0,4% од акционерскиот капитал.

### Дивиденди

Во текот на 2025 година, друштвото издвои дивиденда во износ од 182.814 МКД илјади. Во текот на годината исплати дивиденди во износ од МКД 181.884 илјади (2024: нема). Разликата помеѓу објавената и исплатена дивиденда е признаена во обврски по дивиденди. Објавените и исплатените дивиденди за годината која заврши на 31 декември 2025 во целост се однесуваат на дивиденди на обични акции. Нема други објавени дивиденди.

## 22. Капитал и резерви (Продолжува)

### Резерви

***Законски резерви***

Според македонската регулатива, Друштвото е обврзано да има задолжителни законски резерви издвоени преку резервирања од нето добивката. Со промените во законот за трговски друштва ефективен од 1 јануари 2013 годишното издвојување за законски резерви треба да изнесува минимум 5% од добивката, освен доколку Друштвото има веќе издвоено резерви кои изнесуваат една десетина (1/10) од основниот акционерски капитал. Друштвото го има достигнато потребното минимално ниво на законски резерви во претходните години и според тоа нема издвојувања за законски резерви во 2025 година.

***Ревалоризациони резерви***

Ревалоризационите резерви се однесуваат за: (а) недвижности, постројки и опрема, и се состојат од кумулативното зголемување на нивната сегашната вредност врз основа на зголемувањето на индексот на цени на производителите на денот на ревалоризација, кое се пресметуваше до 2003 во износ од МКД 114.419 илјади (2024: МКД 114.419 илјади), и (б) негативните ефекти од ревалоризација на финансиските средства расположливи за продажба и долгорочни бенефиции на вработените во износ од МКД 2.224 илјади (2024: 6.335 илјади).

***Останати резерви***

Останатите резерви се однесуваат на реинвестирана добивка врз основа на Одлука донесена на Собранието на акционери во износ од МКД 739.154 илјади (2024: МКД 521.727 илјади) и фондот за заедничка потрошувачка во износ од МКД 2.362 илјади (2024: МКД 2.362 илјади денари).

## 14. Обврски за бенефиции на вработените

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Отпремнини за пензионирање и јубилејни награди | 13.074 | 13.789 |
| | **13.074** | **13.789** |

Претпоставките се базирани на актуарските пресметки изготвени во согласност со објавените статистики во земјата. Обврските за бенефиции на вработените се сметаат годишно од страна на независен актуар со користење на метода на кредитирање на проектирана единица.

## 14. Обврски за бенефиции на вработените (продолжение)

*Стапка на смртност:*
Доколку надоместокот во договорот вклучува варијабилен износ, Друштвото го проценува износот на надоместокот на кој ќе има право во замена за преносот на стоката на купувачот. Варијабилниот надоместок се проценува на датумот на склучување на договорот и се ограничува сѐ додека не стане високо веројатно дека нема да дојде до значително поништување на веќе признаените кумулативни приходи, кога неизвесноста поврзана со варијабилниот надоместок последователно ќе се разреши.

Друштвото, исто така, ретроспективно одобрува количински рабати на одредени купувачи откако количината на купени добра во текот на периодот ќе го надмине прагот утврден во договорот. Правото на купувачот на количински рабати претставуваат варијабилен надоместок.

- **Количински рабати**

Друштвото ретроспективно одобрува количински рабати на одредени купувачи откако количината на купени производи во текот на периодот ќе го надмине договорно утврдениот праг. Рабатите се пребиваат со износите што ги должи купувачот.

За целите на проценка на надоместокот за очекуваните идни рабати, Друштвото го применува методот на најверојатен износ за договори со еден количински праг, а методот на очекувана вредност за договори со повеќе количински прагови. Изборот на методот кој ја обезбедува најдобрата проценка на варијабилниот надоместок првенствено зависи од бројот на количински прагови содржани во договорот. Потоа, Друштвото ги применува барањата за ограничување на проценките на варијабилниот надоместок и признава обврска за надомест (обврска за рабати) за очекуваните идни рабати.

**Продажба на електрична енергија**

Приходот од продажба на електрична енергија се признава со текот на времето, бидејќи клиентот истовремено ги прима и троши придобивките. Друштвото процени дека има право на надомест од клиентот во износ што директно одговара на вредноста продадена на клиентот до денес и затоа, Друштвото признава приход во износот кој има право да го фактурира.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### б) Приходи од договори со купувачи (продолжение)

**Договорни салда**

***Договорни средства***
Договорно средство претставува право на Друштвото да добие надомест во замена за добра или услуги што се пренесени на купувачот, кога тоа право е условено со нешто друго освен со поминување на време.
Доколку со преносот на добра или услугите на клиентот Друштвото ја исполни својата обврска пред клиентот да го изврши плаќањето или пред плаќањето да доспее, се признава договорно средство за заработениот надомест.

***Побарувања од купувачи***
Побарување од купувач се признава кога Друштвото има безусловно право на надомест, односно кога единствено е потребно поминување на време за плаќањето да доспее. Обрнете внимание на сметководствените политики за финансиски средства наведени во делот е) Финансиски инструменти и почетно признавање и последователно мерење.

***Договорни обврски***
Договорна обврска претставува обврска на Друштвото да пренесе добра или услуги на купувачите за кои Друштвото има примено надомест, или за кои надоместот доспеал.
Доколку купувачот го изврши плаќањето пред Друштвото да ги пренесе соодветните добра или услуги, договорна обврска се признава при плаќањето или кога плаќањето доспева. Договорните обврски кон купувачите се признаваат како приход кога Друштвото ќе ги исполни обврските од договорот.

**Сметководствена политика за признавање на приход пред 1 јануари 2025 година**

Приходот ја опфаќа објективна вредност на примениот или побаруваниот надомест за продажба на производи, малопродажни стоки и услуги намалени за данок на додадена вредност, акциза, попусти и рабати. Продажбата на добра и малопродажни стоки се признава кога Друштвото ги доставила до купувачот, купувачот има целосна дискреција врз каналот и цената за продажба на добрата и нема неисполнета обврска што би можела да влијае на прифаќањето на добрата од страна на купувачот. Испораката не се случува сѐ додека добрата не се испорачаат на наведената локација, ризиците од застареност и загуба не се префрлени на купувачот и купувачот ги прифатил добрата во согласност со договорот за продажба, или пак Друштвото има објективни докази дека сите критериуми за прифаќање се исполнети.

*Приход од камати*
Приходот од камати се признава со примена на методот на ефективна каматна стапка, што претставува стапка која точно ги дисконтира проценетите идни парични приливи во текот на очекуваниот животен век на финансискиот инструмент или, каде што е применливо, во пократок период, на нето-сметководствената вредност на финансиското средство.
Приходот од камати се вклучува во финансиски приходи во извештајот за сеопфатна добивка.

*Приход од дивиденди*
Приходот од дивиденди се признава кога ќе се утврди правото за нивно примање.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**В) Даноци**

Даночниот расход за периодот се состојат од тековен и одложен данок. Данок се признава во Извештајот за сеопфатна добивка, освен до степен кој се однесува на ставки признаени во останата сеопфатна добивка или директно во капиталот. Во овој случај, данокот исто така соодветно признава во останата сеопфатна добивка или директно во капиталот.

**Тековен данок на добивка**

Тековниот данок од добивка е пресметан врз основа на даночните закони усвоени или значајно усвоени во Извештајот за финансиска состојба во земјата каде што друштвото работи и генерира приход. Раководството извршува периодично оценување на состојбите во даночните пријави во однос на ситуациите во кои се применува даночна регулатива и која во истите е предмет на интерпретација. Тоа воспоставува провизии врз основа на износите кои се очекуваат да бидат исплатени на даночните власти.

*Одложен данок на добивка*

Одложениот данок на добивка се признава во билансот на состојба за сите привремени разлики на датумот на известување кои произлегуваат од разликите помеѓу даночните основи на средствата и обврските и нивните сметководствени вредности.
Обврските за одложен данок на добивка се признаваат за сите оданочени привремени разлики, освен:

- до степен до кој обврската за одложен данок на добивка произлегува од првичното признавање на средство или обврска во трансакција што не претставува деловна комбинација и која, во моментот на трансакцијата, не влијае ниту на сметководствената добивка ниту на даночна добивка или загуба; и
- за оданочени времени разлики поврзани со вложувања во подружници, придружни друштва и учества во заеднички вложувања, до степен до кој Друштвото е во можност да го контролира времето на поништување на времената разлика и е веројатно дека таа разлика нема да се поништи во предвидлива иднина.

Средствата за одложен данок на добивка се признаваат за сите одбивни времени разлики, неискористени пренесени даночни кредити и неискористени пренесени даночни загуби, до степен до кој е веројатно дека ќе биде остварена даночна добивка против која одбиените времени разлики, неискористените пренесени даночни кредити и неискористените пренесени даночни загуби можат да се искористат, освен:

- кога средството за одложен данок на добивка произлегува од првичното признавање на средство или обврска во трансакција што не претставува деловна комбинација и која, во моментот на трансакцијата, не влијае ниту на сметководствената добивка ниту на даночна добивка или загуба; и
- за одбивни времени разлики поврзани со вложувања во подружници, придружни друштва и учества во заеднички вложувања, средството за одложен данок на добивка се признава само до степен до кој е веројатно дека привремената разлика ќе се поништи во предвидлива иднина и дека ќе биде достапна даночна добивка против која привремената разлика може да се искористи.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### В) Даноци (продолжение)

Друштвото на секој датум на известување ја преиспитува сметководствената вредност на средствата за одложен данок на добивка и ја намалува до степен до кој повеќе не е веројатно дека ќе биде достапна доволна даночна добивка што ќе овозможи наплата на целиот или дел од средството за одложен данок на добивка. Непризнаените средства за одложен данок на добивка се преиспитуваат на секој датум на известување и се признаваат до степен до кој станало веројатно дека ќе биде достапна идна даночна добивка што ќе овозможи наплата на средството за одложен данок на добивка.

Средствата и обврските за одложен данок на добивка се мерат по даночните стапки кои се очекувани да се применуваат во периодот во кој средството ќе се реализира, односно обврската ќе се подмири, врз основа на даночните стапки (и даночната регулатива) кои се во сила или суштински стапиле во сила на датумот на известување.

Одложениот данок поврзан со ставки признаени надвор од добивката или загубата се признава надвор од добивката или загубата. Во зависност од поврзаната трансакција, одложениот данок се признава или во останатата сеопфатна добивка или директно во капиталот.

Друштвото ги нетира средствата и обврските за одложен данок на добивка само кога има законски извршно право да ги нетира средствата за тековен данок со обврските за тековен данок и кога средствата и обврските за одложен данок на добивка се однесуваат на даноци на добивка кои ги наметнува истата даночна власт врз истото правно лице обврзник на даночната обврска.

*Данок на додадена вредност (ДДВ)*
Приходите, расходите и средствата се признаваат нето од данокот на додадена вредност, освен во случаи кога:

- ДДВ настанат при набавка на средства или услуги не е со право на враќање од даночните органи, при што таквиот ДДВ се признава како дел од набавната вредност на средството или како дел од соодветната расходна ставка, во зависност од случајот; и
- побарувањата и обврските се прикажани со вклучен ДДВ.

Нето-износот на ДДВ за кој постои право на враќање од страна на даночните органи, е вклучен во вредноста на побарувањата или обврските во извештајот за финансиска состојба.

**Глобален минимален данок**

Законот за глобален минимален данок на добивка е објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 3 од 3 јануари 2025 година. Новиот закон има за цел да обезбеди минимално ефективно оданочување од 15% за големи мултинационални и домашни групации, слично на правилата утврдени од ОЕЦД и имплементирани преку Директива во Европската Унија. Глобалниот минимален дополнителен данок се применува од 1 јануари 2024 година. Овој закон ќе влијае на даночната структура на Друштвото и ќе обезбеди усогласеност со глобалните стандарди.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### Г) Бенефиции на вработените

**Пензиски и останати краткорочни обврски кон вработените**

Друштвото во текот на своето нормално работење врши исплати во име на своите вработени за пензиско, здравствено и социјално осигурување како и персонален данок кои се пресметуваат во согласност со важечките законски стапки во годината, на основа на бруто платите. Друштвото овие придонеси ги плаќа во корист на државните и приватните фондови за здравство, пензиско и инвалидско осигурување. Трошоците од овие плаќања се претставени во Извештајот за сеопфатна добивка во истиот период како и поврзаните трошоци за плати.

Друштвото не работи со било какви пензиски шеми или план за бенефиции после пензионирањето и консеквентно, нема обврски во однос на пензиите.

**Отпремнини за технолошки вишок**

Отпремнините за технолошки вишок се исплаќаат кога престанува работниот однос на вработениот пред датумот на неговото нормално пензионирање или доколку вработениот прифати доброволно прекинување на работниот однос во замена за овие бенефиции. Друштвото ги признава отпремнините за технолошки вишок кога пристапува кон прекинување на работниот однос на тековните вработени во согласност со детален, формален план без можност за отповикување на истиот, или во случај кога Друштвото понуди опција на вработените за доброволно прекинување на работниот однос.

**Отпремнини за пензионирање и јубилејни награди**

Во согласност со Законот за работни односи кој се применува во Република Северна Македонија, Друштвото е обврзано да исплати бенефиции за пензионирање во износ од две просечни месечни плати во Република Северна Македонија, на денот на нивното пензионирање, за кои е признаена соодветна обврска во Извештајот за финансиска состојба, мерена според сегашната вредност на две просечни месечни плати на републичко ниво заедно со корекција од актуарската калкулација. Во согласност со Колективниот договор, Друштвото е обврзано да пресметува и плаќа јубилејни награди кои кореспондираат со бројот на години на стаж на вработениот. Обврската по дефинираниот план за бенефити се смета годишно од страна на независни актуари користејќи го метода на кредитирање на проектирана единица. Актуарскиот вреднување вклучува правење претпоставки за дисконтната стапка, очекувани стапки на принос на средствата, иден пораст на платата, зголемување на морталитетот и иден пораст на пензиите. Поради долгорочната природа на овие планови, ваквите претпоставки се предмет на значителна неизвесност. Освен тоа, Друштвото нема обврска да обезбедува понатамошни бенефиции на тековните и поранешните вработени.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење

***Финансиски средства***

**Почетно признавање**

Финансиските средства во рамките на МСС 39 - *Финансиски инструменти: Признавање и мерење* се класифицираат како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба, кредити и побарувања, инвестиции што се чуваат до доспевање, финансиски средства расположливи за продажба или како деривати означени како инструменти за хеџирање во ефективна хеџирање, според потребата. Друштвото ја одредува класификацијата на своите финансиски средства при почетното признавање.

Сите финансиски средства првично се признаваат по објективна вредност плус, во случај на инвестиции што не се по објективна вредност преку добивка или загуба, директно припишаните трансакциски трошоци.

Купувањата или продажбите на финансиски средства што бараат испорака на средства во временски рок утврден со регулатива или конвенција на пазарот (редовно тргување) се признаваат на датумот на тргување, т.е. датумот кога Друштвото се обврзува да го купи или продаде средството.

Финансиските средства на Друштвото вклучуваат парични средства и парични еквиваленти, трговски и други побарувања и финансиски средства расположливи за продажба.

**Последователно мерење**

Последователното мерење на финансиските средства зависи од нивната класификација на следниов начин:

*Кредити и побарувања*
Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања кои не се котирани на активенот пазар. По почетното мерење, таквите финансиски средства последователно се мерат по амортизирана вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка (ЕКС), намалена за обезвреднувањето. Амортизираната вредност се пресметува со земање предвид на секој дисконт или премија за стекнување, како и надоместоци или трошоци кои се составен дел од ЕКС. Амортизацијата на ЕКС е вклучена во финансиските приходи во извештајот за сеопфатна добивка. Загубите што произлегуваат од обезвреднувањето се признаваат како други расходи во извештајот за сеопфатна добивка.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

## 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)

***Финансиски средства*** **(продолжение)**

*Вложувања расположиви за продажба*
Вложувањата расположиви за продажба вклучуваат котирани хартии од вредност кои не се класифицирани како чувани за продажба или како финансиски средства по објективна вредност преку добивка или загуба. Финансиските средства расположиви за продажба првично се признаваат по објективна вредност плус трансакциски трошоци. Тие се вклучени во нетековните средства освен ако инвестицијата не достасува или менаџментот има намера да ја отуѓи во рок од 12 месеци од крајот на периодот на известување.

По почетното признавање, инвестициите расположиви за продажба се мерат по објективна вредност, при што нереализираните добивки или загуби се признаваат во друг сеопфатен приход во задржаната добивка сè додека инвестицијата не се отуѓи или обезвредни, па тогаш кумулативната добивка или загуба се признава во добивката или загубата за периодот.

Финансиските средства расположливи за продажба се депризнаваат кога правата за примање парични текови од инвестициите се истечени или се пренесени и Друштвото ги префрлила суштински сите ризици и награди од сопственоста.

Дивидендите од финансиските средства расположливи за продажба се признаваат во Извештајот за сеопфатна добивка како дел од други приходи кога ќе се воспостави правото на Друштвото да прима дивиденда.

**Престанок на признавање на финансиски средства**
Финансиско средство (или, каде што е применливо, дел од финансиско средство или дел од група слични финансиски средства) престанува да се признава во сметководствената евиденција кога се исполнети еден или повеќе од следниве услови:

- Истечени права на Друштвото за примање парични текови од средството; или;
- Друштвото ги има пренесено своите права за примање парични текови од средството, или има преземено обврска да ги исплати примените парични текови во целост и без значително одложување на трета страна, во согласност со т.н. pass-through аранжман, при што: (а) Друштвото ги има пренесено суштински сите ризици и придобивки поврзани со средството; или, или (б) Друштвото ниту ги има пренесено, ниту ги има задржано суштински сите ризици и придобивки од средството, но ја има пренесено контролата врз него.

Доколку Друштвото ги има пренесено правата за примање парични текови или има склучено pass-through аранжман, но при тоа ниту ги има пренесено ниту ги има задржано суштински сите ризици и придобивки, а ја има задржано контролата врз средството, финансиското средство продолжува да се признава во износ кој одговара на степенот на континуираното учество на Друштвото во тоа средство. Во таков случај, истовремено се признава и поврзана финансиска обврска. Пренесеното средство и поврзаната обврска се мерат врз основа која ги одразува задржаните права и преземените обврски на Друштвото.

Континуираното учество кое има форма на гаранција врз пренесеното средство се мери по пониската од набавната книговодствена вредност на средството и максималниот износ на надомест што Друштвото може да биде обврзано да го врати.

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)**

***Финансиски средства* (продолжение)**

**Обезвреднување на финансиски средства**
Друштвото проценува дали постојат објективни докази дека финансиско средство или група финансиски средства е обезвреднето. Финансиско средство или група финансиски средства се смета за обезвреднето ако постојат објективни докази за обезвреднување како резултат на еден или повеќе настани кои настанале по почетното признавање на средството (настан на настапена загуба) и ако тој настан влијае врз проценетите идни парични текови од средството или на групата средства, а тие текови можат сигурно да се проценат. Доказите за обезвреднување може да вклучуваат индикации дека должниците или група должници имаат значителни финансиски потешкотии, неисполнување или задоцнување на плаќање на камата или главнина, веројатност за стечај или друга финансиска реорганизација, како и видливи податоци кои укажуваат на мерливо намалување на проценетите идни парични текови, како што се промени во задоцнетите плаќања или економски услови кои се поврзани со неисполнување на обврските.

*Финансиски средства пресметувани по амортизирана вредност*
За финансиските средства пресметувани по амортизирана вредност, Друштвото прво проценува индивидуално дали постојат објективни докази за обезвреднување за финансиски средства кои се значајни поединечно, а за финансиски средства кои не се значајни поединечно, проценката се врши колективно. Ако се утврди дека за едно финансиско средство не постојат објективни докази за обезвреднување, тоа се вклучува во група средства со слични кредитни ризици и се оценува колективно. Средствата кои се индивидуално обезвреднети не се вклучуваат во колективната проценка.

Доколку постои објективен доказ за настаната загуба од обезвреднување, износот на загубата се мери како разлика помеѓу книговодствената вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (без да се вклучат идните очекувани кредитни загуби кои сè уште не се случиле). Сегашната вредност на идните парични текови се дисконтира со оригиналната ефективна каматна стапка на средството. Ако заемот има променлива каматна стапка, за пресметување на загубата од обезвреднување се користи тековната ефективна каматна стапка.

Книговодствената вредност на средството се намалува за износот на обезвреднувањето, а загубата се признава во билансот на сеопфатна добивка. Приходот од камата се евидентира како дел од финансиски приходи. Заеми и побарувања, заедно со соодветниот резервен фонд за загуби, се отпишуваат кога нема реални очекувања за идно наплаќање и кога сите обезбедувања се реализирани или префрлени на Друштвото. Ако во идната година износот на проценетата загуба се зголеми или намали поради настан кој се случил по признавањето на обезвреднувањето, претходно признаената загуба се прилагодува преку резервата за загуби. Доколку подоцна се поврати дел од отписот, тој износ се признава во билансот на сеопфатна добивка.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)

***Финансиски средства*** **(продолжение)**

*Инвестиции расположливи за продажба*
За инвестициите расположливи за продажба, Друштвото на секој датум на известување проценува дали постојат објективни докази дека инвестицијата или групата инвестиции е обезвреднета.
За капиталните инвестиции класифицирани како расположливи за продажба, објективен доказ за обезвреднување вклучува значително или одложено намалување на објективната вредност на инвестицијата под нејзината набавна цена. „Значително намалување“ се проценува во однос на почетната набавна цена на инвестицијата, а „одложено“ во однос на периодот во кој објективната вредност е под набавната цена. Кога постои доказ за обезвреднување, кумулативната загуба – измерена како разлика помеѓу набавната цена и тековната објктивна вредност, намалена за претходно признатата загуба од обезвреднување на таа инвестиција – се префрла од останатата сеопфатна добивка и се признава во билансот на успех за периодот. Загубите од обезвреднување на капиталните инвестиции не се враќаат преку билансот на успех; зголемувањата на нивната објективна вредност се признаваат директно во останатата сеопфатна добивка.

- **Финансиски обврски**

**Почетно признавање и мерење на финансиски обврски**

Финансиските обврски во рамките на МСС 39 се класифицираат како финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, заеми и задолжувања, или деривати назначени како инструменти за ефективно покривање на ризик. Друштвото ја утврдува класификацијата при почетното признавање.
Финансиските обврски се признаваат по нивната објективна вредност, а кај заеми и задолжувања се зголемуваат за директно припишливите трансакциски трошоци.
Главните финансиски обврски на Друштвото вклучуваат обврски кон добавувачи, останати обврски и обврски по наеми.

**Последователно мерење**
Мерењето на финансиските обврски зависи од нивната класификација како што следува:

*Кредити и позајмици*
По почетното признавање, заемите и позајмиците понатаму се мерат по амортизирана вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка (ЕКС). Добивките и загубите поврзани со заемите и позајмиците се признаваат во Извештајот на сеопфатна добивка во периодот кога обврските се подмирени, како и преку процесот на амортизација.“
Амортизираната вредност се пресметува земајќи ги предвид сите попусти или премии при набавката и надоместоците или трошоците што претставуваат составен дел на ефективната каматна стапка (ЕКС). Амортизацијата според ЕКС е вклучена во финансиските трошоци во Извештајот на сеопфатна добивка.“

**2. Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)**

***Финансиски обврски*** **(продолжение)**

**Непризнавање**

Финансиската обврска се отповикува кога обврската по основ на таа обврска е подмирена, укината или истекува. Добивките што произлегуваат од отповикувањето на финансиските обврски се признаваат во Извештајот на сеопфатна добивка, во рамки на другите оперативни приходи.

Кога постоечката финансиска обврска се заменува со друга од истиот кредитор под суштински различни услови, или кога условите на постоечката обврска се значително изменети, таквата размена или измена се третира како отповикувањето на постоечката обврска и признавање на нова обврска. Разликата во нивните книговодствени вредности се признава во Извештајот на сеопфатна добивка.

**Пребивање на финансиски инструменти**

Финансиските средства и финансиските обврски се порамнуваат на нето-основа и нето-износот се прикажува во Извештајот на финансиска состојба само доколку постои тековно спроведливо законско право за порамнување на признаените износи и доколку Друштвото има намера да ги порамни на нето-основа или истовремено да ги реализира средствата и да ги подмири обврските.

**Мерење по објективна вредност**

Објективните вредности на финансиските инструменти мерени по амортизирана вредност се обелоденети во Белешка 21.

Објективната вредност е цената која би се добила при продажба на средство или би се платила за пренос на обврска во нормална трансакција помеѓу пазарни учесници на датумот на мерење. Мерењето по објективна вредност се заснова на претпоставката дека трансакцијата за продажба на средството или пренос на обврската се одвива или:

- На главниот пазар за средството или обврската, или
- Во отсуство на главен пазар, на најповолниот пазар за средството или обврската

Главниот или најповолниот пазар мора да биде достапен за Друштвото.

Објективната вредност на средство или обврска се пресметува користејќи ги претпоставките што пазарните учесници би ги користеле при утврдување на цената на средството или обврската, со претпоставка дека пазарните учесници постапуваат во својот економски најдобар интерес.

Мерењето по објективна вредност на нефинансиско средство ги зема предвид способностите на пазарниот учесник да генерира економски придобивки со користење на средството во неговата највисока и најдобра употреба или со продажба на друг пазарен учесник кој би го користел средството во неговата највисока и најдобра употреба.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

### д) Финансиски инструменти - почетно признавање и последователно мерење (продолжение)

***Финансиски обврски*** **(продолжение)**

Друштвото користи техники за вреднување кои се соодветни на околностите и за кои се достапни доволни податоци за мерење на објективната вредност, максимизирајќи ја употребата на релевантни видливи податоци и минимизирајќи ја употребата на податоци кои не можат да се следат видливо.

Сите средства и обврски за кои се мери или обелоденува објективната вредност во финансиските извештаи се категоризираат во хиерархијата на објективна вредност, опишана како што следува, врз основа на најниското ниво на влез кој е значаен за мерењето на објективната вредност како целина:

- Ниво 1 — Котирани (неприлагодени) пазарни цени на активни пазари за идентични средства или обврски
- Ниво 2 — Техники за вреднување за кои најниското ниво на влезни параметри кое е значајно за мерењето на објективната вредност е директно или индиректно потврдливо
- Ниво 3 — Техники за вреднување за кои најниското ниво на влезни параметри кое е значајно за мерењето на објективната вредност е непотврдливо

За средства и обврски кои се признаваат во финансиските извештаи на повторлива основа, Друштвото определува дали се случиле трансфери помеѓу нивата во хиерархијата преку повторна оценка на категоризацијата (врз основа на најниското ниво на влез кое е значајно за мерењето на објективната вредност како целина) на крајот на секој извештаен период и одредува дали е потребно да се направат трансфери од едно ниво во друго.

Раководството на Друштвото ги определува политиките и процедурите кои се применуваат за редовни мерења по објективна вредност, како оние за нерегуларни мерења по објективна вредност.

За целите на обелоденување на објективната вредност, Друштвото определува различни класи на средства и обврски во зависност од нивната природа, карактеристики и ризик, како и соодветното ниво на хиерархијата на објективна вредност опишано погоре.

### ѓ) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на издадените и платените акции. Разликата помеѓу номиналната вредност и цената платена за акциите се евидентира како премија на акции. Додатните трошоци кои директно се припишуваат на издавањето на акции се признаваат како одбивка од капиталот, нето од било какви даночни ефекти.

Сопствените акции се сопствени капитални инструменти на субјектот кои се стекнати и чувани од субјектот, подружница или други членови на консолидираната група. Платениот или примениот надомест за сопствени акции се признава директно во капиталот.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

**Ж) Исплата на парични дивиденди и непарична распределба кон сопствениците на капиталот на матичното друштво**

Друштвото признава обврска за исплата на пари или непарични распределби кон сопствениците на капиталот на матичната компанија кога распределбата е овластена. Соодветниот износ се признава директно во капиталот.

Непаричните распределби се мерат по објективната вредност на средствата кои ќе се распределат, при што повторното мерење на објективната вредност се признава директно во капиталот.

При распределба на непаричните средства, секоја разлика помеѓу сметководствената вредност на обврските и сметководствената вредност на средствата се признава во билансот на успех.

**З) Недвижности, постројки и опрема**

Недвижностите и опремата се евидентираат по набавната вредност намалена за акумулираната добивка и/ или акумулираните загуби од оштетувања, доколку има. Таквата вредност ги вклучува трошоците за замена на дел од средството и опремата кога тие трошоци се направени, доколку се исполнети критериумите за признавање. Исто така, кога се извршува голема проверка, нејзините трошоци се признаваат во сметководствената вредност на средството како замена, ако критериумите за признавање се задоволени. Сите други трошоци за поправки и одржување се признаваат во билансот на успех кога се направени.

Истите до 2003 се ревалоризирани на крајот на годината со примена на официјалните коефициенти на ревалоризација врз основа на општиот индекс на цени на произведените производи. Ваквите коефициенти се применети на набавната вредност или на подоцна проценетата вредност, и на акумулираната амортизација. Нето ефектот на ревалоризацијата е прикажан во ревалоризациони резерви.

Амортизацијата на основните средства се пресметува по пропорционална метода, користејќи стапки не пониски од пропишаните со закон, на начин да се алоцира набавната или ревалоризираната вредност на средствата во текот на нивниот корисен век на траење.

Амортизирањето на недвижностите, постројките и опремата започнува по истекување на месецот во кој тие се ставени во употреба, во годината во која започнало нивното користење.

Подолу се претставени применетите корисни векови на употреба на средствата при пресметка на амортизација:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Згради | 20 - 40 години | 20 - 40 години |
| Компјутери | 4 - 5 години | 4 - 5 години |
| Опрема | до 20 години | до 20 години |
| Останата опрема и возила | до 8 години | до 8 години |

**2.**

**2.Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)**

**3) Недвижности, постројки и опрема (продолжение)**

Едно средство се отпишува при отстранување или кога не се очекуваат идни економски придобивки од неговата употреба или отстранување. Секоја добивка или загуба од отпис на средството (пресметана како разлика помеѓу нето приходите од отстранување и сметководствена вредност на средството) се вклучува во извештајот за сеопфатна добивка во годината кога средството е отпишано.

Остатокот од вредноста на недвижностите, постројките и опремата и нивните проценети корисни векови на употреба, се разгледуваат и по потреба се менуваат на крајот на секој известувачки период.

**s) Лизинг**

Друштвото оценува на почетокот на договорот дали договорот е или содржи лизинг. Тоа е, дали договорот пренесува право за контрола на користење на идентификувано средство за одреден период во замена за надомест.

***Друштвото како корисник на лизинг***

Друштвото применува единствен пристап за признавање и мерење на сите лизинзи, освен за краткорочни лизинзи и лизинзи на средства со мала вредност. Друштвото признава обврски за лизинг за исплата на лизинг и средства од право на користење кои го претставуваат правото на користење на основното средство.

*Средства со право на користење*

Друштвото ги признава средствата со право на користење на датумот на започнување на лизингот (т.е., датумот кога основното средство е достапно за користење). Средствата со право на користење се мерат по цена, намалена за акумулирана амортизација и загуби од намалување на вредноста, и прилагодени за секое повторно мерење на обврските од лизинг. Набавната вредност на средствата со право на користење го вклучува износот на признаените обврски од лизинг, првични директни трошоци, и лизинг-плаќања извршени на или пред датумот на започнување. Средствата со право на користење се амортизираат линеарно за пократкиот период меѓу траењето на лизингот и проценетиот корисен век на средствата, како што следува:

• Моторни возила и друга опрема 4-5 години

Средствата со право на користење исто така се предмет на намалување на вредноста. Сметководствената политика за обезвреднување (исправка) е обелоденета во белешка (о) Исправка на вредноста на нефинансиските средства.

## 2. Значајни сметководствени политики (продолжение)

### 2.2 Преглед на сметководствените политики (продолжение)

**s) Лизинг (продолжение)**

*Обврски од лизинг*

На датумот на започнување на лизингот, Друштвото признава обврски од лизинг мерени по сегашната вредност на лизинг-плаќањата кои ќе се направат во текот на траењето на лизингот. Лизинг-плаќањата вклучуваат фиксни плаќања (вклучително и суштински фиксни плаќања) намалени за било какви добивки од лизинг, променливи лизинг-плаќања зависни од индекс или стапка, и износи очекувани за плаќање по гаранции за остатоци. Лизинг-плаќањата исто така вклучуваат цена за користење на опција за купување за која е разумно сигурно дека ќе се искористи од Друштвото и плаќања за казни при прекинување на лизингот, ако траењето на лизингот ја одразува употребата на опцијата за прекинување.

Променливите лизинг плаќања кои не зависат од индекс или стапка се признаваат како расходи (освен ако се направени за производство на залихи) во периодот кога се појавува настанот или условот што ги предизвикува.

При пресметување на сегашната вредност на лизинг-плаќањата, Друштвото ја користи инкременталната каматна стапка на позајмување на датумот на започнување на лизингот, бидејќи каматната стапка имплицирана во договорот за лизингот не е видно утврдена. По започнувањето, износот на обврските од лизинг се зголемува за да се одрази акумулацијата на каматата и се намалува за направените плаќања на лизингот. Дополнително, сметководствената вредност на обврските од лизинг се мери повторно ако има измена, промена на траењето на лизингот, промена на лизинг плаќањата (на пр., промени на идните плаќања поради промена на индекс или стапка) или промена во оценката на опција за купување на основното средство.

*Краткорочни лизинзи и лизинзи на средства со мала вредност*

Друштвото го применува принципот на ослободување од признавање за краткорочни наеми за краткорочните договори за лизинг (т.е., оние договри со траење до 12 месеци од почетокот и кои не содржат опција за купување). Исто така, го применува ослободувањето за лизинг на средства со мала вредност. Плаќањата за краткорочен лизинг и лизинг на средства со мала вредност се признаваат како расходи линеарно.

***Сметководствена политика за наем пред 1 јануари 2025 - Друштвото како закупец***

Лизингот се класифицира на датумот на почеток како финансиски или оперативен лизинг. Лизинг кој пренесува суштински сите ризици и придобивки од сопственоста кон Друштвото се класифицира како финансиски лизинг.

Финансиските лизинзи се капитализираат на почетокот на лизингот по објективната вредност на средството под лизинг или, ако е помала, по сегашната вредност на минималните лизинг-плаќања. Лизинг-плаќањата се распределуваат помеѓу финансиските трошоци и намалување на обврската од лизинг така што се постигнува константна каматна стапка на преостанатиот износ на обврската. Финансиските трошоци се признаваат како финансиски расходи во билансот на успех.

Средството под лизинг се амортизира преку корисниот век на средството. Сепак, ако нема разумна сигурност дека Друштвото ќе стекне сопственост на крајот на траењето на лизингот, средството се амортизира за пократкиот период меѓу проценетиот корисен век на средството и траењето на лизингот.

Оперативниот лизинг е лизинг кој не е финансиски лизинг. Плаќањата за оперативен лизинг се признаваат како оперативен расход во билансот на успех линеарно за периодот на лизинг.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)**

**и) Трошоци за позајмување**

Трошоците за позајмување кои директно се припишуваат на набавка, изградба или производство на средство кое неопходно зема долг период за да биде подготвено за намена или продажба, се капитализираат како дел од цената на средството. Сите други трошоци за позајмување се признаваат како расход во периодот во кој се јавуваат. Трошоците за позајмување се состојат од камата и други трошоци кои ентитетот ги прави во врска со позајмувањето на средства.

**Ј) Нематеријални средства**

Нематеријалните средства кои се стекнати одделно се признаваат по набавна вредност на датумот на почетно признавање. По почетното признавање, нематеријалните средства се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и акумулирани загуби од исправка на вредноста.

Корисниот век на нематеријалните средства е утврден како конечен, како што следува:

| | |
|---|---|
| Софтвер и останати права | 5 години |

Нематеријалните средства со конечен корисен век се амортизираат во текот на нивниот проценет корисен економски век и се тестираат за оштетување на вредноста секогаш кога постои индикација дека нематеријалното средство може да биде оштетено. Периодот на амортизација и методот на амортизација за нематеријалните средства со конечен корисен век се проценуваат најмалку на крајот на секој известувачки период. Промените во очекуваниот корисен век или во очекуваниот модел на идните економски придобивки вградени во средството се сметаат за промени во сметководствените проценки и се применуваат перспективно. Трошокот за амортизација на нематеријалните средства со конечен корисен век се признава во извештајот за сеопфатна добивка во категоријата на расходи што е во согласност со функцијата на нематеријалните средства. Секоја добивка или загуба која произлегува од отпис/престанок на признавање на нематеријално средство (пресметана како разлика помеѓу нето-приходот од продажба и сметководствена вредност на средството) с е признава во извештајот  за сеопфатна добивка.

**К) Залихи**

Залихите се искажуваат по набавната вредност или по нето реализационата вредност во зависност од тоа која е пониска. Набавната вредност се состои од трошоци за набавка, трошоци за конверзија и други трошоци за доведување на залихите до сегашна состојба и локација. Цената на чинење на суровата нафта, останатите суровини и материјали, резервни делови и ситен инвентар, производството во тек, готовите производи и трговска стока се пресметува врз база на методот на просечни цени.

Трошоците за набавка на залихите се состојат од набавната цена, увозните давачки и другите даноци (освен оние кои претпријатието може последователно да ги поврати од даночните власти) и други трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето на залихите (како на пример трошоците за превоз). Трговските попусти, рабатите и другите слични ставки се одземаат при утврдување на трошоците за набавка.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)**

**К) Залихи (продолжува)**

Трошоците за конверзија на залихите ги вклучуваат трошоците кои непосредно се однесуваат на единиците на производство (пр. директниот труд) и системска алокација на фиксните и варијабилните општи трошоци на производство. Алокацијата на фиксните општи трошоци на производство на трошоците на конверзија е засновано на нормалното искористување на производните капацитети. Неалоцираните фиксни општи трошоци на производство се признаваат како трошок во периодот во кој се направени. Варијабилните општи трошоци на производство се алоцираат на секоја единица на производство врз основа на фактичкото користење на производните капацитети.

Нето реализационата вредност е проценетата продажна цена во редовниот тек на работење намалена за проценетите трошоци потребни да се изврши продажбата.

**Л) Исправка на вредноста на нефинансиски средства**

Друштвото на крајот на секој известувачки период проценува дали постојат индикации дека одредено средство може да биде оштетено. Доколку постојат такви индикации, или кога е потребно годишно тестирање за оштетување, Друштвото ја утврдува повратната вредност на средството. Надоместувачката вредност на средството претставува повисока вредност помеѓу објективната вредност намалена за трошоците на отуѓување и вредноста во употреба, утврдена за поединечно средство или за единица што генерира парични текови (ЕГПТ), доколку средството не генерира парични приливи кои во најголем дел се независни од приливите од други средства или групи на средства. Кога сметководствената вредност на средството или на ЕГПТ ја надминува неговата повратна вредност, средството се смета за оштетено и неговата сметководствена вредност се намалува до повратната вредност.

При утврдување на вредноста во употреба, проценетите идни парични текови се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за конкретното средство. При утврдување на објективната вредност намалена за трошоците на отуѓување се земаат предвид неодамнешни пазарни трансакции. Доколку не можат да се идентификуваат вакви трансакции, се применува соодветен модел за вреднување. Овие пресметки се потврдуваат со употреба на пазарни мултипликатори, котирани цени на акции за јавно тргувани друштва или други достапни индикатори за објективна вредност.
Друштвото ги базира пресметките за оштетување на најновите буџети и проекции, кои се подготвуваат одделно за секоја единица што генерира парични текови на која се распределени поединечните средства. Овие буџети и проекции најчесто опфаќаат период од пет години. За периодите по петтата година се применува долгорочна стапка на раст со цел проектирање на идните парични текови.

Загубите од оштетување на вредноста се признаваат во билансот на успех и останата сеопфатна добивка, во рамките на расходните категории кои се во согласност со функцијата на оштетеното средство.

## 2. Сметководствени политики (продолжува)

### 2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)

#### Л) Исправка на вредноста на нефинансиски средства (продолжува)

На крајот на секој известувачки период се врши проценка дали постојат индикации дека претходно признатите загуби од оштетување на вредноста повеќе не постојат или се намалени. Доколку постојат такви индикации, Групацијата ја утврдува повратната вредност на средството или на единицата што генерира парични текови (ЕГПТ). Претходно признаена загуба од оштетување на вредноста се укинува (реверзира) само доколку настанала промена во претпоставките што биле користени при утврдување на повратната вредност на средството од моментот на последното признавање на загубата од оштетување. Реверзирањето на загубата од оштетување е ограничено така што сметководствената вредност на средството не може да ја надмине неговата повратна вредност, ниту сметководствената вредност која би била утврдена, нето од амортизација, доколку во претходните периоди не била признаена загуба од оштетување на вредноста. Секоја корекција на загуба од исправка на вредноста се признава во извештајот за сеопфатна добивка.

#### Љ) Пари и парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од средства на трансакциска сметка, девизни средства, готовина во благајна и депозити во банки со право на отповикување.

Паричните средства и краткорочните депозити во извештајот за финансиска состојба се состојат од готовина во банки и во благајна и краткорочни високоликвидни депозити со рок на достасување од дванаесет месеци или помалку, кои се чуваат со цел исполнување на краткорочни парични обврски и се лесно конвертирани во познат износ на готовина и подлежат на незначителен ризик од промени во вредноста.

За целите на извештајот за паричните текови, паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од готовина и краткорочни депозити чувани по барање кај банки, како што е дефинирано погоре.

#### п) Резервации

*Општо*

Резервациите се признаваат кога Друштвото има постојна обврска (правна или конструктивна) како резултат на настан од минатото, кога е веројатно дека ќе биде потребен одлив на ресурси што содржат економски користи за подмирување на обврската и кога може сигурно да се процени износот на обврската. Кога Друштвото очекува делумна или целосна надомест (рефундација) на резервираниот износ, на пример врз основа на договор за осигурување, надоместокот се признава како посебно средство, но само кога наплатата е речиси сигурна. Расходот поврзан со резервирањето се прикажува во извештајот за сеопфатна добивка, нето од признаениот надомест.

## 2. Сметководствени политики (продолжува)

### 2.2 Преглед на Сметководствени политики (продолжува)

#### п) Резервации (продолжува)

Доколку ефектот од временската вредност на парите е значителен, резервирањата се дисконтираат со примена на тековна дисконтна стапка пред оданочување, која по потреба ги одразува ризиците специфични за обврската. Кога се применува дисконтирање, зголемувањето на резервирањето кое произлегува од протокот на времето се признава како финансиски трошок.

За потенцијалните обврски не се врши резервирање. Потенцијална обврска е можна обврска која произлегува од минат настан и чиешто постоење ќе биде потврдено само со случување или не - случување на еден или повеќе неизвесни идни настани кои не се во целост под контрола на Друштвото, или сегашна обврска која произлегува од минат настан но не е признаена, бидејќи не е веројатно дека ќе има одлив на ресурси кои вклучуваат економски користи за исплата на таа обврска или не може да се направи веродостојна проценка на износот на обврската.

#### Р) Заработка по акција

Основната заработка по акција се смета со делење на профитот на сопствениците на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции издадени во текот на годината.

#### С) Оперативни сегменти

Оперативните сегменти се компоненти кои се ангажираат во деловното работење кои можат да заработат приходи и кои предизвикуваат трошоци, кои оперативни резултати се редовно следени од страна на раководството и за кои финансиски информации се достапни. Раководството е лице или група на лица кои алоцираат ресурси и кои ги проценуваат перформансите на Друштвото.

Функциите на раководството се извршуваат од страна на Бордот на директори на Друштвото. Интерното известување во рамките на Друштвото кое се презентира на Раководството е на ниво на Друштвото како еден оперативен сегмент. Одлуките донесени од страна на Раководството се базирани на примени извештаи презентирани како еден оперативен сегмент.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања**

**Нови и изменети стандарди и толкувања**

Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ стандарди, вклучувајќи го и МСФИ 1) првично беа објавени во Службен весник во 1997 година, а оттогаш следеа неколку ажурирања. Последното ажурирање беше на 3 април 2024 година, кога Министерството за финансии усвои нов Правилник за сметководство.

Правилникот за сметководство беше објавен во („Службен весник на РСМ“ бр. 75/2024), со последователни измени („Службен весник на РСМ“ бр. 274/2024) (во понатамошниот текст: „Правилникот“), со кој се воведуваат ажурираните верзии на Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), МСФИ толкувања (КТМФИ) и Постојани толкувања (ПКТ), како и нови МСФИ и КТМФИ кои не беа опфатени со досега важечкиот Правилник за сметководство. Новиот Правилник стапува на сила од 1 јануари 2025 година, со исклучок на МСФИ 9 – Финансиски инструменти и МСФИ 17 – Договори за осигурување, кои ќе се применуваат од 1 јануари 2028 година.

- **МСФИ 9** *Финансиски инструменти: Класификација и мерење*
- **МСФИ 10** *Консолидирани финансиски извештаи*
- **МСФИ 11** *Заеднички аранжмани*
- **МСФИ 12** *Обелоденување на учества во други субјекти*
- **МСФИ 13** *Мерење на објективна вредност*
- **МСФИ 14** *Регулирани временски разграничувања*
- **МСФИ 15** *Приходи од договори со купувачи*
- **МСФИ 16** *Лизинг*
- **МСФИ 17** *Договори за осигурување*
- **МСФИ 1** *Прва примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување – Подруштво како прв пат применувач (измени)*
- **МСФИ 2** *Плаќања врз основа на акции (измени): Класификација и мерење на трансакции со плаќања врз основа на акции*
- **МСФИ 3** *Деловни комбинации (измени): Дефиниција на деловен потфат*
- **МСФИ 4** *Договори за осигурување (измени): Примена на МСФИ 9 – Финансиски инструменти заедно со МСФИ 4*
- **Измени на МСС 1** *Презентација на финансиски извештаи*
  - *и МСС 8 – Сметководствени политики, промени во сметководствените проценки и грешки: Дефиниција на „значајност“*
  - *МСФИ практика изјава 2 – Обелоденување на сметководствени политики*
- **Измени на МСС 8 – Сметководствени политики, промени во сметководствените проценки и грешки: Дефиниција на сметководствени проценки**
- **Измени на МСС 12 – Данок на добивка:**
  - *Одложен данок поврзан со средства и обврски кои произлегуваат од една трансакција*
  - *Признавање на одложени даночни средства за нереализирани загуби*
- **Измени на МСС 16 – Недвижности, постројки и опрема и МСС 38 – Нематеријални средства:** *Појаснување на прифатливи методи за амортизација*
  - *Приходи пред наменета употреба*

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)**

**Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)**

- **МСС 19 –** Користи за вработените (измени): Измени, скратување или порамнување на планови
- **МСС 28 –** Инвестиции во придружени друштва (измени): Долгорочни интереси во придружени друштва и заеднички вложувања
- **Измени на МСС 37 –** Резервации: Неповолни договори – трошоци за исполнување на договор
- **МСС 40 –** Инвестициски недвижности (измени): Пренос на инвестициски недвижности
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 14 –** Предплати поврзани со минимални барања за финансирање (измени)
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 19** *Гаснење на финансиски обврски со сопственички инструменти*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 20** *Трошоци за откривка во производствената фаза на површински коп*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 21** *Надоместоци*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 22** *Трансакции во странски валути и авансни надоместоци*
- **КТМФИ ТОЛКУВАЊЕ 23** *Неизвесност во врска со третмани на данок на добивка*
- *Концептуална рамка за финансиско известување (изменета)*

Друштвото остварува најзначајно влијание врз финансиските извештаи како резултат на примената на МСФИ 16 – Лизинг. Природата и ефектот на промените кои произлегуваат од примената на овие нови сметководствени стандарди се опишани подолу.

Примената на останатите сметководствени стандарди според МСФИ, како и нивните измени и појаснувања, нема материјално влијание врз финансиските извештаи на Друштвото. Друштвото нема применето стандарди, појаснувања или измени кои се објавени, но сѐ уште не стапиле во сила.

Примената на другите сметководствени стандарди, измени и појаснувања според МСФИ нема материјално влијание врз финансиските извештаи на Друштвото. Друштвото не усвоило стандарди, појаснувања или измени кои се објавени, но сѐ уште не стапиле во сила.

Сметководствените принципи и пресметки што се користат при подготовката на финансиските извештаи се конзистентни со оние што се применети при подготовката на финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2024 година и се применувани конзистентно во сите периоди презентирани во овој извештај, освен за следните МСФИ, кои се усвоени од Друштвото од 1 јануари 2025 година.

Друштвото за прв пат го примени МСФИ 16 (Лизинг) и подолу ги објави, како што се бара со МСФИ, природата и ефектот од овие промени.

**МСФИ 16 Лизинг**

МСФИ 16 го заменува МСС 17 Лизинг, КТМФИ 4 Утврдување дали ангажманот содржи лизинг, Толкувања на ПКТ 15 Оперативни лизинзи — стимули и Толкувања на ПКТ 27 Оценување на суштината на трансакции во кои правната форма е лизинг.

## 2. Сметководствени политики (продолжува)

### 2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)

### Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)

### МСФИ 16 Лизинг (продолжува)

МСФИ 16 ги утврдува принципите за признавање, мерење, претставување и обелоденување на лизинзите и бара од корисниците на лизинг да ги евидентираат сите договори за лизинг со униформен билансен пристап, сличен на третманот на финансиски лизинг според МСС 17.

Друштвото го усвои МСФИ 16 како промена на сметководствената политика согласно преодните одредби на стандардот. Соодветно, избра примена на модифицираниот ретроспективен метод со датум на иницијална примена 1 јануари 2025 година. Со овој метод, стандардот се применува ретроспективно, а кумулативниот ефект од усвојувањето се признава на датумот на иницијална примена. Друштвото го искористи практичниот олеснител да не проценува дали договор е, или содржи, лизинг на 1 јануари 2025 година, туку стандардот го примени само на договори претходно идентификувани како лизинзг според МСС 17 и КТМФИ 4 на датумот на иницијална примена. Понатаму, Друштвото одлучи да ги користи исклучоците од признавање предложени од стандардот за договори за лизинг кои, на датумот на започнување, имаат рок на закуп од 12 месеци или помалку и не содржат опција за купување („краткорочни закупи“) и договори за лизинг за кои основното средство е со ниска вредност („средства со ниска вредност“). Конечно, Друштвото одлучи да примени единствена дисконтна стапка на портфолио на закупи со релативно слични карактеристики (како што се закупи со сличен преостанат рок на закуп за слична класа на основни средства во слична економска средина).

Ефектот од усвојувањето на МСФИ 16 (зголемување/(намалување)) на средствата со право на користење се прикажани во АОП 9, Материјални средства во износ од 22.204.000 МКД (на 01.01.2025 32.652.000 МКД), како и респективно обврски за долгорочен и краткорочен лизинг. Повеќе детали се содржани во Финансискиот извештај за годината која заврши на 31.12.2025 година, види Белешка 15.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)**

**Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)**

**МСФИ 16 Лизинг (продолжува)**

Друштвото има договори за лизинг за моторни возила. Пред усвојувањето на МСФИ 16, Друштвото ги класифицираше сите свои договори за лизинг (како закупец) на датумот на започнување како оперативен лизинг. Изнајмените возила не беа капитализирани, а плаќањата за лизинг беа признавани како расход за наем во добивката или загубата по праволиниска основа во текот на времетраењето на лизингот. Секоја однапред платена наемнина и предвиден трошок за наем беа признавани под Побарувања од купувачи и останати побарувања или Обврски кон добавувачи и други обврски, соодветно.

***Лизинг предходно класифициран како финансиски лизинг***

Друштвото немаше финансиски лизинг во 2024 година, како и на 1 јануари 2025 година.

***Лизинг претходно евидентиран како оперативен лизинг***

Друштвото призна средства со право на користење и обврски по лизинг за лизингот претходно класифициран како оперативен лизинг, освен за краткорочниот лизинг и лизинг на средства со мала вредност. Средствата од право на користење беа признаени врз основа на сметководствен износ како да бил стандардот секогаш применуван, со искористување на инкременталната стапка на задолжување на датумот на иницијална примена. Обврските по лизинг беа признаени врз основа на сегашната вредност на преостанатите плаќања по лизинг, дисконтирани со инкременталната стапка на задолжување на датумот на иницијална примена.

Друштвото, исто така, ги примени достапните практични методи, и тоа:

- Користеше единствена дисконтна стапка за портфолио лизинг со разумно слични карактеристики
- Се потпре на проценката за неповолни договори непосредно пред датумот на иницијална примена
- Ги примени исклучоците за краткорочниот лизинг на договори со рок на лизинг што завршува во рок од 12 месеци од датумот на иницијална примена
- Ги исклучи почетните директни трошоци од мерењето на средствата од право на користење на датумот на иницијална примена
- Користеше проценка при определување на условите на лизинг кога договорот содржи опции за продолжување или раскинување

## 2. Сметководствени политики (продолжува)

### 2.3 Промени во сметководствените политики и обелоденувања (продолжува)

**Нови и изменети стандарди и толкувања (продолжува)**

**МСФИ 16 Лизинг (продолжува)**

За годината што заврши на 31 декември 2025 година, ефектот од примената на МСФИ 16 во извештајот за сеопфатна добивка е:

| | **За годината која заврши на 31 декември 2025** |
|---|---|
| Амортизација на средства со право на користење | 11.489.000 |
| Трошок за камата на обврски за лизинг | 764.000 |
| **Вкупно трошоци за наем во согласност со МСФИ 16** | **12.253.000** |

Обврските по лизинг на 1 јануари 2025 година може да се усогласат со обврските по оперативни лизинзи на 31 декември 2025 година, како што следи:

| | *МКД* |
|---|---|
| Превземени обврски по оперативен лизинг на 31 декември 2024 | **36.583.000** |
| Пондерирана просечна инкрементална стапка на позајмување на 1 јануари 2025 | 2.74% |
| Дисконтирани превземени обврски за лизинг на 1 јануари 2025 | **35.582.000** |
| Намалени за: | |
| Обврски по краткорочни наеми | 2.930.000 |
| Обврски по наеми на 1 јануари 2025 | 32.652.000 |

### 2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки

Подготовката на финансиските извештаи на Друштвото бара раководството да донесува проценки, расудувања и претпоставки кои влијаат на износите на известени средства и обврски, како и на обелоденувањето на потенцијалните обврски на датумот на известување, како и на приходите и расходите за периодот на известување. Несигурноста во врска со овие претпоставки и проценки може да резултира со исходи кои ќе бараат материјално прилагодување на сметководствен износ на засегнатите средства или обврски во идни периоди.

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки (продолжува)**

**Расудувања**

Во процесот на примената на сметководствените политики на Друштвото, раководството ги направи следниве расудувања, кои имаат најзначајно влијание врз износите признаени во финансиските извештаи:

***Определување на условите на лизинг кај договори со опции за продолжување и раскинување – Друштвото како корисник на лизинг***
Друштвото го определува рокот на лизинг како: нераскинлив услов, или како збир на нераскинливиот рок на лизинг, зголемен за периодите опфатени како можност за продолжување ако е разумно сигурно дека овој услов ќе се искористи, или периодите опфатени со опција за раскинување ако е разумно сигурно дека овој услов ќе се искористи. Друштвото применува расудување за да оцени дали е разумно сигурно да ја искористи опцијата за продолжување или раскинување, земајќи ги предвид сите релевантни фактори што создаваат економски поттик. По датумот на започнување, условите на лизинг се преиспитуваат дали ќе настане значаен настан или промена на околности под контрола на Друштвото што влијае на можноста да се искористи опцијата да се обнови или прекини договорот.

***Приходи од договори со купувачи***
Друштвото ги применило следните расудувања кои значајно влијаат на утврдувањето на износот и времето на признавање на приходите од договори со купувачи:

- **Одредување на метод за проценка на варијабилниот надомест и проценка на ограничувањето**

Договорите за продажба на стоки вклучуваат количински рабати што доведуваат до варијабилен надомест. При проценка на варијабилниот надомест, Друштвото е должно да го користи или методот на очекувана вредност или методот на најверојатен износ врз основа на тоа кој метод подобро го предвидува износот на надоместокот на кој ќе има право.

Друштвото утврди дека методот на очекувана вредност е соодветен метод за употреба при проценка на варијабилниот надомест за продажба на стоки со количински рабат, бидејќи договорите со клиентите имаат повеќе од еден количински праг.

Пред да вклучи каков било износ на варијабилен надомест во цената на трансакцијата, Друштвото разгледува дали износот на варијабилниот надомест е ограничен. Друштвото утврди дека проценките на варијабилниот надомест не се ограничени врз основа на нејзиното историско искуство, деловната прогноза и моменталните економски услови. Покрај тоа, неизвесноста за варијабилниот надомест ќе се реши во краток временски период.

Друштвото ја ажурира својата проценка на количинските рабати квартално. Проценките за количинските рабати се чувствителни на промените во околностите и минатото искуство на Друштвото во врска со правата за попуст може да не биде репрезентативно за реалните приноси на клиентите и правата за попуст во иднина.

(сите износи се во денари, освен доколку не е поинаку назначено)

**2. Сметководствени политики (продолжува)**

**2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки (продолжува)**

**Расудувања (продолжува)**

**Проценки и претпоставки**

***Обврска за надомест за пензија***
Обврската за надомест за пензија се пресметува со примена на актуарска проценка. Оваа проценка бара утврдување претпоставки во однос на дисконтната стапка, идните зголемувања на плати, флуктуацијата на персоналот и стапките на смртност. Поради долгорочната природа на овие обврски, овие претпоставки се предмет на значителна неизвесност. На 31 декември 2025 година, обврската на Друштвото за пензиски надоместоци изнесува 13.074 илјади МКД (2024: 13.789 илјади МКД). Дополнителни информации во врска со оваа обврска се дадени во белешка14.

***Корисен век на средствата***
Корисниот век на средствата се утврдува врз основа на минато искуство со слични средства, како и идниот технолошки развој и промени на економските и индустриските фактори. Покрај тоа, како основен водич се користат сметководствените политики за амортизациони стапки пропишани од страна на даночната регулатива. Соодветноста на проценетиот корисен век се оценува годишно, или кога постојат индикации за значителни промени на проценките.

Поради значителното учество на средствата кои се амортизираат во вкупните средства, влијанието на евентуални промени во овие претпоставки може да биде материјално за финансиската позиција и резултатот од активностите. Доколку трошокот за депрецијација се намали/ зголеми за 10% ова ќе резултира со промена во годишниот трошок за амортизација во износ од приближни МКД 25.263 илјади (2021: МКД 25.218 илјади).

Користените стапки на амортизација се најдобрата проценка за корисниот век на средствата на Друштвото.

***Потенцијално оштетување на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства***
Друштвото (со поддршка на неговиот краен сопственик) ја проценува потребата од оштетување на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства секогаш кога постои причина дека сметководствената вредност може значително да ја надминува надоместливата вредност и кога оштетувањето е предвидено. Надоместливата вредност се утврдува со помош на пресметки, при што се користат широк обем на проценки и фактори кои влијаат врз неа.

Покрај тоа, Друштвото ги зема во предвид идните приходи и трошоци, технолошката застареност, прекин на активностите и други промени на факторите кои можат да доведат до оштетување. Доколку се идентификува оштетување, исто така се утврдува разликата меѓу објективната вредност и трошоците за продажба, со цел да се пресмета точниот износ на оштетување. Бидејќи оваа пресметка е субјективна, износот на потенцијалното оштетување може значително да се разликува од резултатите од овие калкулации. Во тековната година не се идентификувани показатели на оштетување и соодветно на тоа не е направен тест за оштетување.

## 2. Сметководствени политики (продолжува)

### 2.4 Значајни сметководствени проценки, расудувања и претпоставки (продолжува)

#### Расудувања (продолжува)

***Исправка на вредноста на побарувањата од купувачите и останати побарувања***
Калкулацијата за исправка на спорни побарувања се пресметува врз основа на проценетите загуби од неспособноста на купувачите да ги исплатат бараните износи. За оние купувачи кои се во банкрот или ликвидација, оштетувањето се пресметува индивидуално, додека за останатите купувачи се пресметува врз база на портфолиото, земајќи ја во предвид старосната структура на побарувањата и минатите отписи, кредитната способност на купувачите и промените во условите за плаќање. Овие фактори се оценуваат периодично и се прават промени доколку е потребно, Проценките вклучуваат предвидувања за идните активности на купувачот и идните наплати на побарувањата. Доколку финансиската состојба на купувачите се влоши, отписите на тековните побарувања ќе бидат повисоки од предвидените и може да го надминат нивото на загуба што веќе е признаено.

***Резервации***
Резервациите генерално се субјективни, посебно во случај на судски спорови. Друштвото ја проценува можноста за негативен настан, како резултат на минати настани и доколку таа изнесува над педесет проценти. Друштвото во целост ја прикажува обврската. Друштвото вообичаено извршува разумна проценка, но поради високото ниво на несигурност, во некои случаи евалуацијата можно е да се разликува од крајниот ефект на судскиот спор.

***Данок на солидарност***
На 25 септември 2023 година стапи на сила Законот за данок на солидарност и истиот е применлив само за 2023 година. Основата за пресметка се резултати од изминати години. Согласно одредбите од законот, утврден е дополнителен данок. Даночната стапка е 30%. Данокот на солидарност е еднократна јавна давачка за 2023 година, меѓутоа не се пресметува и плаќа врз основа на реалниот резултат за 2023 година, туку на номинална сума поврзана со резултатот – даночна основа за годината завршена на 31 декември 2022 година и по одредени корекции. Раководството смета дека данокот на солидарност не ја задоволува дефиницијата за барањата на МСС 12 – Данок на добивка и затоа е прикажан како Други оперативни трошоци во Билансот на успех во Годишната сметка и Финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2023 година. Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 5 февруари 2025 година, донесе Одлука според која се поништува Законот за данок на солидарност. За враќање на платениот данок, Министерството за финансии предложи решение на Друштвото, износот да се врати на две рати почнувајќи од март 2026 година и поради ова Друштвото го призна износот како друг приход во текот на 2025 година.

***Глобален минимален данок на доход – Столб II***

Северна Македонија усвои нов закон за минимален глобален данок од 15%.

Новиот закон има за цел да обезбеди минимално ефективно оданочување од 15% за големи мултинационални и домашни групи, слично на правилата утврдени од ОЕЦД и имплементирани преку Директива во Европската Унија (видете ја Забелешката 5 за повеќе детали).

## 3. Управување со финансиските ризици

### 3.1 Фактори на финансиски ризик

Друштвото не користи хеџирано сметководство за прикажување на финансиските инструменти, при што добивката и загубата се прикажува во Извештајот за сеопфатна добивка. Друштвото е изложено на ризик од движење на девизните курсеви и пазарните цени кои што влијаат врз средствата и обврските. Целта на управувањето со финансиските ризици е да се ограничи влијанието на овие пазарни ризици преку оперативни и финансиски активности.

**Пазарен ризик**

Пазарниот ризик се дефинира како „ризик од флуктуација на пазарната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти како резултат на промена на пазарните цени,, и вклучува каматен ризик, валутен ризик и други ценовни ризици. Најголемиот дел од приходите на Друштвото се остварени во македонски денари (МКД), а преостанатиот дел во ЕУР и мал дел во УСД.

Најголемиот дел од трошоците на Друштвото се остварени во ЕУР, делумно во УСД и преостанатиот дел во МКД. Како резултат на тоа, целта на Друштвото е да го минимизира нивото на финансискиот ризик во МКД услови. За презентација на пазарните ризици според МСФИ 7, потребни се сензитивни анализи за прикажување на ефектите од хипотетички промени на релевантните ризични варијабли на добивката или загубата или акционерскиот капитал. Периодичните ефекти се детерминирани од поврзаноста на хипотетичките промени на релевантните ризични варијабли со билансот на финансиските инструменти на денот на Извештајот за финансиска состојба. Салдото на денот на Извештајот за финансиска состојба ја прикажува цела година.

Тековните глобални артикли се во постојано флуктуирање на пазарот што резултираше, меѓу другото, во нестабилност на цената на суровата нафта. Целосниот степен на влијанието на овој развој на пазарот покажа дека е невозможно да се предвиди или целосно да се заштити од таквиот ефект на пазарот.

Раководството верува дека ги презема сите неопходни мерки за поддршка на одржливост и раст на бизнисот на Друштвото во сегашните околности. Сепак, идните флуктуации на пазарот не може да се предвиди со точност и прецизност.

**Валутен ризик**

Функционалната валута на Друштвото е Македонскиот денар (МКД). Изложеноста на валутен ризик на Друштвото е поврзано со поседување на странски валути и оперативни активности преку приходи од и исплати кон меѓународни друштва, како и капитални трошоци врз основа на договор со добавувачи во странска валута.

Друштвото управува со валутниот ризик преку намалување на бројот на договори со странски компании во УСД, и воведување договори во ЕУР. Друштвото поседува мали парични резерви во УСД валута. Друштвото користи парични депозити во МКД или депозити во МКД со девизна клаузула во евра.

## 3. Управување со финансиските ризици (продолжение)

### 3.1. Фактори на финансиски ризик (продолжение)

**Валутен ризик (продолжение)**

Сепак, набавната цена на нафтените деривати на кои се набавуваат од поврзани субјекти на Друштвото е деноминирана во ЕУР, освен еден производ кој е деноминиран во УСД ,но сите деривати се поврзани со цената на нафтата и нафтените деривати на светскиот пазар, кои исто така се деноминирана во УСД. Следствено, постои инхерентен деловен ризик поврзан со овие трансакции.

**Каматен ризик**

Каматниот ризик претставува ризик од флуктуација на пазарната вредност или идните парични текови на финансиските инструменти поради движење на пазарните каматни стапки. Промената на каматните стапки и каматните маржи може да влијае врз финансиските трошоци и финансиските инвестиции.

Промената на пазарните каматните стапки влијае врз приходот од камати на банкарски депозити. На 31 декември 2025 Друштвото има краткорочбни депозити во во износ од 2.839.000 илијади (2024: 1.845.000). Доколку каматната стапка е за 1% (2024: 1%) поголема или помала во однос на договорената каматна стапка, добивката по оданочување ќе изнесува МКД 18.450 илјади (2024: 0 илјади) поголема или помала, соодветно.

**Г) Ценовен ризик**

Друштвото има изложеност на цените на стоките на ниво на цените на нафтени деривати. Тоа влијае на вредноста на залихите и продажните маржи, кои пак влијаат на идните парични текови на друштвото. Во случај на ценовен ризик, нивото на изложеност се определува со износот на залихите по цена на секој датум на билансот на состојба. Политиката на друштвото е да ги прикаже своите залихи по вредност пониска од историската набавна вредност и нето-реализирана вредност, а на резултатот влијае намалувањето на сметководствената вредност на залихите.

Обемот на изложеноста директно се однесува на нивото на залихите и стапката на намалување на цената. Изложеноста на продажната маржа се однесува на апсолутното ниво на маржа генерирана од работењето на рафинериите, главно поттикната од регулираните цени за домашниот пазар од страна на владините органи и Platts цените за странскиот пазар. Друштвото управува со ризикот на изложеност на маржа со оптимизација на производството и увозот, со цел да има поволно ниво на залихи за да ја контролира продажната маржа.

**Д) Кредитен ризик**

Кредитниот ризик се дефинира како ризик од неисполнување на обврската од едната страна предизвикувајќи загуба за другата страна. Друштвото е изложено на кредитен ризик преку оперативните активности и одредени финансиски активности. Процесот на управување на кредитниот ризик од оперативните активности вклучува превентивни мерки како што се проверка на кредибилитетот и превентивни забрани, корективни мерки во текот на законските односи како на пример, активности за опоменување и исклучување, соработка со агенции за наплата и наплата по законски односи како што се процеси на оптужување, судски постапки, вклучување на извршната единица и факторинг. Задоцнетите плаќања се следат преку постапка на проследување на долгот врз основа на видот на корисникот, кредитната класа и износот на долгот. Кредитниот ризик се контролира преку проверка на кредибилитетот - што утврдува дека корисникот нема долг и кредитната вредност на корисникот и преку превентивни забрани – што го утврдува кредитниот лимит врз основа на претходните трансакции.

## 3. Управување со финансиските ризици (продолжение)

### 3.1. Фактори на финансиски ризик (продолжение)

### Д) Кредитен ризик (продолжение)

Процедурите на Друштвото обезбедуваат на перманентна основа продажбата да се извршува на корисници со соодветна кредитна историја и да не се надминува лимитот за изложување на кредитен ризик.

Друштвото има банкарски гаранции, хипотеки и меници, како и останати средства за обезбедување со купувачите со цел да ја осигура нивната наплата. Друштвото не гарантира за обврските на други страни. Максималната изложеност на кредитниот ризик е претставена преку вредноста на финансиските средства во Извештајот за финансиска состојба.

Друштвото смета дека максималната изложеност е претставена преку износот на побарувањата намалени за исправката на вредност и износот на банкарските депозити, на датумот на Извештајот за финансиска состојба. Раководството соработува со најеминентните банки кои се во домашна или странска сопственост на домашниот пазар.

**Кредитен ризик (продолжение)**

Побарувањата од купувачите во износ од МКД 7,256 илјади (2024: 552илјади) се побарувања кои се доспеани, а за кои не е направена исправка. Истите во најголем дел се однесуваат на побарувања со застареност не повеќе од 30 дена, за кои нема случај на неплаќање во претходните периоди и се обезбедени со колатерал. Повеќе детали се презентирани во Белешка 11.

### Ѓ) Ризик на ликвидност

Ризик на ликвидност претставува ризикот од неспособност на Друштвото да ги исплати своите обврски навремено. Политиката на Друштвото е да одржува соодветен износ на пари и парични средства со цел да ги подмири обврските во иднина. Секој вишок на парични средства најчесто се депонира во комерцијалните банки.

Процесот на управување со ризикот на ликвидност вклучува проекција на паричните текови според девизни валути и утврдување на потребниот износ на ликвидни средства, земајќи ги во предвид бизнис планот, наплатата на побарувањата и одливот на парични средства. Редовни проекции на паричните текови се подготвуваат и надополнуваат од страна на оддел за плаќања.

## 4. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| **2025** | **МКД** |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| Состојба на 1 Јануари 2025 | ***130.777.818*** |
| Зголемување | 12.836.317 |
| Нематеријални средства во подготовка | 702.402 |
| Состојба на 31 Декември 2025 | ***144.316.537*** |
| **Исправка на вредноста** | |
| Состојба на 1 Јануари 2025 | 100.781.587 |
| Амортизација | 9.249.094 |
| Состојба на 31 Декември 2025 | 110.030.681 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2025*** | ***34.285.856*** |

| **2024** | |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| Состојба на 1 Јануари 2024 | ***122.280.123*** |
| Зголемување | 8.497.695 |
| Аванси за нематеријални средства | - |
| Состојба на 31 Декември 2024 | ***130.777.818*** |
| **Исправка на вредноста** | |
| Состојба на 1 Јануари 2024 | 92.772.145 |
| Амортизација | 8.009.442 |
| Состојба на 31 Декември 2024 | 100.781.587 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2024*** | ***29.996.231*** |

## 5. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Земјиште | Згради | Машини и опрема | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **На 31 декември 2024** | | | | | |
| Набавна вредност | **247.318.812** | **3.326.495.765** | **6.741.693.253** | **305.025.027** | **10.620.532.857** |
| Акумулирана амортизација | - | (3.079.969.026) | (6.208.492.625) | - | (9.288.461.651) |
| **Нето книговодствена вредност** | **247.318.812** | **246.526.739** | **533.200.628** | **305.025.027** | **1.332.071.206** |
| | | | | | |
| **На 01.01. 2025** | | | | | |
| Почетна нето книговодствена вредност | 247.318.812 | 246.526.739 | 533.200.628 | 305.025.027 | 1.332.071.206 |
| Зголемувања | - | | | 261.246.574 | 261.246.574 |
| Пренос од инвестиции од тек | - | 10.547.777 | 232.512.767 | (243.060.544) | - |
| Намалување/ Продажба | - | (12.875.454) | (38.292.403) | - | (51.167.857) |
| Амортизација | - | (17.880.429) | (78.631.751) | - | (96.512.180) |
| Намалувања на исправка на вредноста | - | 12.875.454 | 38.292.403 | - | 51.167.857 |
| **Крајна нето книговодствена вредност** | **247.318.812** | **239.194.087** | **687.081.644** | **323.211.057** | **1.496.805.600** |

## 6. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 92.515.560 | 81.932.487 |
| Купувачи од странство | 118.201.529 | 200.562.357 |
| Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања | (64.692.745) | (66.904.273) |
| **Вкупно:** | **146.024.344** | **215.590.571** |

## 7. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Денарски жиро - сметки | 753.538.415 | 1.096.825.654 |
| Девизни жиро - сметки | 74.236.287 | 130.798.098 |
| Парични средства во денарска благајна | 6.473 | 4.922 |
| Девизна благајна | 156 | 156 |
| Исправка на вредност на депозит | (1.053.526) | (1.588.163) |
| Парични еквиваленти | 2.838.231.292 | 1.850.741.361 |
| **Вкупно:** | **3.664.959.097** | **3.076.782.028** |

## 8. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Вкупниот број на обични акции изнесува 846.360 обични акции со номинална вредност од ЕУР 51,12 по акција (2024: 846.360 со номинална вредност од ЕУР 51,12 по акција). Сите издадени акции се целосно платени.

Заклучно со 31 декември 2025 структурата на акционерите е како следи:

| | Број на обични акции | Вкупен број на акции | % од вкупниот акционерски капитал |
|---|---|---|---|
| ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А. | 724.360 | 724.360 | 85,59 % |
| ОКТА АД Скопје | 84,636 | 84,636 | 10.00% |
| Останати | 37,364 | 37,364 | 4,41 % |
| | **846.360** | **846.360** | **100 %** |

## 9. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

Нето книговодствената вредност на обврските кон добавувачи е следната:

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 371.442.411 | 449.629.313 |
| Добавувачи во странство | 384.255.908 | 489.131.743 |
| **Вкупно:** | **755.698.319** | **938.761.056** |

## 10. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБИ

| | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Продажби на домашен пазар | 27.711.211.203 | 30.495.356.396 |
| Продажби на странски пазар | 10.697.056.999 | 13.755.244.538 |
| Продажби на електрична енергија | 83.949.344 | 13.093.390 |
| | **38.492.217.546** | **44.263.694.324** |

Лице одговорно за составување на белешките

Законски застапник на друштвото

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво